ТИХОМИР СТОЈАНОВСКИ



# ГИМНАЗИУМ

Тихомир Стојановски

# ГИМНАЗИУМ

## (или како ја размножувавме умноста)

Скопје, Македонија
2003

ЛИЦЕУМ
ЕДИЦИЈА

...текстовиве се објавени во "ЛИК" во весникот "Нова Македонија" од 27.02.1999 до 21.03.2001 година и во списанието на Матицата на иселениците - "Македонија".
Последните три текста се објавени во списанието "Комплетна"...

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски" Скопје

821.163.3 - 4

СТОЈАНОВСКИ, Тихомир
Гимназиум(или како ја размножувавме умноста)
/ Тихомир Стојановски. - Скопје :
Културен центар "Скрб и утеха", 2003.
- 204 стр. 21 см. - (Едиција Лицеум; кн. 11)
Корица предна: Статуа на Божицата Тиха во Дион
Корица задна: Главната улица во Дион -
светиот град на Македонците

Препрочитување на македонската приказна /
Гоце Ристовски: стр. 8 - 9

ISBN 9989 - 9557 - 7 - 8

COBISS - ID 51294474

## Стихови од пророштвата на Нострадамус:

"...НЕПРИЈАТЕЛИТЕ СЕ ДАЛЕКУ ОД СИЛАТА,
КРЕПОСТА Е ДОНЕСЕНА СО ДВОКОЛКИ:
ЅИДИНИТЕ НАД БУРГЕС СЕ РОНАТ ОД ВРВОТ,
КОГА ХЕРКУЛ МАКЕДОНЕЦОТ ЌЕ ГО НАПАДНЕ..."

"...ГОЛЕМА БИТКА СЕ ПОДГОТВУВА ЗА НЕНСИ:
МАКЕДОНЕЦОТ ЌЕ РЕЧЕ: ЈАС ЌЕ ГИ ПОКОРАМ СИТЕ.
БРИТАНИЈА СЕ СКРБИ ЗА ВИНО И СОЛ,
НА РАБОТ. И ФИЛИП ВТОРИ НЕМА ДА ГО ЗАДРЖИ МЕЦ ЗА ДОЛГО..."

"...МАКЕДОНЕЦОТ ЌЕ ГИ ПРЕМИНЕ ПИРИНЕИТЕ ВО МАРТ
НАРБОНА НЕМА ДА ОДОЛЕЕ
ТОЈ ЌЕ ГИ РАЗНЕСУВА СВОИТЕ СПЛЕТКИ
ПО КОПНО И МОРЕ
НАМЕТНАТИТЕ НЕМА ДА ИМААТ КАДЕ ДА СЕ СКРИЈАТ..."

# СОДРЖИНА


Препрочитување на македонската приказна
- Гоце Ристовски 007

Глаголи Македонијо! 009
Продавачи на елинизмот 012
За македонската светост 014
Честит Божик, Македоне! 017
Букефал си дојде дома 019
Во залог на глосата 022
За македонскиот град 024
Блазе тебе трендафиле 027
Заборавајќи ја првоста 029
За македонското престорување 032
За македонското имање 034
Каде царува апсурдот 036
За македонската немост 038
Кога боли зборот 040
За македонските свраки 042
Враќањето на словарите 045
За историскиот албинизам 047
Сподели Македонијо 049
Мигнувањето на Мигне 051
Враќањето на Светиот Дух 054
Кундерштината меѓу книгите и бродовите 056
За сценските зандани 059
Записи од опеаниот дом 061
Солза на непознатиот гледач 064
Честит панаѓур, Македонијо 066
Свиркање и сликање 068

За македонската врата 070
Башибозуци и рецкари на историски лаги 073
Стерната на сценскиот бард 075
Сечи брате мили! 078
Чернодрински е мртов, да живеат фестивалите 080
И едните и другите 082
Правото да се биде 085
Скалите на Скалион 087
Летај, ластовичке моја 090
Печатење по нашки 092
Т'га за пеанот 094
Сонувај Апостоле мој 097
Чекорење со умот 099
За црпката и за лирата 101
Цепи, брате театарски! 104
Граникот на македонскиот воин 107
Речниот бог Аксиј 110
Да го убиеме тоа време 112
Какво ќе ти биде името? 114
Проста македонска приказна 116
Тетовирани мисли 118
Ех, колкава си Македонијо! 120
Гракај брате мили 123
Берејќи ги грозјето 125
Капината на Ахил Апостолов 127
За македонските ѕидишта 130
Поштарот ѕвони три пати 132
Разграѓанувањето на градот 134
Допирот на болката 138
Бојата на солзите 141
На која страна од мајкава земја се простира Македонија 144
За свадбата и за пиштолите 148
Лебеа љубов моја 151

Кога Македонците го прегазија Истар(Дунав) 154
Божјиот мартир на Војдан Поп Георгиев Чернодрински 157
Евангелие по Јоан К. 160
Записи од театарската хирургија 163
Умри комунизму, да живее Македонија 167
Трите бандери на кумановската бара 170
Каде се земјо моја? 173
Денот на македонското сознание 176
Средба со театарскиот апостол 179
Време за македонската гордост 183
Не можам да празнувам со вас! 187
Споменот на љубовта 190
За солунскиот сон 193
За македонскиот измирски сон 197

Биографија на авторот 201

## Препрочитување на македонската приказна

Книгата "Гимназиум" од Тихомир Стојановски е зборник од текстови објавувани, во прилогот за култура - ЛИК на весникот "Нова Македонија", во периодот кога повторно се откриваше и препрочитуваше потиснатата, заборавена и отфрлена македонска историска приказна. Колумната која, луцидниот пишувач и темелен аналитичар, Стојановски ја објавуваше во текот на две години, со својот, често, полемички став и изнесување на податоци и факти, што подолго биле покриени со патината на едноумното време и правта на идеолошко-политичката историска вистина, предизвика интересирање во јавноста, а не ретко и конкретни реакции не само од читателите од Република Македонија, туку и допирајќи ги срцата и душите на читателите меѓу Македонците во бројната дијаспора, притоа не давајќи конечни одговори, туку поначесто загатнувајќи ги можните одговори во свеста на консументите на овие своевидни писанија.

Она по што, исто така, се препознатливи овие текстови е стилот на Тихомир Стојановски, кој мошне успешно во овие писанија се користи со литературните искуства на врвната македонска современа литература, пред сé со концизниот ракопис на Чинго, Точко и други, поврзувајќи го со историските прекршувања на минатото, сегашноста и иднината. Поведувајќи ги своите читатели на патување заедно со дамарите на зборот, што би се рекло, овие потраги на Стојановски по суштината на нашето постоење и битисување на македонските простори, тој ги веде од

историскиот арте факт и ги надградува со златна алка, како белегзија на видовитите, од која се ткае музиката на поетското во раскажувањето, со доминантните црна и црвена македонска судбинска нитка - боја...

Особено ми е чест што, можеби нескромно звучи, дадов и самиот придонес во публикувањето на овие исклучителни текстови како уредник на редакцијата за култура во весникот "Нова Македонија".

*Гоце Ристовски*

Коложег 17-ти, година 2003-та
Скопје, Македонија

# ГЛАГОЛИ МАКЕДОНИЈО

"Каква предннина можат да имаат пред нас другите народности?" - се опитуваше Григор Прличев. Понатаму запишал: "Секој писател треба да пишува во духот на народот свој и на епохата своја". Беше летото господово 1860-то. Беше изборот на годишниот конкурс на атинскиот универзитет. За него, како и за многумина други, стол немаше. Стоеше простум надвор од себе си. Го доби венецот. Конкурираше со поемата "Сердарот". "Сакаш ли да те претиме во Оксфорд или во Берлин да се учиш на државна сметка?" - го прашаа. Станувашe збор за стипендијата на грчкиот (баварски ) кнез Отон. "Нужда велика е да одам дома!" - Им рече. Ги одби. Го нарекоа втор Хомер. Го славословосуваа. Беше тоа времето кога се нормираше современиот грчки јазик. Беше тоа времето кога по стапките на Пушкин, кој го издвои рускиот, или помогна да стане тоа рускиот јазик да ја почне својата самостојност од средновековниот македонски, тоа веќе го чинеа и другите браќа по јазик и религија, на пример Србите и Бугарите. Времето кога покрај грчкиот, се нормираа, се озаконуваа и бугарскиот и српскиот јазик.

Григор Прличев потаму се обиде да пишува, како што запишала и мајката историја на ПАН-словенски јазик. Се разбира дека беше напаѓан и од едните и од другите кои беа сосема на друга патека кон регионално јазично затворање. "Јас кој на грчки пеев како лебед, на словенски не можам ни како був! Бев како и денеска што сум слаб во бугарскот јазик?!"

- запишал Прличев.

Само шеесет години пред тоа германскиот лингвист Лудвиг Фон Пасоф откри идентични зборови во Хомеровиот оригинал со чешкиот и словачкиот јазик. Подоцна Макс Фасмер на Русите им го создаде етимолошкиот речник. Што бара еден Германец да им создава речник на Русите? Сеедно чешкиот и словачкиот јазик водат потекло од античкиот и средновековниот македонски. Види Webster's dictionary 1967.

Сто години по откривањето на Лудвиг Фон Пасоф излезе книгата на Константин Чулкас, печатена во Атина, во која се вели дека: "локалниот идиом кој го зборуваат "славомакедонците" од околината на Лерин води потекло од раниот Хомеров јазик". Книгата е полна со споредбени табели од македонски зборови. И конечно овојпат, по 80 години, до истите сознанија независно еден од друг, во врска со јазичната сличност на Хомеровиот и македонскиот јазик дојдоа Одисеј Белчевски од Торонто и проф. д-р Ташко Д. Белчев од Скопје.

Прашања за македонските лингвисти:

-Кој го крие Хомеровиот оригинал?

-Зошто еден Германец на Русите им создаде етимолошкиот речник?

-Како етимолошки ќе го објасните поимот Русин?

-Зошто во последното издание на Webster's dictionary поимите антички и средновековен македонски се заменија со словенски?

Григор Прличев стоеше простум во преполнетата сала кога ја објавија наградата. Го нарекоа втор Хомер. Ништо не е случајно, најмили

мои Македонци. Во тоа време се создаваше современиот грчки, се нормираа рускиот, српскиот, бугарскиот и другите "братски" јазици.

Како е можно современиот грчки да нема никаква врска со јазикот кој го нарекуваат "старогрчки"? Нели тогаш не станува збор за еднородни јазици?

Вториот Хомер ја одби стипендијата и си дојде дома и македонски си ги тргаше теглилата. Беше тоа 19 век, времето кога се создаваа европските, балканските нации, времето кога се делеше македонскиот етност и култура, на постмакедонски словенски постоења. Пост кирилометодиевски чеда на солунскиот македонски дијалект со кој ги преобратија своите рецкарски браќа со словата. Со македонските слова.

Аз, Буки, Веди, Глаголи...Живејте. Људи. Земјата. Наша. Покој. Раци. Слово. Македонија.

Стоеше простум вториот македонски Хомер Прличето и словословуваше таа 1830 сред атинската клика. Потоа им рече "не" и си појде дома.

Беше тоа македонскиот црн 19 век. Глаголи Македонијо, мајко мила и светице. Глаголи...

# ПРОДАВАЧИ НА ЕЛИНИЗМОТ

Скрши ден далеку од Атина. Во ушите сé уште му одекнуваа навредите. "Окупаторски филозоф! Еден од Александровите генерали! Аристотел оди си дома! Марш од Атина!" Штотуку атинците ја разбраа веста за смртта. Умре Македонецот. Умре големиот цар. Умре ослободителот на светот. Умре за вечно да живее. Претходно се обиде да го обедини светот. Рече откако го порази Дариј третиот персијанецот: "Нема повеќе да има ниту Персијци ниту Македонци, од денес сите сме браќа!" Да, така рече македонскиот цар Алаксандар Третиот.

Кога Бореј, брзокрилиот, хомеровиот ветер ја донесе веста за умирањето, Аристотел мораше да ја напушти Атина. Го нарекуваа: ОКУПАТОРСКИ ФИЛОЗОФ, или еден од Александровите генерали. Тоа го запишал Полибие. И тој веројатно бил еден од Александровите генерали кои по поразот на Пидна и македонската прва поделба на четири служеше во римската администрација. Нели и Цицерон во писмата запишал дека во римските легии Римјаните се војници, а Македонците се генерали. И оттогаш е изреката: "Мачедони тути команданти!" Оттогаш. И веројатно оттогаш нашите археолози кога ќе копнат во македонската земја и ќе откријат некое камче ќе го крстат пред римски период веројатно плашејќи се да го помислат зборот македонски. Како пред римскиот перод во Македонија да живееле некои предримјани. Нејсе.

Аристотел скрши ден подалеку од Атина по смртта на царот. Атинците дури го обвинија за

безбожност. Сеедно. "Татко му Никомах му беше личен лекар на Аминта дедо му на Александар Третиот Големиот и таткото на Филип Втори. Филип Втори и Аристотел беа врсници и заедно растеа на македонскиот двор. Подоцна, се разбира, му станува учител на Александар". (Види Ангелина Маркус "По трагите на славните Македонци" ) И така првата елинизација на Аристотел беше со обидот за учителите. Првиот учител на Аристотел, мислам за тоа место беше кандидиран Сократ. Нели " мил ми е Сократ, ама помила ми е вистината". Меѓутоа Аристотел се родил 15 години по смртта на Сократ и така Сократ веќе 15 години умрен ја напушти кандидатурата. Вториот кандидат беше Платон. Нели во стилот: "мил ми е Платон ама помла ми е вистината". Божем тоа го срочил Аристотел. Всушност Платон и Аристотел никогаш не се сретнале. Платон е идеалист, а Аристотел е материјалист. Платон имал 43 години кога се родил Аристотел. Дури и во својот тестамент Аристотел целата своја оставнина ја дава на управување на македонската држава, на Антипатар и на своите ученици. Овие податоци ги извлеков од книгата на госпоѓа Маркус за да престанеме да манипулираме со термините старогрчки и предримски и да го употребуваме она МЕКЕДОНСКИ.

Впрочем ако Аристотел беше нарекуван ОКУПАТОРСКИ ФИЛОЗОФ од страна на атинците дали тогаш може да стане збор за ист народ, род, пород меѓу атинците и Македонците?

И веројатно нашите археолози кога ќе копнат по македонската земја како продукт на политичката историја на доминација откопуваат предримски,

старогрчки, римски, елински, тракиски, илирски, пеонски, фригиски, византиски, рано-христијански и други пост македонски периоди од арте фактите на светата македонска култура и цивилизација. Небаре она македонски како да им прилега на сите само не нам на Македонците.

Аристотел кршеше ден далеку од Атина кога Бореј брзокрилиот ветер ја донесе веста за смртта на Македонецот. Беше тоа македонскиот период од создавањето на светот кој политичката историја на доминација го продава како елинизам.

## ЗА МАКЕДОНСКАТА СВЕТОСТ

Леташе со брзината на светлоста, со брзината на светоста. Леташе, бараше место за да слета. Место неогреано, неосветлено од слнцето. Ја гонеше клетвата на љубоморната и завидлива Хера, ја изгони да полета високо, високо со сончевината. Хера секогаш така се пресметуваше со соперничките, голем мераклија на жени беше громовникот Ѕеус, голем. Ја обљуби Лето, ја затрудне и еве сега ја прогонуваше Хера. И фрли клетва дека не може да се породи на место кое што го огреало сонцето. И фрли. Само ја заборави Остригија, ја изуми дека и нејзе и имаше фрлено мерак Ѕеус и така бегајќи од него се престори во камен и потона на дното на белото море. Остригеја. Или жена (Геја, Гена, Жена) остров. Сестрата на Лето.

Летај убавице. Летај. Вишнееше преку солената вода на белото море. Солени капки и го штипеа виделото и слета прелестната убавица на

женскиот остров Остригија откако сестра и исплива од морето. Во белосветските речници ќе најдете дека Остригија на грчки јазик значи потполошка?! Всушност со тоа само се потврдува приказната за древно-македонското митолошко царство, навистина Остригија (островот жена) бидна потполошка откако се положи себе си за место каде што ќе се олесни и породи Лето.

Потоа приказната продолжува дека Лето се мачеше со трудови болки десетина дена повторно по заслуга на завидливата Хера. Издржа убавата Лето и роди близнаци. Аполон-пол-половина и Артемида, теме, теменид, теменидовци- династијата на Александар Македонецот од Рупишта Костурско, според проф. д-р Ташко Белчев. По извршената делба на близнаците островот го нарекоа Дело или Делос - остров што плови. И во нејзина чест Македонците и громовникот Ѕеус го завикаа најтоплиот период од годината исто како и Лето, лето.

Ова е само една малечка македонска трага од митолошката македонска империја. Нели според Страбо (антички историчар и географ) Олимп се наоѓа во границите на Македонија. А пак Македон е еден од олимпските богови. Син на Ѕеус и Тија. И ние Македонците сакале или не не можеме да го пренебрегнеме тој обичен олимпски Божји факт. Македон нашиот предок кој ни го дал името. По кој се именуваме и препознаваме. И логично е нашата историја да го следи Божјиот континуитет од Олимп до денеска.

Спротиставеност на олимпската митолошка македонска империја се фамозните Словени кои дошле и се крстиле според територијата на која се

населиле?! Дајте ми друг историски пример за таква глупост и недоветност. Словените, читај Илирите, читај Скитите, дошле од Скитија како што се именувал горниот "див" дел над Македонија (види антички карти). Скитија - скит оној кој скита збор содржан во современиот македонски. Во тој случај ние немаме право да се нарекуваме Македонци. Или не помалку право од нашите фамозни соседи?! Во името на словенството и илирството.

Или пак македонската неолитска куќа светилиште датирано 5000 години пред оваа ера, која можете да ја видите во градските музеи како оној во Прилеп. Таа приказна ја раскажа арх. Вангел Божиновски на трибините "Македонците од древнина до денеска" кои се одржуваа на дионисовите чествувања "Мину Угриновска" секој февруари четири години station наназад.

Еве не повторно во едно врнежливо лето кое ме потсетува на Лето од македонската митолошка империја, Македонци мои. Летај убавице, летај.Со брзината на Божјата светост.

# ЧЕСТИТ БОЖИК МАКЕДОНЕ

Се фати за еден скоравен збор за да има наум да се врати. За еден скопен збор. Без разлика дали беше писан со мало или со големо слово. Содржината, духовната големина не се менуваше. Дума. Слово. Речено-кажано. Древно. Еден од најславните олимписки богови, Ѕевсовиот синко мајчин, доби скорнување, внатрешна духовна потреба да дојде и да ја види таа убавица, таа земја ветена, древна, делена, ппределена, ограбена, мала-голема Македонија. Дојде да ја види неговата земја. Онаа која името му го носеше. Народот кој се нарекуваше по него.

Беше Божик кога Богот пристигна - првиот, вториот, нашиот, нивниот?! Има ли неколку Божји денови, има ли неколку стари и нови години, има ли неколку Богови или тој е еден? Беше, дојде Богот Македон- нашиот предок дојде да се фати за да не му скопне зборот. Го погоди она за големата и малата буква, го стресе, го скрбна. Како може Божјото име да биде писано со малечка, или она што остана од него? Го допре до душата, го заболе. Да се пишува со малечка буква неговото Божјо постоење откако ќе му се додаде наставката -СКИ, МАКЕДОН- ски, додадено едно малечко -ски и останува со малечка буква?! И не само тоа - го скорна него од Божјото мирновремие македонскиот синдром дека сите околу Македонецот имаа повеќе право над Македонија од самите Македонци, сите тие, словенковци, византоиди, илироиди, православноста, римскоста, единството, граѓанизмот, средномракобието, османлиството, европството кое некако најлесно се

римува со ропството, дојде на Божик да си ги расчисти сметките со својот народец, со народот кој се именува по него. Се фати за еден закоравен - древен збор за неговата малечка голема буква.

Македон -епонимен херој на Македонија, син на врховниот прво Бог Ѕеус и Тија според древно-македонската митологија. Име кое е старо најмалку 4000 години. Име кое го прославија Македонците на Александар Големиот, име кое трае и денес во република Македонија. Име кое го преживеа доаѓањето на Исус Христос.

Беше Божик. Македон дојде по своето. Го скорна еден скопен збор.

-Уважениот, уважениот! Ете го уважениот лично.

Питиски опити:

-Знаат ли Македонците кој е нивниот Господ?

-Важат ли за Господ правописните правила? Правописните правила срочени под југословенството?!

-Речникот на македонскиот јазик сосе српско-хрватските толкувања од среден формат не ги содржи зборовите од поделената Македонија заради: разликите од бугарството, приближувањата кон српството, средниот формат, или заради државните меѓници?!

Македонија нема ниту толковен, ниту етимолошки речник заради:

А. Тоа што такви речници имаат Србите?

Б. Тоа што такви речници имаат Б´лгарите?

Ц. Тоа што нема пари да му се плати авторството на Богот МАКЕДОН?

Го скорна зборот. Го откорна од Олимп. Уважениот

не сум јас туку Македон. Јас сум "прост запишувач" на македонското величие, како што би рекол еден од Македонците со доблест Григор Прличето. Беше Божик. Верник сум во Бога. Верувам во Исус спасителот. Но, имам корава желба барем еднаш годишно да му оддадам почит и нему. На оној чиешто име го носиме. Нели и тој е Господ Бог или негово чедо. Во залог на македонскиот правопис.

Честит Божик Македоне. Бог се пишува со голема буква без разлика на опашката на зборот. Благословена да си МАКЕДОНИЈО.

## БУКЕФАЛ СИ ДОЈДЕ ДОМА

Како што му доликува на коњ, со царскиот кас, гордо и достоинствено си дојде дома. Се врати Буклето. Фала му на Господа си дојде. Приказната за Буклето е врзана со сонцето и со кутлето. Никој од Македонците не можеше да го јавне. Се обидуваа едни, други, сите ги отфрлаше. Беше вистински дифтар. Едноставно некои работи на некои луѓе не им се дадени од Бога. Стои Александар и се чуди, не може да се изначуди. Тогаш сѐ уште беше само син на македонскиот цар Филип Второто. Им дофрли гледајќи ги опитите со Питиска двосмисла. "Каков коњ сакаат да загубат, само затоа што не можат да го јавнат?" Потоа му пријде. Го погали по ноздрите, му го заврти лицето спроти сонце и го бодна во див галоп. Само Александар можеше да го јавне. Потоа го нарече Букефал. Букле -голем, фал глава, како кефало, оној што има кефало, кому ќе му ќефне. Фал, фалба, пофалба-фаланга - глава главнина. Или

некому кому во умот му фали - недостасува. Го кажуваше Букефал.

Букле добро го запамети сонцето. Македонското сонце, затоа што го заслепи пред Александар Македонски да го бодина. Да го јава. Се врати Букле небаре првоповикан од "букефалистите", новото именување на луѓето кои го следат и се гордеат со македонскиот цивилизациски континуитет. Стои Буклето и мавта со опашката. Во забите држеше некакви книги. Стои, гордее на аголот меѓу старата чаршија, новиот театар и младата библиотека. Се погледнавме во очи. Македонец и коњ. Или коњ кој беше Македонец како и оној кој го јаваше. Некому едноставно не му е дадено. Мрда со опашката и го остава врзулчето со книги. Беше дојден небаре првоповикан да ни донесе дарови од царот.

Првата книга беше Webster's seventh new kollegiate dictionaru од 1967-ма. Таму пишува дека од античкиот и средновековен македонски јазик се изведени следниве јазици: македонски, бугарски, српско-хрватски, словенски, словачки, полски, виндиш, кашубијски, руски, полобиен, украински, белоруски...страница 429-та.

Втората книга беше Б´лгарски етимологичен речник, том први, таму пишува дека зборот Б´ЛГАР е турано-татарски и значи збирштина. Третата книга беше "Македонскиот конфликт" на Л.М. Денфорт. Таму пишува дека зборот б´лгар првин се употребувал за луѓето кои зборувале турски, а потоа словенски?!

Ги остави Букле трите книги на аголот помеѓу старата чаршија, новиот театар и младата библиотека. Беше красен македонски коњ. Не му беше дадено секому да го јавне. Му појде тоа од рака на царскиот

син Александар. Потоа Македонецот го завладеа светот.

Ги положи книгите на аголот знаејќи дека колку да дува ветерот планината не може да му се поклони. Не, не мислеше на Пирин, туку на Олимп. Дојде заради "букефалистите". Прекар, грд и зол за Македонците кои се гордеат со македонскиот континуитет.

На меѓникот, на граникот меѓу старата, новиот и младата стојат трите книги. И колку и да дува тој ветер тие не ќе можат да му се поклонат. Не, на некои луѓе едноставно не им е дадено од Господа.

Јавај Македонецу, царски ату со сонцето во галопот твој. Остатокот е приказната за коњските опашки.

Три книги донесе еден коњ за македонскиот народ. Раснат како планината. За да не заборавиме кој кому треба да му се поклони.

Или: "Каков коњ сакаат да загубат, затоа што не им е дадено да го јавнат?! "

# ВО ЗАЛОГ НА ГЛОСАТА

Македонците удираа со копјата и штитовите. Трештеше. Овојпат гласаа како еден. Собранието на Македонците под оружје, овојпат, не го избираше царот. Гласаа едногласно одбивајќи на атинците да им ги вратат посмртните останки на Еврипид. Беше 406-тата од македонската голема ера. Беше денот кога драмскиот автор, актерот, испушти душа. Две години пред тоа ја напушти Атина. Му се закануваа дека ќе го отрујат и со судење. На атинците не им се допаѓаше содржната на неговите дела. Беше тоа првиот изгнаник, првиот интелектуален прогон. Потоа Еврипид си дојде дома во Дион, во светиот град на Македонците во подножјето на Олимп. Му беше дворски хроничар на македонскиот цар Архелај. И таму ги напиша "Баханалиите", едно од неговите најдобри сочувани дела, инаку - прадедовски обреди и жртвувања во чест на Дионис на Аргеадската македонска царска лоза, несомнено задржани и денес во обредните верски - христијански празнувања.

Тој ден татнеше во собранието на Македонците под оружје. Не, не се избираше царот. Собранието изгласа дека посмртните останки на Еврипид треба да бидат закопани во Македонија. Па нели тој побегна, жив од таму, зошто сега умрен да го враќаат? И тој беше само МЕТОК за атинците. Дојденец. В-метнат. наметнат. Смет. Оној кој нема граѓанско право. Туѓинец. Интересно дека зборот МЕТОК до денска го задржал истото значење во македонскиот јазик и од тој древен збор се изведени редица други. Како на

пример зборот ПРО-МЕТ, или НА-МЕТКА или ПОД- МЕТ. Повторно основата МЕТ. Нели кога некој се метка. Или пак мете.

Со оглед дека историјата ја пишувале победниците, македонската наука мора добро да внимава на под МЕТНАтата теза дека од јазикот на древниот македонски народ не се зачувани ниту 100-тина глоси-гласа, гласини (уште еден македонски збор од древнината) и тој дел од нашата цивилизациска вредност допрва треба да биде расветлен.

Атина град држава во која граѓанското право се купуваше со пари. Со еден збор, трговски центар каде се купуваше и продаваше сé, дури и театарот?! Веројатно така и Еврипид заталкал таму. Приказната понатаму вели дека на местото каде што бил погребан драмскиот автор извирале две реки, едната добра за пиење, другата смртоносна.

Самите изберете од која вода, од кое било ќе се напиете, Македонци мои, но секогаш кога ќе се сетам на Еврипид како бега од Атина и си доаѓа дома во Македонија, си спомнувам за Војдан Чернодрински кој остана далеку од социјалистичкиот македонски театар и физички и духовно, иако театарските игри во Прилеп го носат неговото име. Во театрите речиси воопшто не беа поставувани неговите драми, а и беше закопан вон границите на тогашната Социјалистичка Република Македонија. Тогаш за разлика од Еврипидовиот случај, Собранието на Македонците - социјалисти воопшто немаше доблест да гласа. Нели во името на забранетата ГЛОСА - древен македонски збор, сочуван и додржан со истото значење и денеска. Во името на Војдан ( Поп Георгиев) Чернодрински.

# ЗА МАКЕДОНСКИОТ ГРАД

Јато птици слетаа од облакот и го колваа житото. Динократ се насмевна, му мигна на царот. Александар го бележеше местото каде што требаше да го посадат градот. "Никни граду мој, фати корен во мајката земја!" - мислеше Александар. Претходно како спространо привидение го сонуваше Хомера, сцената за Менелај и засолништето како предвидување за положбата на градот. Беше 7 цутар 331 од македонскиот период на владеењето на светот. Александар Македонецот му ја довери на Динократ улогата да го посади градот Александрија во чијашто библиотека се чувале преку 700.000 волуменски единици, книги.

Сепак духовен татко на александриската библиотека беше стагирецот. Окупаторскиот филозоф на атинците, или како што го нарекуваа еден од Александровите генерали. Аристотел. (види Полибие "Истории"). Еден од методите на собирање книги во Александрија било претресување на бродовите и земање на ракописите како надоместок. Аристотеловиот Лицеум имаше своја библиотека. Историјата започнува со писменоста. Храмот бил свето место за учење. ("Животот и судбината на старата Александринска библиотека" Мустафа Ел Абади ).

Јато птици го колваа житото, Александар му даде поттик на Динократ да започне да го посадува градот. "Никни убав граду победи ја минливоста!" - рече Динократ. Беше тоа истиот градител кој ја посади Светата гора. Доколку еден "ѕидар" повторно

го отсонува делото, својата камена уметност ќе почувствува дека одново треба да ја изгради. "Никни волшебен граду!" - рече. "Александрија! - прозборе Александар. Нека се именува така." Јато птици го клукаа житото.

Теофраст му беше наследникот на Аристотел. Плутарх запишал дека ракописите на Аристотел и Теофраст паднале во рацете на грубијани и незнајковци. Ги пленил Сила 86 година од римскиот период на владеењето на светот и ги однел во Рим. Ракописите од библиотеката гореле неколкупати како во цезаровата војна, ги плененеле книгите, ги пренесувале, учеле од нив. Гимназиумот според тестаментот на Теофраст имал религиозна основа да го множи умот. Го множи ум, ГИ МНАЗИ УМ. Како што Лицеум е врзано со личност и умност. Гимназиумот соджел СТОА место каде се стои и се учи, портал, перипатос -место каде се шета и се бирал патот на движењето. Пери, бери, патос, пат. Берипатос. Перипатос. Името на Аристотеловата метода на бирање на патеката. Или екседра (место каде се седнувало) и епистат - управител (постанат постат е поста- нат).

Александар Македонецот го сонуваше Хомер и го одбра местото за градба. Јато птици го осветија житото. Ѕидините на градот. Го посади Динократ царскиот архитект. "Никни волшебен граду!" - рече.

Таму се множеше славната библиотека ги множиум. Теофраст пак, аристотеловиот ученик 34 Божји лета управувал со Лицеумот, Гимназиумот во Александрија. Приказна која започна откако Македонецот го сонуваше Хомера. Хомер кој ги напишал своите дела "Илијада" и "Одисеј" шесто

години пред појавата на историските "елини"? Па како тогаш може да стане збор за нивната грчкост? Тоа ви е исто како да тврдите дека Јустинијан роден недалеку од денешното Скопје и царот Константин роден во Нашија (денешен Ниш) се Османлии?!

Историјата не е завршена. Таа е приказна која ви ја кажуваат за да не заборавите кој доминира и ја владее мајкава земја.

Остатокот е македонската слава, величие и континуитет до денешнава РЕПУБЛИКА.

Јато птици се гостеа со житото. Тоа Македонецот ги одредуваше ѕидините на градот кој го избра да биде светска престолнина.

Потоа се зафатија со работа ѕидарчињата. Никни волшебен граду! И не заборавај, кој те посади, кој те сонуваше, кој те изгради! Не заборавај граду мој, со царското , македонското ти име.

# БЛАЗЕ ТЕБЕ ТРЕНДАФИЛЕ

Го фати провидението. Следуваше длабока тевна, тегобност и потоа се јавуваа виденијата. Страданијата. Настраданиот се издиша. Ја присобра душата. Беше смајан, хомеруваше низ историјата. "Персија! - рече. -Персија ќе дојде во Македонија!" Офна. Нострадамус повторно имаше Богојавление, капна една солза. Го облеа синоста. Се попрска со вода синоќница. И се свена на синијата. Дојде во сегашнината.

Потоа светските историописци ги толкуваа виденијата. Тоа значело едно, ова значело друго. "Персија, Персија ќе дојде во Македонија!"- запишал Нострадамус.

Илјадници години пред тоа Македонија беше дошла во Персија. Македонецот го освои светот, го порази Дариј Третиот Перисјанецот, воведуваше еднаквост и братство меѓу народите, го облагородуваше македонскиот дух претворајќи го во светост и светскост. Македонија беше во Персија, беше во светот, го водеше светот. Се обидуваше да го обединува.

"Боже, очисти ме грешниот и помилуј ме!" - прошепоти. Ги виде Македонците како ги распнуваат. Ги зграѓанисуваат. Ги словенисуваат. Им ја думаат дуријата по римско, по елинско, по византиско, по турско, по партизанско, по коминтерната, им го прават тоа со демократија, мултикултура, по сожителски и по белосветските принципи на исчезнувањето. Му стежна душата. Офна.

"Блазе тебе трендафиле!" - му се обрати

видението. Тажиш. Си омекнал како презреана крушка. Ровариш по идентитетот. Гледаше безизразно пред себе. Потоа се слизна на софрата. Нострадамус ги прекина страданијата. Заспа. "Блазе тебе трендафиле! Поспиј си, ќе ти лекне." Продолжуваше видението.

Потоа на авторот му побегна мислата. Доби потреба да излезе. Рипна низ прозорецот. И се изгуби долу на улицата. Излегов по неа. Ме виде долу и почна да бега. Свртевме три круга околу собраниската "тврдина". Потоа ја оставив да забегува. Беше БОГОЈАВЛЕНИЕ. Го фрлаа крстот во речниот Бог Вардар, некогашниот "широкострујниот Аксиј" (Хомер "Илијада"). Македонските жени и понатаму по селата ткаеја "персиски" килими на разбојчињата. И понатаму може да се сретне женското име Перса низ македонскиот народец. И понатаму се препрочитуваат на Нострадамус страданијата. "Персија ќе дојде во Македонија!" - запишал. Историска отплата на македонскиот долг. Иако не се работи за Персијанците на Дариј. Ниту за Садам Хусеин. Туку за религиската сила која се обидува да ја преплоди Македонија. Ќе биде тоа уште еден обид. Ех, јаловино! После римско, лажното елинско, византоидноста, османлиството, словенштината, партизанското, доаѓа демократското.

Од митолошката македонска империја до нашава република. Од Богот Македон до она што не чека за да не бидеме било кој, било каде, за било што?! Нешто заради ништото.

Македонските моми ткајат персиски килими. Сé уште име по некое чупе кое се именува Перса. Нострадамус престана да страда. Персија дојде во

Македонија! Кралство за КОТИТО!? (македонска Божица на плодноста, се коти, се породува, се раскотува). И ние живи сме, тука сме, кај сме, под која крушка не чека Нострадамусовата слабост. Блазе тебе трендафиле! Ти побегнала думата, барем има што да ти забегува.

Една избегана мисла демне околу собраниската зграда и стрпливо ја чека својата Персија за да може да и´ дојде, надојде на Македонија. Честито Богојавление, Македонци мои. Или блазе тебе трендафиле.

## ЗАБОРАВАЈЌИ ЈА ПРВОСТА

"Верувам во Македонците, во својот народ!" - се помоли Филип Вториот. Му се молеше на Ѕеус со погледот кон Олимп. Потоа го поведе бојот. Долината на реката Кефис, 2 Август 338-та од македонската голема ера. Македонците имаа 30.000 пешадери и 2000 коњаници. А пак атинците и тебанците 40.000 пешадија и 2000 коњаница. Тогаш првпат царскиот син Александар ја поведе славната тесалиска коњаница. Мајката историја запишала дека тогаш Македонците убивале не само со копјата туку и со поглед. Беа убиени 1000, а пленети 2000 атинци и тебанци. Тогаш Македонците тргнаа да го освојуваат светот. Беше започнување на периодот на македонската доминација. Беше 2 Август 338 -ма. Беше сончев ден. Беше Илинден.

Пророкот Илија живеел околу 900 години пред Исуса Христа. Тоа е отприлика периодот на владеењето на македонскиот цар Каран 825 - 797

г.п.н.е. Во него се пренесени многу елементи од врховниот Бог Ѕеус на македонското митолошко царство од горaта Олимп. Бидејќи кога биет ровја тој ја подготвува колата, со двата пара прелестни коњи за да ја стаса ламјата. за да ја убие ламјата. Шета со златната кола по белиот свод и фрла огнени стрели. Тој светлозрачно сонце. Орел што го пара небото. Светлозрачната ѕвезда Деница и неговите две сестри Мариа и Магда.

Беше македонски ден. Беше почитта кон сонцето. Беше Илинден. Се славеше празникот. Во чест на Светецот и македонските обиди. Крушево, Свети Прохор Пчински...2 Август 1999-та. Првпат...вторпат...третпат? Житар 1999-та. Свети Илија маваше со буздованот бркајќи ја ламјата за да не ни ги испасе житата. Тогаш треска, удира громот. Ровјата.

Филип Второто онемен од зграгореност седи на еден облак и се чуди. Не може да разбере. Зошто се премолчува првиот Илинден? Зошто се заборава, не се слави битката кај Херонеја? Зошто не се спомнува првиот Илинден, ако веќе зборуваме за првоста?! -Македонскиот цар Филип го поздравува собранието и народот атински!Македонскиот цар Филип или Филип  царот на Македонците го поздравува тебанскиот народ! Така им се обраќаше на оние кои ги разби на Херонеја. Седи смолчено и се разнебитува, се јадосува не можејќи да разбере каква е оваа Македонија, какви се овие Македонци кои си ја кријат самите од себе својата Илинденска победа? Славејќи, славејќи го вториот и третиот Илинден, кои завршија со гибел и порази?

"Какви Македонци сте вие? "- ме праша. "Полу

Македонци. Четврт Македонци. Македонци од 19 век? Илинденски Македонци? Крушевски Македонци? Партизански Македонци? Коминтерната и другите Македонци? Егзархиска макеница од Македонци? Какви Македонци сте, какви?"

Светна молња. Се спушти сводот. Удри некаде плисна летен дожд. Грмеше. Удри ровја отаде планините. Свети Илија ја потера колата, ги бодинаше прелестните ата и ја демнеше ламјата. Фрли со буздоганот блесок, татнеж, ровјосание. Екот.

Филип Второто исчезна во невремето. Беше 2 житар 1999-то. Последниот Илинден пред двеилјадата. Златната кола на Свети Илија го параше сводот. Повторно македонската прослава го изостави ПРВИОТ, победоносниот Илнден од официјалната прослава. Грев е тоа кон Бога и кон сопствениот народ.

Долго откако Филип таткото на големиот Александар си замина ме јадеше проклетилото на прашањето, какви Македонци сме ние, кога толку едноставно се откажуваме и забораваме. Одговорете си самите. Во името на ПРВИОТ сончев ден на македонскиот народ. Илинден. Се уште не ја стасал македонската ламја, тој Свети Илија громовникот Божји.

# ЗА МАКЕДОНСКОТО ПРЕСТОРУВАЊЕ

Стоеја така едните наспроти друзите во солунцкото поле и се пулеа така меѓу себе. Едните мокри од препливувањето, другите врекнати да си ги видат братчедите им. "Што сте вие?" - ги прашаа едните на другите. "Словени!" -одговорија другите. "А што сте пак вие?" - прашаа другите. "Македонци!" - одговорија едните. По тоа настана несекојдневен молк. Штама. Чиниш траеше цела вечност. Потоа некој од нив предложи: "Ајде да се обединиме од сега и овде да бидеме и Македонци и Словени!" По тој предлог настана општонародна веселба, се заигра орото, пукнаа тапаните, зурлите, се отворија бочвите со ракија, вино, вистински Деноносии. Се викнаа Пеаните (химни во чест на Аполон), редеа Баптите (свештенослужителки ) се веселеше народот до самите зори како што е редот во чест на доносителите на денот Деноносиите. И оттогаш тој народ го завикаа славо-македонци?! Се разбира И јас бев таму учествував во ритуалот на "обединувањето", играв , пеев и испив највеќе од виното.

Оваа бајка ја запишал Константин Порфирогенет во своите писанија. Како Словените го препливале Дунав со трските и одеднаш го дофтасале солунското поле. Можеби таа сторија и ќе успееше да не се родеше Макс Фасмер и да не ја напишеше својата книга "Словените во Грција" ("Die slaven in griechenland" - Max Vasmer ) Во неа е запишан зборот Sclavone или Sclave, sclavonae како топоним, романско -латински со значење на територијална административна област. Нели по поразот на Пидна

на македонскиот цар Персеј, Римјаните ја делат Македонија на четири Склавинии, Словении. (2в.п.н.е.) Без можност за било каква комуникација. Нели во стилот, раздели па македонствувај. Им беше забрането дури и склопување бракови на Македонците од поделените склавинии. А пак мажите со машки деца до 15 години "доброволно" морале да замнат од Македонија. Всушност тогаш започнаа првте преселби на тие склавинии и словени кои бегаа од Македонија накај Карпатите за да се спасат од римскиот терор. Во тој контекст ословувањето на избеганите браќа од страна на Светите македонски браќа Кирил и Методија добива логична следственост. Нивното по-словување и благо-словување со македонските слова.

Константин Порфирогенет го употребуваше историјата на доминација со словенскиот - македонски синдром за препливувањето на Дунав и првото појавување како "Словени" на македонскиот полуостров. Иако тие божемни словени не оставиле никакви арте факти од оружје, прибори, алатки, гробови, небаре биле птици како Силјан Штркот долетале препливувајќи и се престориле во Македонци.

Долго во ноќта татнеше македонската веселба во солунското поле. И јас бев таму но не се опијанив како Константин П. Ви го приложувам простиот македонски збор : СЛОВО, СЛАВЕН, С΄ЛАВОТ (оние со лавот -Херакле) или латинско-романски топоним според Макс Фасмер. Синоними за Македонците. Нели слично како и Илирите и Траките. Останете ми арни и БЛАГО-СЛОВЕНИ.

# ЗА МАКЕДОНСКОТО ИМАЊЕ

Излезе од белата македонска историска книга. Од заборавените тефтери. Ми проникна во мислата. Ме втренчи. Ѓорѓија каков што го дал Господ Бог севишниот. Софистот. "Ако го нема тоа што постои - ми рече, како тогаш може да постои тоа што го нема? Тоа што го нема?" Одѕвони неговит глас, се одѕва од ѕидовите на собата. На стајата, на стоата. Не, не се работеше за стоичката македонска филозофска школа. Се работеше за софистите. Зад него демнеше Протагора. Беше тоа втората половина од петтиот и почетокот на шестиот век од македонската голема ера. (пред нашата?)

"Ако го нема тоа што постои, како тогаш може да постои тоа што го нема?!" - ми рече. Беше еден од софистите. Мудрец, учител, мислител, или мудрост на "грчки" - Софија. Можеби ќе беше така како што пишува во бело - светските речници да не беа островите во белото море. Сам - ос, Род - ос, Дел - ос, Корф - ос, Тас - ос и меѓу другите со македонски именца се наоѓа и островот Мудрост на турскиот брег од егејот.

Едното толкување е дека Дионис, двоносениот, деноносец ги крстел островите кога си пловел со својата лотка. А другото дека фамозните карпатски словени го препливале белото море мислејќи, мудрувајќи дека го препливуваат Дунав?! Сеедно и двете толкувања упатуваат на Македонецот.

"Софистичкото искуство е древно, но предизвикува омраза!" - крескаше Платон. Затоа се предаваше како поезија (Хомер, Хесиод, Симонид)

или како религиозно таинство (Орфеј, Мусеј). И така софистичкото искуство се рецитираше по празници како народна литература со корени во теологијата, антропологијата, космогонијата. Се работеше за учење за раѓањето и лично спасение пред смртта. Традиција која прдолжува во современиот живот на балканот ("Орфеј и древно-балканската митологија" Б. Богданов, Софија 1991). О, Македонци! дали првин беше Орфеј или орфизмот воопшто не е важно. Но факт е дека тој произлегува од Дионосиите, обредните игри на Македонците. Или: сé е Ефир, и таткото и синот! - Хрисип Стоикот. Недостасува само светиот дух. Куп жреци кои пророкуваат и чистат гревови...

Ете тргнавме од софистите и патот не одведе до македонскиот народ. Додека зборот Софија значи мудрост на некаков фамозен старо-грчки постои остров што буквало се нарекува Мудрост во егејот син.

"Ако го нема тоа што постои, како тогаш може да постои тоа што го нема?" - ми рече. Ако ги нема Македонците, како тогаш можат да постојат грчките, бугарските, славо и најновите илиро Македонци?

Запрашајте се Македонци мои? Ја затворив белата македонска историска заборавена книга. Беше тоа Ѓорѓија 5 век пред нашата или од македонската голема ера. Зад него. Зад него демнеше Протагора. Ех.

Орфејството и софизмот е традиција која продолжува во современиот живот на Балканот. Тоа е второто име за македонскиот полуостров.

# КАДЕ ЦАРУВА АПСУРДОТ

Дојдоа скоро сите роднини, братот од Белград, внуците од Софија, децата од Австралија. Не стасаа само солунците, гораните, преспанците за Македонството да биде потполно. Дента кога се гласаше бев на погреб. - Вие да сте живи здрави, се слушаше таговно во капелата. Потоа отидов да гласам.

"Дали е подобро да се пие тутун надвор или внатре?" - се двоумеше претседателот на изборниот одбор. Претставникот на опозицијата се туфкаше дека изборната кутија треба да биде положена пред него. Испив три кафиња на сметка на државата. Потоа ме заменија кинисав на погребот.

"Вие да сте живи и здрави!" - ни изразуваа сочувство во капелата. Се собраа расселениот македонски народ, роднини на починатата од Белград, Софија, Австралија, разнебитениот, откорнатиот македонски народ.

На крстот ги пишуваше годините 1914 и 1999-та. Неколкупати ја имав прашано: "Што си ти бабо?" "Македонка"- одговараше. 1914 кога ја черечеа Македонија белосветските сили и дивите словенковци. Заграбив грст земја и фрлив во дупката (хумката). Потоа отидов да гласам. Отидов да набљудувам. Отидов.

Тој се туфкаше дека кутијата требало да се стави баш пред неговиот нос. Божем имало нешто да се помириса. Сепак, изгласавме дека кутијата останува на средината. Дури и набљудувачот од неговата партија гласаше против него.

Четири млади чупиња беа вклучени во гласањето. Претседателот на избирачкиот одбор и трите набљудувачки. "Народ кој има ваква младина не треба да се грижи за својата иднина!" - рече другарот Тито. Кој Тито? Првиот, вториот, третиот...- "Нечемо Македонце дати Бугарима!?" - знаеше често да каже кога доаѓаше во републикава. Братство и единство. Сожителство. Заедништво. Граѓанизам. Мултиетништво. Почина баба ми Рилка кога се гласаше за претседател на републикава. Родена 1914 кога се парчосуваше Македонија. Се собравме сите роднини од сите страни на Македонија. Софија, Белград, Австралија. "Вие да сте живи и здрави!" - нé тешеа. Потоа отидов да гласам. Па да набљудувам.

Е, мој Алберт Ками сега станува појасно каде царува апсурдот, тој малечок македонски. И по Тито-истото. Тито?!

Не, не останав на пребројувањето. Ме ожари болката. Грст земја, за која се гласа, са која се војува, за која се умира. Болката од смртта.

Човекот кој ме замени е татко на две деца и е без работа. Е мој Ками, што знаеш ти за македонскиот апсурд? И се разбира: "Вие да сте живи и здрави! "И болката, болката од смртта.

Дојдоа скоро сите. Од Софија, Белград, Солун, Мала Преспа, Австралија. Ех колкава си Македонијо! Потоа отидовме на гласањето.

# ЗА МАКЕДОНСКАТА НЕМОСТ

Пајаниецот се збуни. Му застана ќефалото. Му побегна зборот. Го беа испратиле атинците да му соопшти нешто на Филипа. Да му соопшти од името на атинскиот народ. Го избраа токму него најголемиот говорник на своето време Демостен син Демостенов Пајаниец. Се прослави во собранието токму со говорништвото и тоа токму против македонскиот цар Филип. "Тој не само што не е Елен туку варварин од земја од која човек ниту роб не би купил, туку е чума од Македонец! ...Еден Македонец ги понижува атинците!" - врескаше, вревеше, зборуваше го бранеше својот град Атина иако според името и тој бил само обичен дојденец МЕТОК. Дојденец во тогаш најмоќниот трговски центар помеѓу истокот и западот, северот и југот. Најмоќниот трговски центар пред да се појават Македонците.

Сега доби можност да се сретне лице в лице со Македонецот. Имаше слушано многу за него, Филип Второто, де ваков бил, де таков бил, а еве сега стои пред него и му избега думата. Демостен син Демостенов - Пајаниец - повтотрно го најави послугата. Повторно штама. Глувотило. Молк. Тишината се разлева. Се погледнаа в очи, Филип се насмевна му кимна со веѓата да почне, му даваше кураж, а овој изгубен застанал како некое стебло и просто си постои во молкот. Се загнездил во тишината. Немост. Еден, два, три, цел живот. Филип Второто повторно му се насмевна му даде ишарет да почне, да гукне, ама се беше попусто. Ечеше тишината.

Оние кои не умееја да зборуваат Демостен ги нарекуваше јамбождери. Вежбаше секое утро со камче меѓу јазикот и врескаше, беше навистина еден од оние кои го владееја говорништвото. И не случајно атинците му напишаа на споменикот натпис:

"Да ти е силата еднаква на духот, Демостене, никогаш во Атина не ќе владееше силниот Македонец!" Навистина беше зборлест и со еден збор умееше да убива со зборот. Умееше.
Филип кога го изгуби трпението му рече со доза на грижељубивост:

"Ти да не си гладен, да не́ не си појаден утрово?" - го праша. Демостен продолжи со молчењето. Немаше збор. Му падна зборот. Филип му понуди лепче месено и донесено од Лебеа. Демостен го зема, ја наведна главата и се повлече.

Остана забележано од мајката историја дека најголемиот атински говорник онеме кога го виде македонскиот цар Филип Втори. Од тогаш излезе преданието дека Македонците убиваат не само со копјата туку и со поглед. Од тогаш Демостен остана кутнат со зборот и никогаш повеќе не умееше да полета со силата на мислата и да те ничкоса. Остана онемен и посрамен пред Македонецот.

На еден начин тоа беше авто -ЦЕНЗУРА. Во социјалзмот постоеше цензурата, ќе те пикнеа преку ноќ во апсаана и ќе те снемаше. Потоа тоа еволуира во поблаги методи. Не те објавуваат во печатот, не ти даваат средства, ти вршат притисок на работа на членови на фамилијата, тотален молк или не те пуштаат да учествуваш на локалните фестивали, не ти ги емитуваат снимените дела на телевизија, ти ја одземаат сцената каде што треба да имаш прослава и

сл.

Или пак ти одобруваат монодрама наместо премиера, а потоа откако ќе го прочитаат текстот за истата и нејзе ти ја одземаат со демократска насмевка. Ако не можеш да ги победиш одземи им го правото да учествуваат во духот на еволуираната ЦЕНЗУРА. Можеби поучени од немоќта на Демостен пред Македонецот да го исплука зборот. Во залог на сценската македонска слобода.

## КОГА БОЛИ ЗБОРОТ

Неколкумина заминаа. Помислија дека можеби се чека на министерот или на премиерот. Доцнеше почетокот на празненството. Најпосле влезе претседателот. Не знам дали добија повтев за враќање. Заминатите. Потоа стана пратеничката. "Средба со принцот!" - рече. Македонскиот принц. Излезе академикот. Сепак таа не помисли на него.

Беа присутни фиљан-фиљан луѓе. Академици, министри и владици. И поети. "Жив класик!" - рече. И актери. Што се однесува до присуството. Граѓаните на републикава. Македонскиот народ.

Беше дума за синот. "Синот на сонцето" - еп од принцот. "Јас се извинувам морам да ги променам наочарите?!" - рече академикот. Потоа зборуваше за Александар Македонец од егејска македонска Пела. Додаде: "Човекот кој ги раскина границите на светот." Човекот. Царот. Македонецот.

Стана актерката. Думаше нешто за клопчето за преѓата од железна река. Кажуваше , донесе делови од епот.

Му дојде редот на Александар Џуровски. Се исправи. Порасна во зборот. Ја бодина думата, реди. Прво пеење, второ пеење, полета блесок на светлина, се роди сонце во думата, го понесе тој мајчин синко, сончево чедо, царот на сиот тогашен свет. Зборовите од епот.

Требаше да се биде таму во армискиот дом за да се сети, чуе, доживее, за да ве заболи зборот. Зборот. Грутка земја која отиде најдалеку.

"Излегов од времето!" - рече Радован Павловски. Поетскиот принц. Во домот на армијата имаше прва средба на неговиот еп "Синот на сонцето" со читателите. Еп за Македонецот, Александар Големиот. Добре дојде во Македонија принцу! Тој е вториот македонски поет кој се дофтаса за царот. Кој ја допре темата за древна Македонија. Можеби првиот беше Анте Поповски?!

Неколкумина кинисаа. Помислија дека се чека министерот. Сепак наеднаш влезе претседателот. Не знам дали некој се врати од забеганите. Бевме дојдени за принцот. Политиката е кротка.

Актерката играше во претставата во која таа беше мајката на царот. "Печат со лик на лав, се роди Александар!" - крикнуваше.

Академикот ги промени очилата кога го спомна царот. Думаше за маглата врз историјата врз македонските прапочетоци. Нашите, нивните, македонските.

Александар го бодинаше зборот. Зборот кој ја воскренуваше македонија, нашата распната убавица. Не попари со зборовите. Чиниш сончевиот син слегол лично во армискиот дом.

А бевме фиљан-фиљан луѓе. Поети, академици,

преседатели, владици, министри, актери и други љубители на епови и принцови. Неколкумина заминаа. Ги стресе чекањето. Помислија на едниот, а сме го чекале другиот. Требаше да се биде таму за да ве заболи зборот.

"И овој народ на земја и ова сонце на небо, и друго сонце немаше ни на небо ни на земја!" - така почнува "Синот на сонцето". Да се сети, да се чуе, да се доживее, да ве заболи зборот. Или политиката е кротка (крушка)

.

## ЗА МАКЕДОНСКИТЕ СВРАКИ

Членот на жирито го сретнав во една кебапчилиница. "Те читаме!" - ми рече. Членот на комисијата за театар го сретнав во кафулето на ФДУ. Му велам: "БЛАГОДАРАМ за премиерата!" Остана онемен потоа додаде дека дал оставка и дека ништо не решавал тој. Ланскиот министер за култура го имав сретнато пред шаторот на "гладувачите"како зборува за 19 век. "Што претставува куќарката твоја пред сараите на бегот?" - пишува во македонскиот речник. Зборуваше против кутлешевото сонце кое висеше на шаторчето. Неговиот претходник го сретнав во професорската стаја на ФДУ. Збор, два, три, масмевката му се скри! Фрли си зад себе, за да си најдеш пред себе, се јавува македонскиот речник. Поминуваат покрај царевата порта несетувајќи. Од вчера до пред нашата ера. До македонскиот период на владеењето на светот. Излегување и влегување во истријата.

Личностите кои се построени во зборот се

скрбно врзани со македонската сцена. Врзани со прангите на Талија за да не можат да летнат кон светоста и кон светлината. Да влегуваат и излегуваат од историјата, од вчера до пред нашата, односно македонската ера.

Талија една од деветте музи. Театарската. Ќе прочитате во белосветските речници на римскоста и грчкоста. Деветте музи кои случајно и ненамерно на атинците им ги дал некојси Пиер кој повторно по грешка е син на Богот Македон. Крал на Ематија со потекло од Пела. И по совет на некојси Тракиец го востановил култот кон деветте музи и ги именувал по своите ќерки, а преданието зборува дека всушност тие се неговите внуки ( види било кој речник на "грчка" и "римска" митологија). Понатаму пишува вака, Македонци мои: "Пеонката Еупиа му родила на Пиер девет ќерки по кои се именувани музите. Дел од преданието вели дека ќерките на Пиер и Пеонката се натпреварувале во ПЕЕЊЕ со музите ( Пеонци, Пеанци, Пеани, надпеани) и овие вторите откако ги натпеале ги претвориле во свраки. И денес кога ќе запеат со своите крескави гласови природата се стуштува. Дел од преданието пак вели дека ќерките на Пеонката и Македонецот Пиер се всушност мајки на музите. Интересен е податокот дека "Аминта македонскиот цар си ги откупил своите Пеонци од Персијанците "( види: Ангелина Маркус "По трагите на славните Македонци" Лицеум, Скопје 1998).

Талија - театарската муза чијшто дедо Македон е наш кум, односно предок по кој и денес се именуваме. Талија, го имаме личното име Тале, презимето Талевски и така наваму, натаму од вчера до македонската голема ера, Македонци мои. Мене

македонскиот речник ми е еден од најблагородните собеседници. Кој рекол дека е застарен?! Имам тежнение тој да биде уште по СИЛЕН. Ако е исполнет со сите сопствени думи. А СИЛЕН му беше учител на Дионис или Денонос. Беше силен со УМ.

Едниот го фатив во кебепчилница, другиот во факултетското кафуленце, третиот излегуваше од историјата, на четвртиот му побегна насмевката. Сé се тоа скрбни врски со театарот на кој му припаѓам и јас. Пранги кои се обидуваат да ги наметнат на македонската МУЗА Талија ќерката на Пиер синот на Богот Македон, човекот кој го востановил култот кон деветте музи.

Нема натпревар со музите. Тоа е дар од дедо Македон Божјо вдахновение. Остатокот се македонските свраки. Или нивните следбенци. Минуваме покрај царските порти. Излегуваме и влегуваме во историјата, Македонци мои. Или фрли си зад себе, за да си најдеш пред себе. За да се препознаеш себе си. Лет меѓу светоста и сетнината.

# ВРАЌАЊЕТО НА СЛОВАРИТЕ

Цариникот се пули и се вникнува во тајфата, ваква дружба до денеска немаше сретнато. Група зборови излезени од македонскиот речник стоеја пред него како во некој антички строј. Имаа на ум да ја минат меѓата меѓу горна и долна Македонија и да си ги видат своите собраќа од егејскиот дел кои не се внесени во горе споменатиот речник. Имаа тежнение да си ги внесат своите истородни слова во македонскиот речник. Всушност, станувашe дума за четири групации кои го напуштија речникот со српско-хрватски толкувања, нашиот речник и се упатија на четирите страни на македонскиот народ, на четирите меѓи кои се испречија пред зборовите, кои ги делеа едните од другите зборови и слова. Се работеше за букви, слова кои се расцепкаа на четирите македонски страни на расловувањето. Небаре нови Кирило-Методиевци, словени, пословени да си ги опсменат своите заборавени браќа по јазик, вера клетва. Цариникот се омаѓоса гледајќи.

"Не си бил во црквичето!" - му вели, му го плесна зборот. "Сум бил во црквичето!" - го плени со упорноста. Двајца актери во театарското кафуле се обидуваат да се кутнат во зборот. Се плетинаат обидувајќи се да владеат со словото. Ја прескокнуваат мислата. Го тенчат зборот. "Не, не си бил во црквичето! Е сум бил во црквичето! Не си бил во црквичето! Сум бил во црквичето!" Александар Џуровски и Владимир Светиев се кутинаат во зборот.

Додека траеше драмувањето голема група зборови од македонскиот речник реши да се

самоорганизира, да се обиде да ги внесе своите заборавени браќа по слово и идентитет во речникот. Не ги прифатија објаснувањата на лингвистите дека речникот е од среден формат по тип и обем, дека затоа не се внесени зборовите, македонските думи кои ги поделија граничните рампи на етничка Македонија, не го прифатија одговорот за неможното обединување на сите македонски зборови во еден поголем македонски речник со МАКЕДОНСКИ толкувања и самите излегоа од речникот, се поделија на четири словении, групи, тајфи од македонски слова, словении и се упатија едните на пиринско, другите на егејско, третите на преспанско, голобрдо, горанско, четвртите накај беломорското , напред слова наши урааа...

Во театарското кафуленце трештеше зборот: "Не, не си бил во црквичето! Сум бил во црквичето!" Ја слушам расправијата за црквичето на двата воини на зборот и се обидувам да задржам дел од тоа црквиче за кое војуваат со зборовите двајцата сценски сонувачи. Црквичето?!

Цариникот клекна. Ваква чудесија не беше сетил. Зборови кои сакаат да ја минат македонската меѓа. Граница. Рез. Пресека.

Јазик кој не ги содржи сите свои зборови од етничката територија на родот на кој му припаѓа е нецелосен јазик. Половина јазик. Сакат јазик. Не верувам дека постои друг светски пример за ваква негрижа кон сопствениот идентитет.

Проклетилото на словенството, елинизмот, византоидноста, предримскоста, римскиот народ, сите општи места преку македонскиот идентитет го берат данокот врз Македонецот и се враќаат како разслојување.

"Не си бил во црквичето! Сум бил во црквичето!" Цариникот зјапа во македонските слова. Се обидува да знае. Еден речник има проблем со толкувањата и го напуштаат зборовите во потрага по своите заборавени браќа. Оградени браќа со државните меѓи врз Македонецот. Може ли да се огради зборот? Зборуваме ли половина јазик? Црквичето, не крадете ми го црквичето! Фаланга зборови итаат преку границите во преграб кон своите заборавени браќа. Словарите. Не, не може да се загради зборот?!

## ЗА ИСТОРИСКИОТ АЛБИНИЗАМ

Да не се родеше Ариан можевме да помислиме дека зборот го измислиле римјаните. Вака правото на зборот му припаѓа на Македонецот. Во своите писанија "Походот на Александар": Аријан на страната на Дариј Третиот Персијанецот меѓу разните народи кои ја опскрбувале персиската војска ги вброил и Албанците.

Така беспредметно станува дали се работело за битката кај Гавгамела или битката кај Арабела, сеедно, на страната на Персијанците се бореле Албанците. Додека во исто време од страната на Македонците се биеле Илирите.

Понатаму патеката на зборот не води до римската карта од првиот век од нашава ера каде Албанија се наоѓа отаде Карпатите. Во исто време кога, каде што си била и е , се наоѓа Македонија. Следејќи го именувањето во белосветските речници ќе пронајдете дека Албанија е античко име за Грузија.

Или дека е латински збор АЛБУС - кој значи бел. Бело. Или дека значи долга бела туника која ја облекуваат католиците при мисата. Дури и едно од старите имиња на Белград е АЛБА ГРАЕЦА. Сопред речникот на Братољуб Кљаиќ. Таму ќе најдете дека Албани е ниска гора југоисточно од Рим, позната како Албански брдца, нели во конктекс на ниските грмушки и белилото. Или пак зборот ако му дадете келтско потекло значи : горска земја. И така натаму може да не зафати пост македонски албинизам.

Се разбира да не се родеше Ариан и да не ни ги оставеше македонските траги ќе го присвоеја римјаните. Албанија, западно од Каспиското езеро и нејзините луѓе кои се борат на страната на Персијанците. Во исто време на страната на Александар Македонски се бореа Илирите.

Потоа две илјади и нешто години после таа битка се појавуваат Албанци на македонскиот полуостров со теоријата за "автохтониот илиризам" контра нашето "доаѓање" од зад Карпатите од местото од кое се дојдени токму тие со Османлиите.

Седиме со Алберт Ајнштајн ја мериме теоријата на релативитетот и се опитуваме нели во случајот со историскиот албинизам на автохтоните Шиптари (Албанци?) дали тој случај е исклучок кој го потврдува правилото. Се е релативно. Особено на македонскиот полуостров. Балканизам. Раздели па македонствувај. Или дали е можно Албанците да се бореле на страната на Персијанците под своето вистинско име, а во исто време да се бореле самите против себе си на страната на Македонците под името Илири?! Прашања на кои и Алберт Ајнштајн ќе мора да им се покори. Нема апсолутно движење, секое

движење е релативно. Така придвижувањето на грузиска Албанија од времето на македонската империја од зад Карпатите до кај нас доаѓа на својот историски албинизам. Доаѓа до нивната божемна автохтоност.Која во контекст на Аријан се претвора во уште еден балкански обид да се грабне дел дел од македонската света приказна.

Да не се родеше Ариан зборот ќе го украдеа римјаните. Вака правото на зборот му припаѓа на Македонецот.

## СПОДЕЛИ МАКЕДОНИЈО

Коста Солев Рацин - грнчарчето велеше дека зборот може да те крене до ѕвездите, но и да те убие. И го снајде македонската гибел во лопушничките кории. Беше тоа партзанскиот дел од македонскиот народ.

Деновиве повторно на дневен ред доаѓа ревизијата како категорија на македонското сега. Ревизија на историјата, јазикот...Зборот РЕВИЗИЈА ќе го најдете во речниците како латински збор со значење на повторно прегледување и проверка. Основата е видео, види, висус, виден, гледам, забележувам, вид- увам. Или имам при-вид. Интересно е што тој збор со основата ВИД или ВИДИ го задржал истото значење во современиот македонски јазик со основата ВИД има 44 зборови, основна низа без додавките. Можеби е тоа само уште една македонска трага. Ете, на пример, зборовите со додавките како проВИДение, или предВИД, или јасно ВИД, или далеку ВИД не се броени во таа 44-на низа.

Значи станува збор за ревизија нешто што повторно треба да се види, да се предвиди. Како на пример ИСТОРИЈАТА или пак македонскиот јазик. Во тој уВИД треба да се има ВИДело и да се земе пред ВИД дека таа ревизија мора да почне од древно-македонската тема која од политички причини беше забранета за македонскиот народ.

Се разбира опфаќајќи ги и македонските партизанштини, илнденските буни, самоиловите безВИДенија, преку словените, пословените и благословените солунски македонски браќа Светите Кирил и Методија, македонско-тракиското царство - наречено ВИЗантија, римскот период на македонскиот народ, опфаќајќи ги сите сознанија од науката преку писмото, митологијата, архитектурата, религијата, театарот, кои на белото македонско видело ни ги носат новите препрочитувања, ревизии, споделувања на мајката историја. Од оваа страна на македонскиот народ.

Во тој контекст ревизијата и споделувањето на историјата ќе си дојдат на своето вистинско место. Во однос на нашите браќа соседите ни кои си ја споделуваат македонската историја само за себе и обидувајќи се да го потоморат македонското величие. Оти без нас, Македонците тие се само кршлива фуснота.

Грците се фатиле за Александар, Бугарите за Самоил и солунските браќа, Србите за цар Душан Силното, Албанците за илиризмот и тегнат ли тегнат кој да заграби поголем дел од македонсиот континуитет и идентитет. Грабаат цврсто и тегнат. Се обидуваат да го парталосаат македонското сведоштво споделувајќи го како свое сопствено.

Така ревизијата на историјата би требало да тргне од древномакедонското митолошко царство до

денеска како духовен континуитет. Инаку лесно може споделувањето на историјата да биде увод во нова делбеност. Делбеност која може да не подели, раздели, наддели за навек.

"Зборот може да те крене до ѕвездите но и да те убие!" - запишал Коста Солев Рацин. Можеби затоа го застрелаа во името на партизанскиот народ.

Ете тоа сакав да го споделиме денеска, Македонци мои. Ревизијо, таго проВИДение македонско.

Коста Солев го застрелаа еден македонски ден во името на народот? Сподели, сподели Македонијо.

## МИГНУВАЊЕТО НА МИГНЕ

На Васил Вториот му мигна откако беше повикан од Бога. Дури кога духот му го оставаше земното тело. Човекот е од земја и во земјата ќе си се врати. Така запишале претходниците.

"Ај да бегаме мори Васе, ај да бегаме града Солуна...!" - му пееше старата му мајка.

А тој го потепа својот роднина Самоло на Беласица и го завикаа вулгароубиецот. Убиецот на збирштината, варвароубиецот или булгароубиецот. А тој си беше Македонец. Васил Втори Македонец. Ако ве боли историјата протарашкајте по белосветските историски книги и ќе ги пронајдете македонските траги.

"Едните биле Булгари , другите Ромејци. Мирот во 927-мата Византија на Бугарија и ги признала освоените македонски територии". ("Акта Вељуса" д-р Бранко Панов).

Зборот булгар во бугарскиот етимолошки речник го ведат како турски ко означува збирштина или необразуван народ?! Иако во македонскиот КОИНЕ (јазик на Александровата империја погрешно наречен старо-грчки) го има истото значење ВУЛГАР, оној кој не е со нас, кој не му припаѓа на нашето царство, примитивниот. Слично како што атинците во стара Македонија Филипа и Александра, Македонците ги именуваа како ВАРВАРИ. Споредете: ВАРВАРИ, ВУЛГАРИ, БАРБАРИ, БУЛГАРИ.

На Василе Второто Македонецот кој несомнено со гордост го истакнуваше своето македонско потекло му мигна отпосле. Го кутна својот брат по род Самоило и го завикаа убиецот на збирштината. Мораше да го брани второто македонско царство, таа "град-држава" наречена Визант.

"Ај да бегаме мори Васе, града Солуна!" - му пееше старата му мајка. Потоа на Мигне му мигна и го откри каменчето. На него пишуваше на вториот КОИНЕ јазик после Александровиот, на латински баш вака: "Стримонската тема наместо Македонците ја пасат Скитите" или во оригинал: "ET SCYTHAE IPSUM LOKO MACEDONUM DEPANSCUNTUR". И ако ја датираме некаде околу 688 или 689 од оваа пост македонска ера можеме да повлечеме историски континуитет на Македонците од Олимп со Богот Македон до каменот на Мигне во седмиот век од оваа ера.

Значи стримонската тема ја паселе Македонците пред да и се нафрлат Скитите. Па нели и Самоил ја песеше таа тема и дури и битката беше

во непосредната ѝ близина. Онаа на Беласица. Значи Васил Втори Македонец се бори против Самоил кој како Македонец ја пасел стримонската тема пред да се појават Скитите.

"Златарски претпоставува дека Скитите се македонски куверови Бугари? Порфирогенет под Скитите подразбира Хрвати и Срби?! А пак Стјепан Антољак зборува за војните на склавиниите во која доминирале Македонците." ("Акта Вељуса" д-р Бранко Панов). Навистина Македонци мои, навистина историска вулгарштина , варварштина , словенштина и б´лгарштина. Или со други думи кажано балканска рецкарска историска школа. Си чкртаат како им прилега ним. Е мој Мигне, само тебе ти мигна каменчето. А каде ти се словенковците? Тие ли се Скитите?

Васил Втори беше од македонска царска византиска лоза. Самоил од склавиниите во кои доминираа Македонците. А Скитите доскитале од зад Карпатите да им дадат можност на балканските историски рецкари да ја стругаат македонската историска следственост. Варвари. Вулгари. Бугари. Словени. Рецкари на историски лаги. И Скити кои си пасат во стримонската тема.

"Ај да бегаме море Васе! -му пееше древен пеан старата му мајка. -Ај да бегаме града Солуна". Му мигна дури кога го повика Господ Бог Седржителот. Потоа го откри каменот на МИГНЕ. Темата ја паселе Скитите? А што ако се работело за стадо волови?

# ВРАЌАЊЕТО НА СВЕТИОТ ДУХ

"Ќе влезеш во сторенијата!" - му рече Дионис. Хрисип Стоикот велеше со света посветеност: "Се́ е таткото, се́ е синот!"
"Мислам дека ти недостасува светиот дух!" - му шепна Дионис. Светиот дух?! Погледна во себе. Неколку стотини години понатаму во историјата се роди Исус Христос. Од многубоштвото минавме во Отецот, Синот и Светиот Дух. Минавме.

Аполоновиот свештенослужител Христ или Хрис остана без ќерка си. Му ја грабна Агамемнон. Беше во текот тројанската војна. Се именуваше Хрисеида. Аполон за возврат им втури чума на Ахајците. Потоа мораа да му ја вратат, да му го донесат дома чедото на свештеникот. Хрис запеа древен ПЕАН во знак на благодарност.

"Ој ти Боже, мили Боже, слези долу во полето, па ми врати ти чупето! "Му се лееше гласот низ мајката земја. Мајката Донија, нашата Македонија. Ематија. Е мајка. Потоа стана дал-матија и мајка донија. Ех, мори Доне, Донке, ќе слезеш ли и ти по полето Аполоново? Со дванаесетте царски генерали на александровата фаланга. Апостолите.

Дионис го потфати денот го стави во думата , го понесе. Го несеше, го носеше. Ден-нес. Ден- носи. Дени, раздени, наддени.

"Дојди јасно ле сонце, бел дену, донесен дену, ден, дену- Диону. Дојди бел дену во Дион". Пееја пеани Македонците во Дион. Архелај македонскиот цар ги востанови Дионисиите. Театарски чествувања. Театар. Света литургија. Мегарон. Култ. Еврипид ги

пишуваше Баханалиите. Гледаше, го бараше чувството в гради. И скрбеше. Го несеше јасното сонце во словата. Култно место. Дион - светиот град на Македонците во подножјето на Олимп. Ора, тапани, зурли, навли или кавали и драмувања. Беа тоа првите слави на македонската царска династија која потоа го завладеа светот.

"Твоето име ќе биде славено во сторијата !" - му кажа Дионис. Хрисип стоеше, постоеше, опстојуваше, суштествуваше. Го држеше сведението на зборот. Сведен збор. Заробен во моето презиме. Не, не прати луѓе да канат сватови. Стоеше како што му доликува на еден Стоик. Беше сватосан со светоста.

На Аполоновиот свештеник Хрис му го донесоа чедото. Прелестната Хрисеида.. Иљада и нешто години потака во историјата се појави синот единороден Исус Христос. Хрисип Стоикот велеше се тоа што не обременува е таткото и синот. Неколку стотини Божји лета понатаму низ историјата се јави Исус од Назарет, СПАСИТЕЛОТ. Само Дионис пловеше низ мајката историја со својата лотка, со македонскиот кораб. Чун, но не од хартија, туку од древна македонска литургија, повтеж кон Божјата верба.

Македонијо мајко мила на распетието меѓу сведен и сведување. Нешто што е свето и нешто кое се обидува да те стори помал од она што си, што си бил и што ќе бидуваш. Се разбира за да бидеш, треба да си, да те има, да имаш право повторно да слово-словосуваш.

Погледнете во угорот Македонци мои и видете го Дионисовиот кораб, драмува слаткогласно со пеаните бродејќи низ секакви бури. Ех стоику мој. Ех

сило моја. "Спознај се самиот себе си да бидеш Силен!" - рече Аполон и тоа го избраздија на каменот во Делфи. Спознајте се Македонци мои и бидете со силата. Со СИЛЕН учителот на македонскиот бродар Дионис синот на Семела и Отецот.

Светиот дух значи да не се суложуваш пред своето суштествување. Време е да си го услагодиме македонскиот свет дух.

Сведен збор. Заробен во презимево. Од Аполоновиот Хрис, преку Хрисипа Стоикот до денеска. Во името на светиот дух.

## КУНДЕРШТИНАТА МЕЃУ КНИГИТЕ И БРОДОВИТЕ

Првата средба беше исто така во кафуленце. Тогаш ме нарече: "Мојот најмил асистент!" Ме претстави на јавниот обвинител. Иако тој ме познава доволно. Доаѓаше на нашите трибини "Македонците од древнина до денеска". Македонците. Потоа ме нарече најлошиот асистент!? Повторно во едно кафуленце. Во кафуленцето на факултетот. Се разбира со доза на кундерштина и иронија на владеењето. Можеби затоа што сосема поинаку го читаме зборот ЛОЈАЛНОСТ. Едниот тоа го разбра кон владеењето, другиот кон образовниот принцип. Бевме на промоција на една книга.

"Книгите повеќе траат од бродовите!" - рече професорката.

Минаа триесетина Божји лета од суштествувањето на факултетот.Доволно време да се извлече ука и поука за доблеста. Првата средба беше

во кафуленце во трговскиот центар. Помеѓу образовниот процес и политиката.

Пред тоа едно куче го изгуби умот. Песот наеднаш здиве. Касна еден човек. Потоа уште двајца професори. И неколку студенти. Потоа зароси ситен дождец. Баш на изборот-реизборот. Двамина се воздржаа. Останатите вежбавме ден два, еден два кој смее да не рече да?! Избравме двајца доценти, неколку помлади и постари асистенти, горе долу еден-два.

Една рецензија беше печатена во подлистокот на билтенот. Некој даде забелешка дали Ректоратот има лектор или не? Дали на името на предметот требало да му се кладе членот. Потоа заврна ситен дождец. Пците во дворот продолжија да касаат. Продеканот лично спасил една жена од кучиштето. Што му стана на песот - со години живее во дворот на факултетот и беше кротко постоење, а сега секојдневно по некого каснува за нога.

Две студентки го однеле кучето на ветеринар. Го вакцинирале. Попусто, утредента повторно закаса. Врнеше ситен дождец. Ние правевме еден два, еден два кој смее да не рече да?! Некој рече дека тоа е реакција на образовниот процес. Од студентите. Касањето. Се разви научна дискусија дали е возможно без некаква причина песот едноставно да почне да каса. Зборувавме за причинско-последичните односи. Жолчна расправија дали кучиштето треба да се отстрани или не.

Јас им го кажав македонскиот пример. Македонците пред битките жртвуваа кучиња. Минуваа со војската низ растргнат пес. Потоа ги снајде КИНОСКЕФАЛЕ. На местото Киноскефале ( кучешка глава) го доживеаја последниот пораз пред

да ги поделат во славинии, склавинии. Имаше магла на Кучешка глава кога Персеј македонскиот цар потклекна.

Еден факултетски пес наеднаш почна да напаѓа. Ви приоѓа од зад грб и ве каса за ногата. Чекорам низ факултетскиот двор обидувајќи се да не се обѕирнувам во јароста. Можеби од зад грб ме демне споулавеното куче. Минаа триесетина години од почетокот на факултетот. Доволно време да се извлече ука за духовното и дневно политичкото.

"Најлошиот асистент!" - рече деканот во кафулето со доза на кундерштина. Се прекршуваме преку зборот лојалност. Алберто Лојола, езуитчето и орфејството, питагорејството, стоицизмот како духовна доблест на факултетската сцена. Потоа реизбиравме - избиравме. Еден два, еден два. Потоа заврна зимурливо дожденце. Потоа пак касна нечија нога кучето.

Внимавам да не се обѕирнувам во гневот и да ја препознаам маглата на КИНОСКЕФАЛЕ. Честита триесетгодишнина академијо моја. Без кундерштината меѓу книгите и бродовите.

Двамина се воздржаа. Забелешката беше дали на предметот требало да му се кладе членот...

# ЗА СЦЕНСКИТЕ ЗАНДАНИ

Ми пријде еден човек и ме праша: "Зошто ги мразиш Бугарите?" Признавам се најдов затекнат, потоа следеше одговорот.

Секогаш кога ќе ме кутне просечноста го повикувам за собеседник Војдан Чернодрински. "Војдане! - ќе викнам.- Кој си? Што си? Зошто си? Каков си?" "Скрб и утеха" му служи на македонскиот народ! Мислата му тежеше во душа. На мостот "Гоце Делчев" се сретнавме со поранешниот директор на кумановски, сегашниот на велешки и оној со натежнатата мисла. Думата. И Војдан Чернодрински.

Беше мразен зимски ден. Ѕивра. Кочан. Студенило. Ми ја кажа новата комисија за театар. Долу жубореше Вардарчето. Од извора дур до Солуна. Потоа се разминавме.

"Зошто ги мразиш Бугарите?"- праша. Одеднаш ме штрекна. Правевме сосема друг муабет во кафулето. За претставата "НИЕ". И одеднаш пласна прашањето. Му срочив збор два. Потоа ми ја даде својата визитка. И испивме тенџере со црвено македонско вино. "Ќе ја украдат! Ќе ја украдат! Овие заборавиле кои се и што се!"- врескаше актерот кој го играше Шишков. Претставата се викаше "НИЕ". "Како си брате мили?" Војдан Чернодрински се насмевна.

Како е мојата возобновена "Скрб и утеха"? Молкум скрбна одговорот. Потоа се сретнав со "заменикот" на гробот на Гоце Делчев. Имаше купче народец. Владиката со дружбата, му бакнавме рака. Убава беседа рекоа. Можеби требаше да му побарам

прошка на Апостолот за откинатиот мустак. Којзнае? Барем разменивме две-три думи со "заменикот" за култура.

Му кажав дека не ги мразам Бугарите, напротив!...

Како ДУХОТ во "Хамлет" чекори Војдан Ч. по мене. Ми ги мери стапките. Баш под стоковната куќа "Мост" речиси се судривме со поранешниот. Молкум во разминување. Ех, историјо. Е мој Маркузе! Просто си постојам како билка. Војдан Ч. се смее.

"Што е смешно? Што си се исклештил?" Скрбење низ просечноста.

Потоа скршнав до министерството. На скалилото се сретнавме со Илинденка. Шифрата беше: "Зошто не сте ни јавиле?"

Одговорот на јавката беше: "дека се работело само за професионалните театри?"

11 Божји години истрошивме обидувајќи се да докажеме дали сме или не сме театар. Огромна енергија усмерена кон тоа подозрение. Простете, зошто не судите за некого според делата?

Војдан Чернодрински секна со смеењето. Не му беше веќе до кикотење. Му се подопулија очите. Кој си? Што си? Зошто си? Како си? Ти ја слават 100-годишнината од "крвавата ти свадба". Македонската. Ние славевме пред пет години. Игравме во древна Дионисија 12 часа без задршка. Беше тоа македонскиот завет.

Од една книга која стрпливо чека ред за читање скокна визит картата на оној кој ме праша: "Зошто ги мразиш?" Никого не мразам, напротив, се обидувам да ги почитувам сите. Се разбира оние кои ме почитуваат и мене, Војдане Чернодрински.

На картичката пишуваше Иво Јанчев (Мултигруп). Беше тоа февруари, македонска зима 1996-та.

Секогаш кога ќе ме квакне, ќе ми се подаде просечноста го повикувам Чернодрински. "Дојди во Македоија да си ја видиш твојата возобновена актерска тајфа". Погувеавме така едно време чувствувајќи ги дамарите на СКРБИЗМОТ. Потоа си ја честитавме новата театарска комисија.

"Војдане!" - му шепнав. Ме прегрна на заминување оставајќи ми ги златните клучеви на македонската му душа. Со кои ќе треба да се "одбулат" занданите на возобновениот "Скрб и утеха". Простете, судете за некого според неговите дела. Од извора дур до Солуна.

## ЗАПИСИ ОД ОПЕАНИОТ ДОМ

На брегот на широкострујниот Аксиј, собрани во купче го пееја ПЕАНОТ. Нашите предци Пајонците му се молеа на Бога да се втурнат во тројанската војна. Пеан лекар и исцелител на Боговите. Или песна благодарница, ритуална верска народна песна која содржи четири стапки. Четири стапки кои се пееле и играле од кои три се ненагласени една нагласена. Мислам на стапките. Нели слично како македонските ора. Или Пеан восклик на радост со играње и пеење. Пеан кој му ја залечил раната на Адот која му ја задал Херакле. Пеан напишан на линеарното Б критско-микенско писмо, каде што прв пат е насликано старото македонско оро, луѓе фатени за рацете како играат и пејат.

Подоцна пеанот се врзува како химна во чест на Аполон и Асклепие како нешто што требало да се од-пее и од-игра пред да тргнете во војна на пример како Пејаонците од широкострујниот Аксиј, денешниот наш Вардар.

Интересно зборот ПЕАН и во соврмениот македонски јазик го задржал истото значење. Да пееш, да бидеш опеан, испеан, натпеан или да запееш од радост или од тага.

Дури и името на Пајонците може да се врзе со песните. Со песните со поењето. Од тој древен македонски збор е изведен и зборот ПОЕТ кој во белосветските речници ќе го најдете како грчки а всушност самиот збор е поврзан со ПОЕЊЕТО со пеењето со оној кој пее или пое, нели тој е ПОЕТ. И тој е оПЕАН или Опиен од вознес и возгордеаност.

Пајонците го завршија пеанот, отпеаја и одиграа во ритамот на песната покрај денешниот наш Вардар и дадоа свој данок во 10 годишната тројанска војна. Беше тоа периодот после кој се обединија Македонците и го завладеаја светот.

Деновите покрај хомеровата река широкиот строен Аксиј, нашиот Вардар повторно се случуваат ПЕАНИ против или за неговата "тројанска" војна, во нашето соседство. И ајде речете дека сторението не се повторува. Историјата се враќа наназад од Хомер кон Македонскиот народ и се прекршува во ново разурнување на таа вечна Троја вечниот неосвоив бедем на војната.

Да не заборавиме Пеан исцелителот еднашка му помогна на Адот за да го закрепне од раните кои му ги задал Херакле. Да не заборавиме дека тој силен Ракле му беше род на Александар Македонецот. А

пак зборот Ад го има истото значење во современиот македонски како и во оној на царска и митолошка Македонија. Ад-Јад.

Покрај македонскиот мост на реката Вардар и деновиве како и во хомеровото време се случуваат Пеаните. Пеани за или против новите историски преповторувања на разурнатите Трои.

Пред да почнете да пеете размислете добро да не паднете со песната на "Братската" линија на Пан Славизмот, иако во образовните македонски институции сé уште ви ги учат децата со зад Карпатскиот синдром на македонскиот народ.

Дали Македонците се Словени? Оние на кои им ги даруваме словата се Словени пословени и благословени. Ние сме во тој македонски Кирило-методиевски солунски јазик Словари, оние кои ги дарија тие македонски слова.

Ни се случуваат нови Пеани, новите Трои, се преповторуваат македонските војни на брегот на хомеровата река нашиот Вардар. Од папокот на светот нашата мајка Македонија.

# СОЛЗА НА НЕПОЗНАТИОТ ГЛЕДАЧ

"Да не беше сево ова за џабе?" - прошепоти Ристо Шишков. Душата му се беше збрала во длапка. Скрбеше во свето место за среќа, по манастирот, по театарскиот храм заедница на свети верници. Во Македонија, лулката на театарот постоеше единство меѓу сценската и духовната религиозност.

Тргнете накај Хераклеа на крилјата на ангелот и сонувајте. На половина пат од Прилеп ќе ве пресретне светилиштето на Тиха. Третиот век од периодот на македонската доминација на светот, Тиха, чудната божица на среќата, златокрила, добра, благонаклона, неправедна, дива или слепа. Македонците кои театарствуваа во Хераклеа пред претставите доаѓаа да и се помолат. Ги пееја пеаните, дитирамбите и играа во стапки. Денешните ора.

Марко Цепенков смолчено пред домот се притаил. Горе во стоата пред сцената траат разговорите за претставите. 34-ти пат "Војдан Чернодрински". Водители, селектори, жири комисии, медијатори, луѓе кои сакаат да ви го одземат столот и зборот и други кои товарат купишта зборови врз грбот на актерот и тоа сценско свето место.

Долу во фестивалското кафуле се случи света средба. Господинот актер Владимир Светиев со театарот "Скрб и утеха". Не присуствуваше на разговорите. Си тихува во театарското бифе. Потоа ни го прочита својот Труд за симпозиумот "Актерството и режијата во македонскиот театар". Темата беше Ристо Шишков."Да не беше сето воа за џабе, бе љољо? "- му рече. Ни зборуваше дека

"театарот е најсилно оружје против лагата, полтронството, примитивизмот. За играта на Шишков во "Зајдисонце" на Бабељ, за неговиот Мендељ Крик. За тоа колку душа внесол во сето тоа. За тоа дека Анатолиј Ефрос го викал Шишков да ја игра истата улога на македонски во Русија, за тоа дека создал улога од сопствената крв и скрб". Тихуваме во театарското кафуленце со Владо Светиев. Ни ги исполнија душите неговите писанија. Театарот има смисол само ако открива нешто ново. Покажете ми како го играте Хамлет ќе ви кажам што човек сте. Еден човек што седеше на масата до нас пушти една солза. Беше тоа скрб за актерот. За актерот кого го изеде социјалистичкиот македонски театар. Се расплака.

На тркалезните маси и столови куп зборови натоварени врз грбот на актерите. Јас со толкава леснотија на постоењето не би можел да зборувам за светоста. Во манастирот Свети Архангел Михаил граден 1371 на истото место на кое веројатно постоело и античко македонско светилиште на столбовите вградени во стоата на манастирот е врежано кирилско писмо од 8 век од оваа ера. Втор по значење текст после оној од селото Герман. Антички столбови со кирилско писмо. А што ако?!...

Храмот на Тихе го оставаме во Стибера на полпат меѓу Прилеп и Хераклеа. Отвори ни го патот златокрила убавице. Друмуваме накај дома зборувајќи за "Зајдисонце". Првпат. Вторпат. Во името на светоста. Во името на Ристо Шишков.

И солзата на непознатиот собеседник за смртта на актерот.

# ЧЕСТИТ ПАНАЃУР, МАКЕДОНИЈО

На денот на смртта на брата си се прочита во весникот. Беше сабота 3 златец Божјо лето 1999-то. Не, не се работеше за вистинскиот датум. Денот беше поместен од охридскиот патријарх кир Јосиф и Синодот од 21 косар 1740-та. Во пастирската посланица пишува дека се преместува панаѓурот оти е зимско време(5 коложег) и оти празникот на Свети Наум паѓа непосредно пред Раѓањето на Спасителот наш Исус Христос. (Марко Китевски "Македонски народни празници и обичаи").

На денот на брата си се прочита. Се работеше за Свети Климент и Свети Наум. Некои велат дека се работи за духовно братство, а некои дека навистина се браќа. Заедно почнаа да ги градат манастирите. Приказната продолжува со гулаби и чавки. На Климентовата црква на јажето од камбаната застанале чавки, ѕвоното удрило и мајсторите престанале да работат. Не го доизградиле кубето, на Турците им било полесно да ја потурчат. Додека пак на Наумовата црква слетале бели гулаби откако манастирот бил готов.

На 3 јули во "Нова Македонија" излезе вест дека новиот покровител на фестивалот "Охридско лето" е светецот. Беше тоа Свети Климент ученикот на Свети Кирил и Методија и брат на Свети Наум. Основач на охридската книжевна школа, возобновениот македонски универзитет, во кој описменил и пословил над 3500 ученици. "Свети Климент заштитник на градот Охрид просветител, преведувач, учител. Секогаш кога над градот ќе се

надвиснеше некоја несреќа се јавуваше духот на Свети Климент и го спасуваше од страдања".

Овојпат тоа се случи баш на Свети Наум. Беше 3 јули 1999-та. Фестивалот "Охридско лето" доби нов покровител. Претседателот беше заменет со Светецот. Деполитизација на културата. Нејзино просветување. Иако првичниот датум е врзан со преместување на панаѓурот, панаѓурот, веселбата, фестивалот во чест на Свети Наум од зиме во лете од вистинскиот ден на смртта на светецот 5 јануари - во 3 јули. Сепак, историјата се преповтори. Панаѓурот доби нов покровител. Фестивалот се деполитизира. Неколку учесници го откажаа настапувањето. Веста за покровителството на Свети Климент беше објавена на Свети Наум. Браќата повторно се сретнаа во македонската историја преку театарското општопознато сега и овде.

Нам на кротките луѓе ни останува да видиме дека деполитизацијата на културата ќе биде навистина спроведена за сите забранети теми на македонскиот народ. Од древно-македонскиот скрбизам до денеска. Во името на Светецот. Во името на брат му и исцелител Свети Наум. Во името на возобновениот македонски универзитет охридската книжевна школа. Помеѓу градбата на манастирите, гулабите и чавките. "Оти духот на Свети Климент ги спасуваше охриѓани од страдања. Секогаш кога ќе се надвиснеше несреќа над македонскиот народ". Музика.Инструмент за придружба. Прв том од речникот на македонскиот јазик со српско-хрватски толкувања 1979, Скопје. Второто неизменето издание. Страничка 48. Долу десно, четвртиот збор гледано од дното. Пеаните во чест на Аполон. За радост. Болка. Разделба.

Веселба и тага.

И честит панаѓур, Македонци мои.

## СВИРКАЊЕ И СЛИКАЊЕ

Дента кога ми го донесоа мечот се водеше интерпелацијата. Во собранискиот клуб си седам и не ми е ниту до сликање, ниту до свиркање. Како влегов ќе ви раскажам другпат. Кој ме повика такуѓере. Можеше да дојде до неизбежната средба. Ви велам не ми беше ниту до свиркање, ниту до сликање. Си седам така во собранискиот клуб дената кога ми го донесоа мечот.

Тој што си сликаше и си свиркаше денес си има фестивалче. Односно има фестивал кој го носи неговото именце. Фестивал на филмската камера "Браќа Манаки". Си сликаше и си свиркаше. Можеби му понудиле нешто кое не смеел да го одбие? Или таков му бил табиетот. Нема Војвода или чета која ја нема сликано. Тој што му недостасувал го цртал со моливчето. Погледнете го македонскиот албум на Гладстоун. Сите се таму како во некоја картотека.

Една фотографија одеше во четата. Друга во софискиот отсек на ВМРО. Трета во Костур кај грчкиот Владика. Четвртата во Министерството за "култура" во Стамбол. Потоа Министерството за "култура" стамболското си ја вршеше работата меѓу Петровден и Митровден. Или пак меѓу Митровден и Петровден. Го чистеше македонскиот народ од своите бунтовни илинденци. Од своите највоинствени синови.

Можеби господинот Манаки и немаше

поинаков избор. Или му беа понудиле нешто кое не сакаше да го одбие. Како сопствен избор од македонските борби на почетокот на 20-тиот век. Или, пак, се работеше за обична трговија од полза. Не знам, нека истражуваат историчарите. Навистина не знам. Знам само дека дента кога ми го донесоа царскиот меч се најдов во собранискиот клуб и дека штотуку започнуваше интерпелација. На едниот му забележуваат дека повторно во образованието ни го воведува Господ, на другиот дека во културата ни ги воведува нерасчистените македонски борби од почетокот на 20-тиот век. Не ми беше ниту до сликање ниту до свиркање, се работеше за обид да дојде до средба. Што се однесува до Господ, Хрисип стоикот велеше: "Сé е таткото, сé е синот!" и белосветските учени ќе се сложат дека христијанството во голема мера се базира на стоичката филозофска школа која била присутна кај старите Македонци. Во Светото писмо во Новиот и Стариот завет се присутни Македонците и не гледам причина веронауката да му пречи на образовниот систем.

Што се однесува до нерасчистените македонски борби од почетокот на веков редно е веќе да се дорасчистат, се разбира, дозволувајќи секој да учествува во сценските "авгиеви македонски штали" како залог на слободата. И така мене не ми беше ниту до сликање ниту до свиркање. На денот на интерпелацијата ми го донесоа царскиот древен македонски меч искован по оригиналот ископан на Вардарското ритченце. Се најдов во собранискиот клуб. Беше тоа предпремиера на некоја идна средба. Или обид да дојде до истата.

Милтон Манаки си сликаше и си свиркаше.

Помагаше да се исчисти македонскиот народ од своите најверни синови. Трговија со фотографии меѓу Стамбол, Софија, грчкиот Владика во Костур. Потоа следуваше поморот меѓу Митровден и Петровден.

Како влегов ќе ви раскажам другпат. Кој ме повика такуѓере. Се одложи најавуваната средба. Потоа започна интерпелацијата.

Се случи тоа дента кога ми донесоа копија од древниот македонски меч.

Сите беа таму како во некоја картотека.

## ЗА МАКЕДОНСКАТА ВРАТА

"Аман веќе со тој Александар Македонски!" - ми рече. Мирисаше на тазе кречено. Потоа издрумува низ ходникот и отиде на часот. Средба во ходникот на ФДУ. Навистина мирисаше на кречено. На ФДУ му се случуваат промените. Ете, се примаат професори и асистенти, се отвораат нови катедри и така натаму. "Добро пишуваш, ама аман веќе со тој Македонецот?!" - ми рече. Припаѓаше на таборот на славо Македонците кои се во жестока војна до истребување со б´лгарските Македонци, напред браќа, удрете едни на други за да докажете кои од вас се поголеми Словени или Б´лгари од Македонците.

Замина низ ходничето кое мирисаше на боја. Не стигнав да му одговорам. Во чантата го носев Тацит и неговите "Анали". Таму пишува дека "атинците одамна се исчезнати, се спомнуваат Македонците, таму пишува..."

И Македонци мои, ние навистина сме надвор

од сите вери и клетви. Ако сме Словени кои дошле и се нарекле по територијата Македонија, се нарекле Славо-Македонци, тогаш Грците имаат право дека им го крадеме името и историјата и сонцето, оти тоа е нивно, нели сме во нивната Македонија. Тогаш постојат и грчки Македонци и б´лгарски Македонци и илирски Македонци и ние не треба да се лутиме кога не викаат славо-Македонци. И тогаш да го отфрлиме она Македонци и да си бидеме само Словени и да се обединиме со Словаците и Словенците кои бездруго се Словени. И Македонци мои, тогаш ние имаме проблем со идентитетот со сите тие постмодерни категории на македонството: грчки, словенски, бугарски и илирски Македонци. Цел куп Македонци. Цел буљук Македонци. И ја имаме отворено вратата, портата за нашето последно распаѓање.

Наспроти тоа со еден слободен аристотеловски ум можете да повлечете следственост на еден македонски континуитет од безмалку 3.000 Божји години од Македон синот на Ѕеус и Тија до републикава. Препрочитувањето на политичката историја се случува. Ги имаме: Г. Грневич, Ришков (Русија), Р. Пешиќ, Б.Кљакиќ(Србија), Домазетовиќ(Црна Гора), Г.И. Кацаров, Богдан Богданов, Д. Костова (Бугарија), К. Чулкас (Грција), Л.Ф. Пасов, Макс Фасмер, Ј. Фелмерајер (Германија) и нашите преродбеници кои секој на свој начин ја бие својата битка: д-р Наде Проева, д-р Ташко Белчев, д-р Ристо Ивановски, Васил Иљов, д-р Илија Чашуле, Ангелина Маркус, Симе Пандовски, д-р Лидија Славевска, Вангел Божиновски, Ѓорѓи Котевски и другите.

"Добро пишуваш само аман со тој

Александар!" - ми рече. Мирисаше на бојадисување. Во чантата ми остана Тацит. Пишува дека атинците се исчезнати. Се отвораат нови катедри, се произведуваат професори. Се водат братоубиствени војни меѓу славо и б´лгаро Македонците. Дури и министерот за култура го гледаме на претсдателските митинзи. Митинзи кои војуваат за нашите гласови.

Во факултетскиот ходник мирисаше на молерско. Човекот замина на Правоговор. Во чантата ми остана Тацид. Ах, тој Александар Македонецот! Што му требаше толку да се проСЛАВУВА.

Идентитет кој трае безмалку 3.000 божји години! А што, всушност, авторот сакал да каже? Нешто помеѓу славо и б´лгаро Македонците. Повеќе ми се допаѓа Скалион на Олимп, како следственост и духовна височина.

Само обид да ја затворам вратата. Портата на нашето распаѓање. Напред браќа! Удрете едни на други! Илери!

# БАШИБОЗУЦИ И РЕЦКАРИ НА ИСТОРИСКИ ЛАГИ

Беше се здушил така од некаква скрб. БЛАГОЧЕСТИВИОТ. ХРИСТОЉУБИВИОТ. Македонскиот цар. Стефан. Душан. Нешто го задушуваше. Ја подистави раката од себе кон реката. Клекнат под мостот. Тече ли тече Вардарот. Ех реко. Од Хомера само од неговиот запис минаа 3500 Божји години. А ти си течеш.Душан Силното ја брцна раката во водата. Нацрпи од реката во дланките и се плисна по лицето. Издиша. "Душане, брате мили, што се скрбиш како некој последник на македонската гибел? Еј Душане, цару, каде ти е силата?"

Беше 21 Косар 1349-тата. Отидов во Прага едноставно ми дојде во душава да го минам македонскиот праг. Со горниот датум следи текстот на Душановиот законик: "Благовернаго, христољубиваго, македонскога цара Стефана законик..." Или загребскиот ракопис: "Благочестиваго, христољубиваго македонскога цара Стефана, Душан Силното." Ех сило моја македонска?!

Го поминав македонскиот праг и се најдов во Прага. Да го видам Душановиот законик. Истиот текст го имаат загрепчаните и софијците. Во своите музеи. Интересно, нам Душан Силното ни го продаваат историјците како српски цар. Додека на неговиот закон пишува нешто сосема друго. Прво стои македонскиот цар Стефан Душан, а потоа се наредени во некој балкански ред останатите: "српскога, болгарскога, унгарскога, далматинскога, арбанскога, уговлахскога... "Штета што не ги

запишале и Илирите и тие да му се фатат на македонскиот ред. Штета?!

Го крунисаа на 16 тревен 1346 во Скопје со благослов на македонско-охридскиот архиепископ (Симе Пандовски "Македонија земја со прастара култура" Битола 1992). Го крунисаа како македонски цар, потоа историските балкански рецкари го направија СЕРБ.

Се плисна со водата од древната река. Погледна во мостот. Душановиот мост. Внатрешен оган. Знаеше дека мостот е на Вистин Вистинијан. Со него ги врзуваше врската со камениот мост. Ги врзуваше македонската трага. Јустинајановото право. Душановиот законик. Едното беше "римско". Небаре Рим се наоѓал во Македонија! А другото беше "српско"? Иако на законикот на Душан пишува македонскиот цар Стефан Душан. Рецкари се тоа нема што, Македонци мои. Рецкари на историски лаги.

Го душеше нешто во душата. Душане синко мајчин ти ја чипчат, вјасаат силата. Биди СИЛЕН, Македонецу, Силен учителот на Диониса деноносецот, доносителот на денот.

СЕРБ - турски збор значи слободен човек. СЕРВУС - коине или латински значи слуга. СЕРП - срп оној кој српал работел со српот. Или СЕРД - античко македонско племе на територијата на денешна СОФИЈА (СЕРДИКА).

Најважното питание за македонските историски рецкари е кој е поголем Македонец од Македонците? Б́лгарскиот Македонец, грчкиот Македонец, славо Македонецот или српскиот Македонец, или ново расплодените илирски Македонци?

Душан Силниот македонскиот цар се зами со светата македонска река. Го погали каменот на мостот. Знаеше дека го градеше неговиот предок Вистинијан. Имаше жед токму за неа. За вистината.

Додека го словословосував текстот на МТВ одеше емисијата "Античките Македонци се иселиле под притисокот на словените"? Беше сликана некаква бугарска книга за Самуило како бугарски цар... Родоморие. Рецкари на историски лаги.

Душан повторно ја здоби силата. Едноставно не можат да се доуништат сите македонски траги. Родоморци. Рецкари на лаги и друзи башибозуци.

## СТЕРНАТА НА СЦЕНСКИОТ БАРД

Беа дојдени и Јана убава и водата студена. Дотекоа на сцената. Роди се Јана убава. Роди се Јана убава. Песната појде како завет дека се отвора уште едно макекдонско петно. Стерната. Фрлете го бубаќот и отворете ја стерната нека екне. Нека ропне. Нека скипне. Нека гргори. Се чувствуаше Ристо Шишков. Беше тоа показание како расне духовната големина низ факторот време. Мртвиот актер кој живее. Актерот кој не умира. Тој. Великиот кој го заслужи Александровото именување.

Прв беседеше Васе Манчев. Зборуваше за врчот со пелин и грдотило, за официјалната "македонска" дистанца врз најрасниот македонски актер, македонскиот бард. "Ние не му требаме нему!" - рече. Ние. Мери Бошкова го донесе низ својата сценска посвета. Ја играше сцената од "Глембаеви" го донесе да биде. Да го видиме преку нејзината игра.

"Не му требаме ние нему! Не му требаме!" - продолжуваше беседата. Потоа Владимир Светиев ја кажа неговата песна. Мето Јовановски не дојде. Дојде заменик министерот за култура Благој Чоревски. Проглаголи едно вистинито сторение со жртвуваниот. Дојдовме многумина. Се отвораше една македонска стерна. Александар Шехтански, Снежана Конески Руси, д-р Димитар Пандев, Славе Ѓорѓо Димоски и авторот на монографијата за Ристо Шишков, Гоце Ристовски. Актери, режисери, љубители на театарот и сеирџии. Илија Милчин го грабна зборот. Даде думание за геноцидот врз Македонија за тоа дека играта на сардисаниот сценски бард била дел од македонската борба за слобода. За тоа дека Македонија не му дала, не му вратила на Шишков колку што и се дарувал тој. "Го сакаше својот театар!" - заврши Илија Милчин.

На крајот се појави синот. Го донесе долго потиснуваната скрб. Излезе, го поведе енергијата на потиснатата стерна. Чиниш лично Ристо слегол да ја доигра улогата. Донесе дамари од забранетите претстави. Од забранетите македонски теми. Беше тоа Васил Шишков. На платното на сцената одеа филмовите на чествуваниот. Ристо Шишков кого го изеде социјалистичка Македонија. Го изеде.

Неодамна во едно интервју еден скопски режисер изјави дека "во Македонија никогаш немало цензура". Ех, лажго низаеден. Можеби е сега директор во некаков театар.

Книгата на Гоце Ристовски отвори едно од македонските петна. Го донесе како пишан збор. Прочитајте ја Македонци мои и уверете се сами дали режисерчето е лажле. Книга која мораше да биде

напишана. Нека нејзиното присуство биде движење за да се отворат и останатите македонски недоречености. Беше тоа вечер на ангелот од Мрсна од таа Македонија.

Дотече водата студена. Се случи родение на Јана Убава. И магијата беше чевствувањето на Шишков. Застанал велик на таа сцена и клокоти: "Македонијо! Кој рече дека актерот умира? Жив е Шиле. Не успеавте, џелати проклети!..."

Се собравме во театарот Центар да ја отвориме стерната. Затната со бубаќот на комунистичка култура. Во тоа голем залог даде авторот на монографијата "Шишков" Гоце Ристовски. Не чекаат уште македонски теми за благословување. Господ да ни ја благослови Македонија.

Се разбира ние не му требаме нему. Тој ни е нужен нам.

# СЕЧИ БРАТЕ МИЛИ!

"Дајте ми меч!" - врескаше Соломон. "Дајте ми меч!" Време беше веќе да се реши. Да се пресече.

За тоа време тајфата ја создаваше портата. Не, не беше верна на вистинската. Ја воскреснуваа од дрво. Вистинската била од камен. Беше тоа обид да се загатне нејзиното возобновување. Дента кога гласаа ја создадоа портата. Дента кога гласаа и закасаа.

На левата кула ако застанете пред неа со лицето кон агората со ликот кон градската широчинка, кон тоа исползувано место, на левата кула се вишнее македонското етничко знаме. Под него големата Ма богињата на древните и сегашните, старите и младите, нашите и нивните, Македонците. Под него големата мајка со крилја ангелски ја варди, го варди влезот за вистината.

И на нејзиното чело, на портата, веројатно "Ангелот" од "Пулс" го срочил следното: "necesse est, vivere non est". "Ангелот" од неделникот "Пулс" една од најдобрите промени врз "ПРОМЕНИТЕ". Вангел Божиновски го срочил тоа за да го скрби граѓанскиот македонски "словенски" народец. Го срочил тоа баш на денот кога гласаа и закасаа.

"Дајте ми меч, мајката ваша, се раздра Соломон! па ќе ви кажам чија е оваа, чија е оваа портосана земја!" На градската агора, таа пуста широчинка се случуваше општо народна буна, востание, револуција, едните ги поразија другите, не може тоа така, на оружје браќа, напред, кога гласаа и закасаа едни наспроти други.

Баш тогаш тајфата древномакедонска ја подигна портата на таорчанецот Вистин, Јустин, Ваистинијан, човекот кој на "јазикот на неговиот народ името му значи правда". Човекот кој го возобнови македонското право, кој им го даде на римјаните, како што возобновувањето на портата се обидува да им го даде Вангел Божиноски со тајфата на скопјаните. И го срочил тоа на латински за да го скрби Македонецот, граѓанинот кој претходно си гласа а потоа мораше да закаса. Мораше оти двамина не може да претседателуваат. " Дајте ми меч! "- рече кротко Соломон. Требаше да реши чие е чедото. Па реши да го пресече на две и да им го подели на двете мајки. Тогаш вистинската рече дека детето е на другата мајка за да го спаси од гибел.

Го срочил тоа пред јустинијановата порта кое во слободен препев од латински на современиот македонски значи од немукает не се живее. Или просто од некоја нужност.

Недалеку од портата се креваат буни, востанија, револуции, на градската широчинка. Во која едните наликуваат на другите во нужноста на десет годишната македонска војна (тројанска) за превласт.

Вангел го скрби заспаниот македонски народ. Се обидува да го спаси од словенисувањето. "Напред браќа, удрете едни на други!" - ечи од широчиннката.

"Дајте ми меч!" - рече царот Соломон.

За жал не можат да победат двамина. Или од немукает не се македонствува.

А што ако за разлика од вистинската мајка решат да сечат?

Се друго е жетва на сеeното семе од

ПАТРИЈАРШИСКО-ЕГЗАРХИСКИОТ период на Македонците. Пред македонската јустинијанова порта на вистината, на подигнатото плато пред кафулето "Александар Плац" недалеку од градската широчинка, нашата агора, Македонци мои, изгласани, закасани, портосани.

Каква штета што не можат да победат обата.

Еве ви меч! Еве ви го тој меч! Сечете за да видиме чија е нашава Македонија. Од немукает? Или така просто од нужност.

Сечи брате мили!

## ЧЕРНОДРИНСКИ Е МРТОВ, ДА ЖИВЕАТ ФЕСТИВАЛИТЕ

По единаесет години од возобновувањето на театарот дојдоа селекторот и претседателот. Можеби се работеше за гест на помирување и добра волја.

Кога ќе се спомне театарот се работи за општо место. Театарот, но каков театар? Соцреалистички на пример, или пак, средно граѓански. Клучното прашање за македонскиот тетарски народ.

Единаесет години од возобновувањето на театарот "Скрб и утеха" по единаесет Божји лета театарствување за прв пат дојдоа селекторот и претседателот од еден македонски тетарски фестивал да се опулат во претставата. Дојдоа да ја гледаат театарската творба дали е вредна да се натпреварува со другите.

Името на театарскиот фестивал го носи човек којшто ја започна првата "Скрб и утеха" во салонот

"Славјанска беседа" во Софија, некаде 1895-та. Се кажува Војдан Чернодрински.

Пред таа претстава игравме во Домот за деца без родители. Не гушкаа децата откако завршивме со играта. Беше тоа потреба од љубов. Потоа дојдовме во салонот "19,19" . Потоа по нас дојдоа претседателот и селекторот.

Нивното доаѓање одеше малку од околу. Првин ТИЕ ги објавија пријавените театри за фестивалот. Потоа НИЕ им упативме протестно писмо. Потоа ТИЕ ни вратија со писмо пишувано на рака без меморандум и печат. Потоа НИЕ им се јавивме по телефон. Потоа ТИЕ ни рекоа дека може селекторот да ни ја види претставата. Театарот е едно општо место. Каков театар? Клучното прашање за македонскиот театарски народец.

Оваа приказна со НИЕ и ТИЕ започна всушност пред три македонски фестивали, но денеска ќе зборуваме за убавите работи.

Беше 22 тревен, Свети маченик Евпсихие. Првата претстава се отвори во ОУ"Лазо Тасевски". Втората во Домот за деца без родители "11 Октомври", третата во салонот "19,19".

На третата дојдоа претседателот и селекторот на македонскиот театарски фестивал "Војдан Чернодрински". Можеби се работеше за добра волја и помирување. Се случи тоа 11 години откако тргна второт "Скрб и утеха". Доволно време за расмислување од која линија тоа општо место станува духовна доблест, а од која линија естрада, пазар "себеафирмирање" и бесмисленост.

Претставата се вика "Зајдисонце". Беше тоа 29-та изведба. Откако театарот заврши селекторот и

претседателот си заминаа дома, заборавајќи на своите колеги да им подадат дланка без разлика дали ја опулија или ги опали претставата. Се работеше нели за гест на мир и добрина. Процес на 11-годишно соседство на македонската сцена. Театар, но каков тетар? Соцреалистички или граѓански.

"Скрб и утеха" го знае одговорот. А ТИЕ? Или Чернодрински е мртов. Да живеат фестивалите.

Пред тоа се дарувавме во Домот за деца без родители. Не гушкаа по претставата. Се работеше за недостаток од љубов.

## И ЕДНИТЕ И ДРУГИТЕ

Пред споменикот се појавија сите. Баш сите. И едните и другите. И третите и четвртите. Убаво е кога во градот ќе никне споменик на некоја славна личност од нашето минато. Од нашата сегашност како завет за иднината. Се работеше за мајка Тереза, скопјанката Бојаџиу, како што јавуваа медиумите. Се собравме сите, се славеше, се чествуваше, се радуваше, се славословосуваше, сите, баш сите и едните и другите и третите и четвртите. Политичари, публицисти, мисионери, кандидати за претседатели, партии, асоцијации, началници на градот, случајни минувачи, љубопитни сеирџии, одважни спонзори, медијатори и други граѓани на нашава оаза. Нека ни е честито: се посади и никна споменик , паметник за градот да не ни биде безлично место на планетава земја.

Убаво е кога човек за време на својот живот ќе стори толку добрина што додека е жив го

прогласуваат за светец. Мајка Тереза заслужува споменик, со неа ќе се гордее градот и народот, македонскиот народ. Скопјанката, велат медиумите, скопјанката Бојаџиу со македонско презиме.

И што? Што ќе се случи понатаму со спомениците? Ќе има ли желби и дејанија да се поставaт споменици, паметници на сите од Македонија? И едните и другите и третите и четвртите и петтите и шестите. Поп Богомил на пример. Потоа Андреа Дамјанов Папрадишки. Потоа таорчанецот, несудениот скопјанец Јустинијан. Нели и тој е скопјанец? Потоа Петре Гарка Филиповски и Макарие Фрчковски. Потоа Апостолот Павле со сонот за Македонецот. Потоа Цар Самуил со свитата или со виделината. Потоа илинденците или пак контроверзните Тодор Александров и Иванчо Михајлов. Или пак најнакрај македонскиот цар Александар Третиот Великиот на коњ со репликата од Плутарх: "Додека јас за Македонците го освојував светот ..." и така натаму.

Ако имаме доблест, чест и достоинство треба да им кренеме споменици на сите, на едните и другите, на третите и четвртите, на сите оние кои историјата ги врзува со македонскиот народ од македонскиот период на владеењето на светот до денеска.

Се разбира, немам ништо против да се крене еден споменик и на Словените, ќе го изваjaвме онака мокар, само што го препливал Дунав со трскичка во раката и со гордо чело. Немам ништо против под него да напишеме: "Гледајте ме, јас сум тој што ве дофтасав од уџум Карпатите и ве направил Македонци?!"

Сакав да пишувам за Бојаџиевци, а повторно ме фати македонствување. Прости ми, Боже,

повторно ми протатнеа Хомеровите дамари запишани како стапки, удари на тапанот во македонските ора. Да, да не го заборавиме и Хомера. Под неговиот споменик ќе напишеме: "Јазикот на Славо-Македонците од Лерин води потекло од раниот хомеров јазик" Консатантин Чулкас.

Сакав да пишувам за Бојаџиевци, а повторно ме навасаа дамарите. Нека му е честит на градот спомеников на скопјанката со македонско презиме. Но, што ќе биде со другите? Имаме ли доблест и почит за сите кои ги памети нашава Македонија? И едните и дугите и третите и четвртите?

Ќе им кренеме ли споменици - паметници и ним за да му го вратиме идентитетот на народот и на градот?

Не чека многу работа, Македонци мои.

# ПРАВОТО ДА СЕ БИДЕ

Настана неочекувано молчење. Му молсна некаква празнина во умот. Стои на празната сцена лично тој, апостолот, Ахил, војводата. Требаше да каже некој текст дека светот го разбира, или така нешто. Пере Тошев се стаписа. Му мигна со ќефалото, го гледа молитвено да се сети на репликата. Дамјан Груев се стемни, се почеша по брадата. Верувале или не тие тројцата 1894-та или 1895-та беа учители во Штип. И со својата драмска трупа ги играа "Разбојници" од Шилер. Стои Гоце Делчев колку е долг и широк, се распослал по сцената и ѝ дал слобода на својата дума. "Јас светот... - па направи значајна пауза - го разбирам како поле за ..." Среќа не беше првата вечер, беше само една од пробите. За среќа. Го учеа текстот Дамјан Груев, Пере Тошев и Гоце Делчев во училиштето во Штип.

За тоа време Војдан Чернодрински фаќаше каршилак со "Скрб и утеха" во Средец во салонот "Славјанска беседа" со своите едночинки. Беше тоа време на театар, на борба, на учителствување и на македонската гибел.

Потоа накому му текна дека Ахил лично и персонално го срочил тоа за културнот натрпевар меѓу народите.

"Јас, светот го разбирам како поле за културен натпревар меѓу народите!" Па потоа обврзно стои Гоце Делчев. И така сите тројца актери револуционери ги застрелаа. Делчев на Баница, Пере Тошев на граница, Дамјан Груев на Мечкиното камче. Само Војдан Чернодрински остана заборавен како

некаков историски библиотекар на македонските работи.

Кој против кого? Македонците најдобро, најжестоко се борат меѓу себе. Набрзо по погромот на Илинденците, се вмешаа нашите "ослободители" да не потераат едни против други. И така сега ги имаме комплексите на Тодор Александров и Ванчо Михајлов или пак на пиринскиот цар Јане Сандански. И така: "јас светот го разбирам, рече Апостолот, како поле за културен натпревар меѓу народите?!" Но никој не го открива долго чуваното таинство за кои народи станува збор? За југословенските народи? За словенските народи? За илирските народи? Или за македонските народи? За кои народи станува збор и за нивната културна борба. Се разбира, едно е јасно - нашава Македонија е едно осамено поле. На кое си водат војна културните народи, борба за докажување чија е Македонија, кому му припаѓаат Македонците со нивната древна култура и доблест.

Местото на раѓање му се наоѓа во грчка Македонија. Го славословосуваат Б´лгарите. Гробот му се наоѓа во Свети Спас во Скопје.

И, се разбира, Скопје е центар на сеалбански култури. Настана штама. Се возбуди Гоце Делчев, му затрепери гласот: "Јас светот не го разбирам!" - рече. Пере Тошев прсна во смеа. Дамјан Груев слезе од сцената и го отвори комунистичкиот манифест. А Војдан Чернодрински беше во создавање на театарот "Скрб и утеха".

Возобновениот театар "Скрб и утеха" оваа година не доби финансии да има премиера од Министерството за култура и славната театарска комисија." Светот е поле за културен натпревар меѓу

народите". Македонија е поле. Но, дали на тоа поле ќе им се дозволи учество и на Македонците? Затрепери мустакот на Гоце Делчев. Мина студениот куршум низ македонското срце. Ех Баницо, гибел македонска. Чинам како да паѓаше столетен даб со гигантската крошна. Тресна. Земјата се затресе дур до Олимп. Од далеку долета древен ПЕАН. "Слушам кај шумат шумите, плачат за војводата ..."

Молк во тоа поле. Но, дали ќе се дозволи да се натпреваруваат и Македонците?

## СКАЛИТЕ НА СКАЛИОН

Далдисани како дупнизелници се пентариме на Олимп. Се стремиме кон највисоката кота на македонската гора. Скалион. Така се вика врвот. Под нас остана манастирот во кој повремено престојуваа солунците Светите браќа. Кирил и Методија. Поточно она што беше останало од него. "Олимп се наоѓа во границите на Македонија"- запишал Страбо. Е, мој пријателе, а Македонија во кои граници се наоѓа? Се наоѓаше? Ги качуваме скалите на Скалион. Ние, сите Македонци, се собравме да се договориме, да решиме, да пресечеме од македонскиот јазол. Сите, баш сите. Сите подврсти на нашиот славен и прославен народец. Славомакедонецот, Б´лгаромакедонецот, Гркомакедонецот и Илиромакедонецот и Македонецот. "Сите ли сме нашинци - некој проговори - сите ли сме Македонци? Сите!" Како едно се сложивме. "Јас сум Блгарин и Македонец!" - рече едниот.

"Јас сум и Словен и Македонец!" рече вториот. "Јас, пак, сум Илир, но и Македонец ќе да сум! А јас сум и Македонец и Грк!" Долу распукуваше поглед на Македоднија. Манастирот на македонските просветители Светите Кирил и Методија заробен во сводот. "А јас сум обичен Македонец!" - рече. "Но, сигурен сум дека сум Македонец и не ми треба некое друго именување. Вие сите сакате да бидете двајца. Полу Македонци полу нешто друго. Но, ако таква е работата, ако сте и понатаму Македонци, тогаш да си подадеме рака и да ја обелодениме нашата МАКЕДОНИЈА". Им рече.

Настана молк. Имаше една кратка веда дека можеби ќе се одврзе јазолчето. Македонскиот јазол. Гордиевиот јазол. Но потоа настана македонствување. "Но чија ќе биде Македонија?" - прашаа. "На Македонците!" - им одговори. "На кои Македонци?" - прашаа. "На сите Македонци!" - им одговори. "Ама Македонците се Грци. Не Б´лгари. Не, туку Словени и Илири" - вревеа. "Вие имате проблем со идентитетот!" - им рече Македонецот. "Ете, дури и јас како Македонец да се повлечам во историјата и да ви ја оставам Македонија, вие ќе се испоколете, ќе се изглодате меѓу себе докажувајќи кому му припаѓа Македонија". "Не можеш да бидеш двајца!" - крикнуваше актерот во претставата. "Не можеш!" Дури и Алберт Ајнштајн со теоријата на релативитетот ја потврдуваше македонската теорија. Ја игравме со "Скрб и утеха".

"Вие сте само збирштина од дупнизелници на кои најголемиот дострел е да им бидете склавини, серви, на Европата. Им служите за матење на македонскиот јазол. Мртви елечиња, расплодени

арнаутчиња, луѓе со турско име врз македонскиот народ, вулгари и сл".

Персија се распадна. Македонската империја такуѓере. Рим исто. Византија се разбира. Руското царство исто. Австроунгарија и Хитлеровиот обид. Тоа е процес. Следните се каубојците. И што ќе сторат тогаш вавилонските европејци. Кој ќе ги брани од Нострадамусовото следство.

Можеби нашите одродени македонски браќа Русите. Кои на еден или друг начин водат потекло од хомеровиот период на македонскиот народ. Од орфејско-дионосискиот период.

Отидов на манастирот на Олимп на Свети Кирил и Методија.

Оставив збирштина од дупнизелници да го ситнат македонскиот идентитет. Ех каква нискост.

Македонството не е само етнос и идентитет туку гордост и величие. По скалите на Скалион накај Олимп. Дури и зборот си останал ист во современиот македонски СКАЛИ. Нешто по кое се искачуваш или слегуваш од историјата.

"Не можеш да бидеш двајца!" - крикнуваше актерката во претставата. Беше тоа Македонката Лидија која ја покрсти Апостолот Павле. Потоа започнаа пеаните. Среќни деноносии Македонци мои. Од Кирило - методиевскиот манастир до светоста која се таи во вас како дамар од предците.

# ЛЕТАЈ, ЛАСТОВИЧКЕ МОЈА

Како забрадена мисла долго поттиснувана во талогот на душата излезе на виделината. Ги рашири крилјата во ракле и полета. Го мина атинскиот ѕид каде што започна промоцијата. Беотија, Епир, Тесалија, македонското поле, ја надлета пелата и повторно низ ѕидот влезе во домот на армијата. Домот на армијата во републикава. Имаше промоција на една книга "Македончето" од Петрос Г. Воцис. Издадена 1998 година во Атина и преведена од Васко Караџа. Првиот рецензент рече дека тоа е книга која ќе ве возбуди штом ќе се прочита. Втората рецензентка зборуваше за рожбата, за црните букви пишувани со оган од златното усте и за албанскиот фронт. Преведувачот кажа дека "не ни се потребни лаги и омраза туку културна и благородна комуникација". Најнакрај стана и авторот.

Ластовичката мина низ трите ѕида на пелата. Атинскиот каде што беше тамошната промоција. Скопскиот каде што се случуваше сега. И македонскиот ѕид - рампата кај Гевгелија. Воздишки. Таени солзи од публиката. Го крена древниот повтеж. Стана. Го крена талогот на душата и продума на, како што самиот кажа, јазикот на леринското поле. Зборуваше за скршените букви, за издупчените зборови, за стравот, за тоа како навечер му "лафе душата", за тоа како се распустивме, како ја напишал оваа книга за неполн месец дена. Зборуваше за солзите и пишувањето. Токму тогаш долета ластовичката на скопската промоција.

Лета една ластовичка над нашите глави. Мина

низ македонскиот ѕид. Ѕид кој се прчи пред нас веќе 2000 Божји години. Ѕид никнат после поразот на Пидна и Киноскефале, кучешките глави, кога римјаните ја поделија Македонија на четири Склавинии (Словении). Кучешки глави. Магла и поразот на македонскиот цар Персеј. Словени и склавинии кои постојат и денеска како сосема нови именувања: Албанија, Србија, Бугарија и Грција.

Лета една ластовичка и можеби ни ја донесува пролеттта. Петре В´чков (Петрос Воцис) побара прошка од нас оти му недостасуваат македонските думи. Ќе побараме ли ние прочка од него оти ништо не сторивме тој да дознае за нив? Тој да има право на своите думи. Ластовичка, која ја донесува пролетта. Излезе од печат една книга. Прво во Атина. Потоа по една година и во Републикава. Можеби доаѓа пролетта. Лета една ластовичка додека трае промоцијата. Мина низ трите македонски ѕида. Атинскиот, скопскиот и оној кај Гевгелија. "Не се потребни лаги туку културна и благородна комуникација!" - рече преведувачот. Но, првин треба да се мине низ трите македонски ѕида. Да паднат тие грди огради, загради врз Македонците. Македонци, но кои Македонци, какви Македонци, зошто Македонци ?! Сите, сите Македонци, оние што се, што биле и што ќе бидат Македонци?

Летај ластовичке донеси ни ја македонската пролет. Паѓајте ѕидови затвори врз македонството.

Летај, ластовичке моја!

# ПЕЧАТЕЊЕ ПО НАШКИ

Ја нарекува канибалист и агент на Скопје. Можеби затоа што ја тргна тајната завеса на грчката идеологија. Татко и беше грк кој зборува турски. Мајка и ќерка на трговец грчки зборувач од Солун. Инаку таа е докторски кандидат по антропологија на Колумбија универзитетот. Се возеа со нејзиниот сопруг Григор Руф по македонските житни полиња натопени со ритчиња од крвта. "Да, за интелектуалниот интегритет мора доблесно да се бориш! "- и рече Едмунд Кели.

Тогаш атинците и се закануваа и ја прашуваа дали сеуште се чувствува гркинка. Книгата одби да ја печати англиската издавачка куќарка. Се исплаши од заканите. Таа побара помош преку интернет и книгата ја испечатија Американците, Колумбија универзитетот. Книгата се вика: "FIELDS OF WHEAT, HILLS OF BLOOD" ANNASTASIJA N. KARAKASIDOU. Пред оваа книга на македонски се преведе "Македонскиот конфликт" од Лорин Денфорт. И таа зборуваше за нас. За таканареченото ослободување на Македонија од 1913 до денеска. "Грчката нација на "хелените" е сума од малцинства"- Константин Чулкас. Интересно и таа книга не е преведена на нашки. Сепак Каракасиду се бореше за интелектуалниот идентитет и издржа, ја издржа македонската забранета историја. Најзиниот притисок врз неа.

Се работеше за терор, крвопролевање и национализам наречен македонска борба. Помеѓу таканаречени Бугари на север и таканаречени Грци

на југ. Се разбира на победниците им припаѓа правото да ја пишуваат историјата. А жртвите? А Македонците? Културна асимилација и национална хомогенизација. Прекривање на Македонија со грчката навлака. Цензурирана историја. Викторија на Хеленизмот. Креацијата на грчка Македонија е процес кој продолжува во втората половина на 20 век. Едно од големите трагедии на национализмот е тенденцијата да се цензурира и допишува (преправа) историјата. Ја читам книгата на Каракасиду за која ниедна македонска издавачка куќарка немаше доблест да ја преведе и објави на македонски јазик. Таа жена имаше величие да го издржи атинскиот бран на закани и уцени и ја издржа македонската борба. Издаде книга која се обидоа да ја сатанизираат слично како во случајот на Салмон Ружди. Зарем се уплашија од атинците?

Салмон Ружди го печатеја на нашки, а Каракасиду не?

"Македонија им припаѓа на оние кои ќе ја земат!" - врескаше Јон Драгоумис. "Ако не побрзаме да ја спасиме Македонија, таа ќе не спасува нас од нечистотијата и медиокритетството!" Сестра му Наталија "му беше жена на Павлос Мелас". "Македонство, влавство и Хеленизам. Или македонство на грчки и словенски јазик ...

Или Македонија борилиште на балканските нации преполно со мртви тела кои тие ги ослободувале. Житните полиња натопени со крвта". Македонската крв. Сето тоа го содржи книгата на Анастасија Каракасиду "FILDS OF WHEAT, HILLS OF BLOOD". Таа имаше доблест да ја издржи македонската проба. И издржа. И се разбира не ја

преведоа на нашки. А го преведоа Салмон Ружди. Се уплашија ли од атинците.

Зошто? Какви се тие издавачки куќарки на македонскиот народ? Печати Македонијо, книги и други работи. Додека се лулеат на ветерот житнитеполиња натопени со македонската крв.

## Т' ГА ЗА ПЕАНОТ

Се слушаше пеењето на баптите. Празнуваа бапчорките. Ечеја шумните тржества во чест на Божицата на плодноста Котито. Требаше да се раскоти родот. Требаше. Пеонците пак, се тапосуваа со пиво. Сокче од просо. Се дамлосуваа , потоа се фаќаа во орото и во пеанот кој созреваше во опеаност. Дури потоа следеше хомерувањето. Иставен од орото еден од нив римуваше, до римуваше, драмуваше во зборувањето. Македонците го величеа царот. Македонците го тржествуваа претседателот. Едните и другите. Го славеа и се готвеа за нова битка за да се победат другите и да се владее мајката Ематија, подоцна, после потопот крстена Далматиа и Македонија, откако ја подели Богот морски Нереа.

Посидониј беше еден од столбовите на школата. Стоици. Ја учеа својата ука во СТОАТА, местото пред да се влезе во Гимназиумот. Учеа да опстојат, да постојат, во место и кога другите тоа не го умеат и да суштествуваат. Да бидат. Освен како лично име Стојан древното македонско учење го имаме и како второ име, презиме Стојановци каков што е всушност и авторот на овој размножувач на умноста. Ете СТОИК беше и Страбон кој напишал

дека "Олимп е во границите на Македонија". СТОИК бил и Ератостен можеби затоа што сакал, имал потреба да не се саштисува, туку да биде радостен, Ератостен кој напишал дека: "цела Елада е населена со "варвари", а Атика завладеана од Траките?! Од траките на чело со Евмолп".

Суштината на стоиците е да се биде објективен и праведен. Нашите соседи ете саштисани од македонскиот комплекс не присвојуваат. Македонците биле и Б´лгари и Грци и Словени и Илири, а Илирите и Словените се сватосани и по јазик и по род од давнина до Херодот, а Б´лгарите зборуваат јазик од околината на ПЕЛА или Солуна града, а пак Грците според Фелмерајер се ништо друго освен саштисани Словенчиња, со класичен "коине" јазик кој во себе содржи персиско-македонска комбинаторика на словословосувањето. Дента кога го описменував гимназиумот на МТВ имаше ПЕАН и од Гиш и Клержо. Тој рече дека се враќаме на почетокот на историјата во мајка Македонија. Даде сторение за влијанието на македонските Богомили во Франција. Потоа на СИТЕЛ саштосуваа Латас и Младен.

Значи Стоикот Посидониј вели вака: "Македонија е целата обалст до Крф, жителите се со исти коси, едно наречје, едни дреи, но некои племиња биле двојазични?!" Страбон стоикот вели вака: "Траки, Скити и Келти слични по нарав?!" Истиот: "Траките, Келтите и Илирите се мешале?!" (Види: "Од Омира до Стразбона" Христо М. Данов 1944 Универзитет Софија).

Ечат шумните тржества. Пеонците се дамлосуваат со пиво од просо и ги хомеруваат, доримуваат, драмуваат ПЕАНИТЕ. Едните го

славославосуваа другите се стремат да го саштосаат новиот македонски "ЦАР" . Пеонците. Тоа се оние кои Аминта Македонецот си го откупуваше од Персијанците. (Види Херодот "Сторенија") Се работеше за претседателот. Иако повеќе ќе бев вознесен да можевме да ја славиме КОТИТО. Во залог на македонската плодност.

И не се саштосувајте се Македонци мои.

Нашите соседи без нас немаат ниту слава, ниту јазик, нигу култура, ниту сторенија, ниту величие, ниту доблест.

Ете затоа се водат македонските војни. Сите имаат отреба да бидат МАКЕДОНЦИ. Се разбира со додавките СЛАВО, Б´ЛГАРО, или РО или ГРЧКО. "Не, не можеш да биде двајца! "- реплика од театарот кој единствен не доби премиера за 1999-та во залог на демократијата.

"Не можеш!" и не саштосувајте се Македонци мои. И не заборавајте ја песната: македонскиот пеан.

# СОНУВАЈ, АПОСТОЛЕ МОЈ!

Се сонуваше себе си повторно како Савле. Ги гонеше христијаните. Виде големо сонце на небото и остана без виделото. "Савле, Савле, зошто ме гониш? Јас сум Исус кого го прогонуваш! "- слушаше глас од небото. Потоа со благодатта на Светиот дух стана Павле и го проповедашње христовото учење. Сонуваше. Длабеше во сонот. Стоеше пред него еден човек. " Кој си ти?" - го праша Павле. " Македонец!" - му одговори непознатиот. "Дојди, дојди во Македонија и помогни ни!"- му рече. Го замоли, бараше чаре за својот народ. По тоа видение апостолот Павле тргна за Македонија, "оти Господ не́ повика таму да го шириме Евангелието". Така пишува во 14-те посланици, влезени во канонот на книгите од Новиот завет. Потоа сонувачот ја покрсти Македонката Лидија и основа голем број цркви во библиската ни земја.

Во Светото писмо во новиот и стариот завет се спомуваат Македонците. Како на пример Аристрах, Македонецот од Солун, или Аман Амандатов, Македонецот. Книга на оваа тема има издадено Ѓорѓи Поп Атанасовски со наслов "Библијата за Македонија и Македонците".

Прашања за македонските учени: Кого го сонуваше Апостолот Павле? Што бараше од него? Каде замина за да го проповеда Евангелието повикан од Господ? Нели нациите настанале во 19 век. Понатаму: Зошто во бугарскиот и српскиот препев на Библијата е исфрлена главата за Макавеите? (таму се спомнува Александар Македонецот) А во хрватскиот, не?! Каде

се Грците во Светото писмо? Именувањето е Македонија и Ахаја (Нов завет). Ако нациите настанале во 19 век што да се прави со Евреите, Сиките и Македонците кои постоеле, постојат најмалку 2500 години. Читајте, Македонци мои, верувајте во Господ Бог и барајте ги македонските траги.

"Кој си ти?" - праша Апостолот. " Македонец! "- одговори нашинецот. "Дојди во Македонија и помогни ни! По тоа видение веднаш се упативме во Македонија оти Господ не повикал таму да го проповедаме Евангелието". (Нов завет). Сонуваше. Блажена насмевка му се јави на лицето. Повторно беше со Господ. Му лекна.

Како некое грдо проклетило одвреме навреме му се јавуваше фарисејското минато како Савле христијаноубиецот и антихристот. Беше тоа сенка која ја влечеше зад себе. Пред да го облее Светиот Дух.

Утредента се разбуди во градот Тиатир, во куќата на Македонката Лидија која претходниот ден ја покрсти. Се молеа рано пред муграта да здивне. Појадуваа трошки леб и изворска вода. Потоа замина да ја крстосува библиска Македонија.

Апостолите го следеа Божјиот друм. Умираа распнати на крст, исечени со меч, со одрани кожи, избодени со пет копја, каменувани и сечени со секира, горени во оган, со маченичка смрт од незнабошците. "Не живеам јас туку Христос живее во мене!" - им рече пред да го засечат со мечот. Испушти душа Апостолот Павле. Го завршуваше својот земен живот.

Тогаш за последен пат ја сети насмевката полна со благост, на ангелското лице на покрстената Македонка Лидија. Ветрот и ги мрсеше косите. Нему пак му се мрсеа мислите пред повторно да замине

кај Господа.

## ЧЕКОРЕЊЕ СО УМОТ

Три пати го пеплосуваа манастирот. Господ знае колку опожарени цркви крие во своите пазуви Македонија. Три пати, барем тие се запаметени до денес. Првиот пат 1675-та. Го сторија тоа злодело албанските качачки банди, пљачкосувале и пеплосале се освен светите мошти и крстот Божји. Потоа Свети Јован Претеча гореше уште два пати 1954-та. И 1972-ра. Еднашка горела трпезаријата, вториот пат иконостасот. Ви зборувам за Свети Јован Претеча во село Слепче над Демир Хисар. Господ знае колку свети македонски храмови гореле.

Пред влезот на Свети Јован има едно место кое Македонците го викаат СТОА. Подоцна зборот се доразвил во стаја или стоалиште. Место пред да се влезе во храмот со столбови и покрив. Или пак, Стаа. Како, на пример, филозофската школа на Зенон наречена стоичка по местото каде што тој им предавал на учениците. Во Стоата. Во предвлезот на храмот. Стојам во стоата на манастирот Свети Јован Претеча и ги читам податоците за манастирот.

Храмот е задужбина на цар Самуил од 1011 пред да се случи погромот со Васил Вториот Македонецот. Беше тоа војна за превласт. Можеби ако успееше, Македонија повторно ќе се обидеше без капата на Цариград. Иако македонската царска лоза владееше во Македонско-тракиското царство, наречената Византија. Ова беше обид, да се обиде да почне од дома, од местото од кое тргна и Александар

Македонецот.

Стојам во стоата и читам. Во манастирот постоела препишувачка школа на македонско-словенски јазик. Исчекор кон своето. Не се може без словенството. Постоела даборезбарска школа. Во него се одржал Демир-хисарскиот конгрес на Маккедонскиот народ 1881-та. Или на Словенскиот народ. Или на обата народа. На македонско-словенскиот народ?! Ме зафати стоицизмот и се опитувам зошто не се вика за Србите, не се подвлекува тоа Словенство? Српскиот-словенски народ?! Или Бугарскиот словенски народ?! Хрватските словени?! Полскиот словенски народ и останатите Словени?! Оние кои им ги дарувавме словата.

Незнам дали ја напуштив стоата или чекорам со умот. Чичко Илија ме понесе по ридот. Селото Слепче топоним на Самоиловата гибел. Ослепените воини. Македонската колона. Тажен, задуман, постариот слепчански манастир се крепи на високото. Слепчанскиот манастир Свети Јован Богослов.

Се јави некое долгоденствие. Видов девојка во бело со венче на косата како пее стара македонска песна со четири стапки. Во метриката тоа се вели ПЕАН. Илија ми зборува за девојката со аманет закопана. "Слепче живо ли си? Кај сте воини со светлина во срцето? Самуиле не биде скрбен ти барем се обиде? Пеј убавице? Палиме свеќи! Една, две, десетина, колку ве има именители на Слепче, Македонци со видело во срцето".

Самуил пукна од болката. Се распрсна. Му татнеше во душата. Остана завештанието за манастирот и името на селото. Долу се лулее Демир Хисар. Сетив чупе во бело како пее македонска древна

песна со посвета за ослепената војска. "Ех, Василе, Василе, Македонецу ни еден! Кого ослепуваше, кого сакаше да го оставиш без кутлешовото сонце".

С́лнце ме грееше сеуште во стоата пред манастирот Претеча. Незнам дали навистина бев горе кај слепчанци или само сум чекорел со умот. Во македонското долгоденствие.

## ЗА ЦРПКАТА И ЗА ЛИРАТА

Пред некого го укнижиле Партенија. Не Зографски некој од постарите Македонци. Дреме на 76 страница "137. а) машките имиња со самогалска пред наставката - ос добиваат наставка - ј... Партениј; Орфеј" и така надолу низ историјата накај македонската црпка. Го отворив Правописот. Правопис на македонскиот литературен јазик "Просветно дело" Скопје, 1977-та.

Седи човекот и си кљамчи. Бесцутен. Исцапан. Расчинет. Си тихува. На средината на страницата 76 од горе-долу посочениот речник клекнал нашиот побратим Орфејчето. " Еј гулабе! Ождреби една од твоите! Што се чкорлавиш! "- му реков.

"Офреј, кралот на Бистонците, Одризите или на Македонците!" - како што пишува во белосветските речници на македонската митрологија која ја ведат како римска и грчка?! Зошто е потребно тоа или? Ете, кај "Речник грчке и римске митологије" од Д. Срејовиќ и А.Ц. Кузмановиќ на српска књижевна задруга 1989 , го пишува тоа ИЛИ ? Понатаму Орфеј ги собрал во затворена одаја Тракијците и Македонците да им го зборува своето учење. Така

пишува таму.

"Жените не биле пуштани на таинствата на Орфеј. Поради таа причина Тракијките и Македонките го раскасале Орфеј" види: Conon "Orphicorum fragmenta": 115 ep. o. kkern. Berlin 1922. Значи, Орфеј живеел и творел во исто време кога суштествувале и Македонците. Според Хесиод орфичкото прво начело е НОШТА. Понатаму следуваат: УРАН, ГЕЈА, Ерос првосоздателот... орфејската теогонија со шест поколенија.

Нашиот предок Орфеј се смета како еден од можните автори на Македонското митолошко царство од горaта Олимп.

Човекот кој свиреше на лира со девет струни. Додека поеше јата птици му го бакнуваа виделото, рибите летаа со распрсканите капки на морскоста, дрвјата проодуваа, карпите омекнуваа, ги кротеше и најтврдите срца на ѕверовите кои му се клупчеа покрај стапалата.

И според Е. Роде, Орфејството води потекло од Дионисиите. Куп жреци со книги од Орфеј и Мусеј пророкуваат и чистат гревови. Но, да му се вратиме на правописот. На 76 станица од "Правопис на македонскиот литературен јазик" нашиот предок Орфеј (Според Др.Ташко Белчев - ГОРПЕЈ - горскиот пеец) го водат под графата ГРЧКИ!

Питијски опити:

1. Каде пишува дека Орфеј е Грк?

2. Напротив, го водат како Крал на Македонците со едно политичко ИЛИ!

3. Имаме пишани податоци дека го раскинале македонските жени и дека ги собрал Македонците да ги учи заедно со Тракијците.

4. Орфеј е еден од можните автори на митолошката империја од гората Олимп.

5. Македонците суштествувале во исто време со Орфеј.

Можам и јас да се словенисувам и да си кљамчан, Но, го сакам својот народ, својот јазик, неговите правописни правила, кои во политичкиот контекст на грчкоста и словенкоста станувaат пранги! И понатаму: "Народ кој учи половина историја е половина народ! "

Прости ми брате Орфеј, што те раскасале македонските жени, што си бил крал на Македонците, што си ги учел Македонците а, во речникот, македонскиот, правописен те тупнале како да си Грк? (76 страничка од речникот). Се слуша тихување и музика. Пропејува нашиот предок на својата лира.

Ги преведува дивите дабови стебла од Пиерија во Тракија, ги расплакува Еуменидите, ги кроти ветровиете, ги топи снеговите, му пее на јасното сонце.

Тргнав надолу низ историјата кон македонската црпка. Од лирата на Орфеј да нацрпам сили за МАКЕДОНСТВУВАЊЕ. Прости ми брате Орфеј, Македонецу мој.

# ЦЕПИ, БРАТЕ ТЕАТАРСКИ!

Членот на ланската комисија го фатив во кафулето на ФДУ. "Кај си бе пиле?" Гледа, не гледа, не му се гледа. Се штрекнал и се правда. "Не решавав јас ништо!" - ми вели. Неговиот колега ме убедуваше дека кога ќе не спомнеле на "ланскиот" му се превртувало нешто во думата. Фрустрации од балканските војни. Комплекс на идентитетот. Забеганиот Маркузе. Третиот од избраните, од ланските избрани ми рече дека и тој "сакал да си има свој театар! " "Јас ли ти бранев да го добиеш? Господ ли ти пречи да создадеш театар?"

"Ништо не решавав јас! "- повторува. Кафуленцето на факултетот. "Што си ти човеку? Предмет, марионетка, употребен интелект. Тутмак кој си го брани задникот. Интелектуален, ум на продажба. Културен трго-интерес". Се поскрбно доаѓаме на мајката сцена. Се поскрбно.

Ланскиот чифлиг - сајбија првин го сретнав под еден мост, потоа како турка количка со некое негово внуче, најнакрај во влезот на зградата како прецвакува нешто во устата. За миг помислив дека можеби човекот ме проследува за да ми се извини за историските демократски утки. За демократските фрустрации од балканските војни. Потоа сфатив дека се работи за метафора на простиот живот. Ех каква грдотија?!

Отидов на саем да се проветрам. Книга - "Македонски историски речник". Тргнавме ретроградно кон Македон. Нашиот Бог од Олимп.

Има и пропусти но добро е, само напред. Го нема Аристотел Македонецот. Не треба да паѓаме на еленчињата. Да се огледаме во АРТЕМИДА. Таа го гонеше тој убавец. Елен. Гордо животно убавина заради која се ничкоса и Троја. Илиј. Илија. Илинден. Или илирските Словени.

Превртете го зборот. АРТЕМИДА. Читајте од назад. Ќе добиеме ДИМЕТРА. Без почетното А. Ех, Македонијо уште колку ќе треба да те откриваме од политичките препокривања. Деметра и Артемида. Две жени. Мајките. Донките. Ја сакам оваа земја. Крикна на мајката сцена. Скрбизмот е духовна категорија да се биде.

Шеткам на саемот и се сретнавме. Иста приказна од лани. Не сум јас тој е! Треба да се биде велик за да се узнае вистината. Неговиот собеседник дојде во кафулето да ме праша дали го познавам министерот? Демократско истражување. Потоа ми пресекоа. Ја кренаа секирата и удри. Цепи брате театарски.

Третиот предаваше крај рекичката. Потоа се фати со Ќорос. Потоа си дојде во кафулето на ФДУ. Следната година ректор или заменик амбасадор. Кај некои оди на брзина. Образованиот процес на брзинка.

Средба на еден саем. "Јас не решавам!" - се обелоденува. Истите зборови од лани, само човекот е другиот. Го држам македонскиот историски речник и се насмевнувам. Време е на постењето. Духовно стишување. Знам ! - се ми е јасно. Истиот "театар" ни се случи и со ланските тримина.

Го превртувам зборот Артемида и Деметра, обидувајќи се да не го прекршам постењето.

Театарот во Македонија не е ослободен од соц-реализмот. Истите луѓе ја владеат македонската култура и ја држат под вршникот за да не стаса, нарасне и да излезе на мајката сцена. Истите или нивните синови, роднини и ученици. Луѓе со стекнато образование по комунистички вид. Образовани македонската култура да ја едначат со општоста, граѓанизмот и универзалноста без притоа да и дозволат да ја допре својата македонска тема. Допир со потиснатата стерна на забранетите македонски теми од политичките влијанија.

Го држев македонскиот историски речник на еден саем кога се сретнавме. Истите думи од лани само човекот е другиот. "Јас не решавав! "- рече. Ми се преврте зборот Артемида - Деметра. Сеедно исходот е ист. Некому му даваат да чествува некому не му дозволуваат да учествува. Беше Велигденскиот пост. А, да ви го свртам и другиот образ? Или, цепи брате театарски.

Сакаат да не сведат на општост, баналност, граѓанизам и универзалност отфрлајќи ги македонските стерни запечатени со бубаќот на соц-реализмот.

Баш на Велигденскиот пост. Ја кренаа секирата и удрија. Цепи, брате театарски. Помеѓу елените на Артемида и Деметра и една жена со револуционерно презиме која ја варди македонската култура од периодот пред крушевската република.

Го прекршија постот. Ја кренаа секирата и удрија, цепете браќа и сестри театарски. Во залог на соц-реализмот.

## ГРАНИКОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ВОИН

Застанал на граникот и гледа. Насмевка. Потсмев. Кикотење. "Еј до каде сте ја дотерале? Вие ниту знаете што сте ниту претпоставувате што можете да бидете! Господ нека ви помогне!"

Парменион гледаше низ себе. Најстариот Александров генерал. Царскиот македонски воин. Дента кога беше родението ги распепели Илирите. Илирите, не се тоа овие, не се. Овие се оние од битката кај Арабела. Албанците. На страната на Персијанците се бореа Албанците. И тогаш ги парталосувавме.

Заедно со Дариевата војска. Тогаш на македонската страна се бореа Илирите, а на персиската Албанците. Не се тоа овие Илири? Не се! Дента кога беше родението Пармениот ги прегази Илирите. Стои на границата и гледа низ себе.

Македонската гранична патрола ја пленила некаква чужда војска. Ги разгаќиле ги замениле тројцата за еден од нивните.

Тројца за еден. Хитлер стрелаше цели села за војник два од неговите. Тројца за еден. На границата.

Парменион се заврте ме прободе со погледот, нели атинците запишале дека Македонците не убивале смо со зарисата (копјето) туку и со погледот после битката кај Херонеја. Ех поле мое македонско. "Ова ли е тој вашиот граник? "Граник, името на реката која прв ја прегази Александар кога стапна во Азија. Ја прегази и почна да ги коле Атинците кои беа со персиската војска. Беше тоа уште една македонска победа. Фалангата пееше Александар испотен и крвосан пиеше од мешунката со црвеното

вино потоа го совлада песната. "Има една земја сонце жешко грее бела мома прлестно се лее"... И оттогаш остана зборот граник, по преминатата река, границата меѓу Азија и Македонија. Европа тогаш беше скитска пустелија. Граник. "А вие што сторивте ве пленуваат некакви полулегални војски. Генетски предодредени за плачкосување, од султанот преку балистичките мировни групички до денешниве ослободители. Банда која се едначи со профитот". Ме бодеше со погледот. "Ако не знаете кој сте и што сте, нема да знаете и зошто да се борите?"

Македонската казна беше со фрлање на зарисата. Ќе те остават на некој трупец и ќе ја наредат фалангата и стрелаа.Зариваа. Имаше некаков ред. Македонството беше гордост и величие се до битката на Кучешка глава кога Персеј беше поразен од Емилио Павле. И потоа не поделија со четирите склавинии. Македонците и кога губеа го правеа тоа во голем стил. Гибелта беше света работа.

Парменион ме бодна со погледот. Ми се зари славната зариса или царица. "Александар секогаш имаше чувство за тој граник, за тој браник, за таа граница. Не смеете да служите за потсмев. Премногу македонска крв е пролеана низ мајката историја за да си го дозволите тоа?! Граник е светост и чувство за своето и сопственото. Какви се овие заробувања". Парменион зборува, зборува...

Дента кога се роди царот ги победи Илирите. Не, не се тоа овие, кога Илирите се бореа со Македонците на страната на Персијанците беа Албанците. Стои пред мене на граникот македонскиот генерал. Парменион лично од царската армија. Од фалангата. "Јас од денес па натаму не би пуштал ни

пиле да пее преку границата!" - ми рече. "Ставите фалангистички штит. Премногу македонска гибел се сторила за да ве исмеваат некакви употребени идентитети со лажни истории". Ми го рече тоа македонскиот воин.

Знам дека е така. Инаку Платон ќе беше во право. "Државата ќе изумре! "-рече тој. Но која држава, која држава? Се разбира дека мислеше на македонската. Тој платениот преплатениот Платон. А вие со каков ум сте Македонци мои? Не распнале во прангите на некакво европејство и граѓанизам од најнизок вид.

Додека бавно умираме и не не сторат историска категорија на суштествувањето. Слободата е борба. Слободен е само оној кој секојдневно се бори за неа!

Парменион стои на тој македонски граник. И ме подучува како да гледам низ себе. Преку себе си. Од македонската митолошка империја до денешнава РЕПУБЛИКА. До МАКЕДОНИЈА.

"Ако не знаете кој сте и што сте нема да знаете и зошто да се борите? За кого да се борите?" Екна песната. "Има една земја сонце жешко грее бело знаме нема да се вее"...

# РЕЧНИОТ БОГ АКСИЈ

Во темелите на мостот Васил Иљов го препозна таканаречениот римски малтер коросан. Не дека пред тоа Македонците пред да бидат поразени на Пидна од Римјаните не знаеле да градат. Па нели Александар под свое покровитлство изгради стотина Александрии со тој "римскиот" малтер. Седно малтерот го помага датирањето на мостот. Камениот. Душановиот, Турскиот, со древно-македонски малтер во своите темели.

Под него и денес тече широкострујниот Аксиј. Реката прв ја спомува Хомер. "Криволаките Пајонци со нивниот водач Пирајхме од широкострујниот Аксиј". Нашиов денешен Вардар. Барем така пишува во препевот на Михајло Петрушевски. Од новогрчки. Интересно во второто - повтореното издание на "Илијада" не пишува од каде е преведено? Од што е преведена таа "Илијада"? Од новогрчки веројатно. Тоа ни доаѓа како превод од втора рака. Или пак превод од преработен превод.

Со оглед дека датирањето на хомеровите епови е од 1200-1600 години пред оваа ера. А тогаш на македонскиот полуостров се уште се немаа довлечкано "старите Грци" како што ги прикажува историјата на доминација. Нели таа историја која до вчера ја учеа нашите деца има тези кои ја поништуваат теоријата на релативитетот.

Значи ја минувам реката. Речниот БОГ Аксиј кој тече најмалку 4000 години, тој наш Вардар, забележан од Хомера како татко на Пелагон, крстител на Пелагонците, си тече таа древна река, и

ја минувам на истото место каде што веројатно и тогаш постоел премин со оглед дека во темелите на мостот има малтер од македонско време под римска доминација.

Потоа згазнав на една плоча на која пишуваше дека во нашиот град живеела светската добротворка Мајка Тереза или Гонџа Бојаџиу. И земете го презимето Бојаџиу и протресете го, сменете му ја наставката и македонствувајте ете на пример: Бојаџиев, Бојаџиевиќ, Бојаџиевски или пак Бојаџијакис и менувајте се од оваа или од онаа страна на македонскиот народ. Нели на Балканот, на македонскиот полуостров нациите се менуваат со наставките, а всушност содржината останува иста. Просто македонски се работи за бојаџии и бојадисување. За национални потемкинови села останати од таа клета Пидна кога македонскиот цар Персеј беше проазен од Емилиј Павле на Кучешките глави под маглата.

И да не го заборавиме нашиот предок Таорчанецот Јустин Вистин Ваистинијан - кој го воведе "римското" право. Роден во село Таор крај Скопје. Нели во контекс на "малтерот" од темелите на македонскиот камен мост. На јазикот на неговиот народ името му значи ПРАВДА. Јустин. Вистин. Ваистинијан.

Остатокот се балканските наставки. Преку бојаџиството. Се вслушувам во роморот на реката. На тој древен сведок на македонскиот погром. И ги живеам хомеровите метрички стапки трјано запишани во ритамот на ората македонски.

# ДА ГО УБИЕМЕ ТОА ВРЕМЕ

Глутницата му се нафрли стрвно. Првин го зграпчија. Го свлекоа. Му ги кинеа парчиња од ставата. Потоа кога им зовре крвта еден од нив му стрелаше во тилот. Распрсна мозочната срж и црвенилото од крвта. Потоа се разбегаја. Го убија како пес. Е мој Франц Кафка, никогаш нема да дознаеш дека твоите писанија живеат на македонскиот полуостров, тој наш Балкан во секојдневноста. Јозеф К. го застрелаа како куче.

Првин требаше да се направи математичка прогресија од породот. Потоа се создаваше приказна за илирската древност и автохтоност. Потоа се завојува. Потоа се бомбардираа едните од завојуваните. Потоа им се помогна на другите да "победат". Потоа другите ги гонат сите оние кои не и припаѓаат на нивната етност. Потоа владееше колективното и племенското наспроти поединечното и квалитетот. Човечки права. Државотворен народ и сличните политички фрази кои важат само за нив, и никаде на друго место, под чадорот Господов.

На Косово беше застрелан еден човек. Првин го прашале колку е часот. Потоа тој им одговорил. Потоа го одвлекла толпата и му стрелале во тилот. Така јавија медиумите.

Човекот е човек, нели. На телевизиите рекоа дека бил Бугарин со американско државјанство. И им одговорил на српски јазик на прашањето колку е часот. И поради тоа го застрелале. Бугарин кој зборува српски со американско државјанство! Службеник во Обединетите нации. Да се убие! Да се

поништи! Кој му дал право да зборува на српски! А од кај знаеме дали Бугаринот зборувал на српски? Што ако си одговорил на бугарски? Дали во толпата имало јазични експерти да знаат на кој јазик зборувал? Дали албанските улични башибозуци разликуваат меѓу македонски, бугарски и српски јазици. За нив сите тие се исти. Како што вели и нивната Академија на науките:" Словени дојдени од зад Карпатите, а тие се автохтон народ". Сепак, топонимијата, оронимијата, хидронимијата се македонски или под второ "словенски". Имињата на реките, горите, градовите не се нивни. Јазикот им е составен од четири главни елементи: латински, грчки, турано-татарски и македонски (Д-р.Ристо Ивановски"Кафказко црноморски арнаути Албанци" Бтола 2002).

Но, сепак, беше потребна историска приказна, за да се направи математичката прогресија на породот, за да се има потреба да се војува, да се освојуваат нови територии за последниот романтичарски сон за големата Албанија на прагот на 21 век.

Едните и другите. Сега имаат мотиви за бесконечна војна. Кога бомбардерите ќе си ја здувнат едните ќе се навратат на боиштето да вјасаат по другите за да им вратат во крв.

Е, мој Франц Кавка, ти немаш поим дека на македонскиот полуостров твојот Јозеф К. го застрелаа како пес.

"Колку е часот?" Урааа. Го свлечкаа, го расчеречија и му стрелаа во тилот. Честита демократија, Македонци мои.

# КАКВО ЌЕ ТИ БИДЕ ИМЕТО?

Незнам каква врска во сето тоа има дедо му. Дедо му на Иван Вазов. Сеедно, но тој беше Македонец. Или пак Димитар Талев кој ненадејно едно македонско утро си почина од рак откако одби да пишува за бугарштината. Го пуштија од затворчето да вдиши малку од слободата. Сеедно. Дојде првиот човек од надлештвото и донесе еден куфер со букви. Торба со словата. Ја отвори на фонтаната која се возобнува пред дирекцијата на Г.П. Пелагонија. Ја отвори и ги истури на плочките. Се распослаа слова, букви, азбуката. Цел куп. Буљук. Потоа се појавија експертите: лингвисти, слависти, пан слависти, јазичари и друзи специјалисти за утврдување чии се буквите, чии се словата, кому му припаѓа азбуката? И така на еден куп ги фрлаа српцките, на друг куп б´лгарските, на трет руските, словачките, полските, се делеа букви и слова по етност и припадност, на четвртиот куп "грцките", оние кои ги зеле од Феникијците, штета што денес нема феникијци да им го оспорат правото на јазик и постоење. Штета.

Не знам каква врска со сето тоа има дедо му на Иван Вазов, но тој си беше наш чоек, Македонец. Ниту пак што сега го топорам Димитар Талев со затворот и болештината. Но, пред скопската фонтана, првиот од надлештвото истури товар со букви кои ги донесе во своето торбуле. На некој начин може да се разбере дека ние Македонците си останавме без букви, без она: Аз Буки, Веди, Глаголи, Живејте, без солунците, без Светите браќа, без македонсктие просветители браќата Кирил и Методија.

Еден македонски ден во екот на политичката борба на живот и смрт се расчу веста дека ПРВИОТ донесол куп букви во својот куфер и ги истурил пред фонтанчето.

А фонтанчето се реновира. Се возобновува. Првин излезе вест во еден весник дека ќе се вика АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ, Потоа по некое време излезе друга вест дека ќе се вика, поточно дека нема да се вика Александар Македонски туку ќе ја наречат ПЕЛА. Како што се ближат изборите имињата се менуваат.

Пред фонтанчето кое си ги менува имињата како што му се ближат изборите излезе вест дека се истурени купишта од новите слова. Можеби по некое време оваа работа со словата историчарите ќе ја поврзат со повторното ословување и пословување, односно доаѓање на фамозните Словени во мајка Македонија.

Демек словата биле Б´ЛГАРСКИ. Појдете во македонските манастири и препознајте си ги вашите слова, Македонци мои.

Енциклопедија Британика и речникот Вебстер тој јазик го именувале како средновековен македонски изведен од античкиот македонски. Незнам каква врска со сето тоа има дедо му.

Ниту, пак, болештината на Димитар Талев. Почнува политичката борба на живот и смрт. Се е дозволено за да се завладее ова древна убавица Македонија.

Фонтана која си ги менува имињата. Куфер со божемно увезени слова и војна меѓу себе до помор.

Време е солунците повторно да си дојдат дома - Светите Кирил и Методија. Токму тоа се обидувам

да го сторам на македонската сцена. Но, навистина незнам каква врска има дедо му на Иван Вазов или пак на Димитар Талев болештината. Фонтано моја, кажи веќе еднаш какво ќе ти биде името?

## ПРОСТА МАКЕДОНСКА ПРИКАЗНА

Претставичето било играно во Горно Врановци 1944-та. Или можеби во Долно Врановци. Македонскиот партизански театар. Името на едночинката е "Ѓорѓија Магаревски" или "Петоимениот Ѓоре". Проста македонска приказна. Под српско си беше Ѓоре Магаревиќ, под бугарско Георги Магарев, под анаутско Ѓеорѓ Магариќи, под грцко Георгиус Магарополус и така натаму. Македонци мои. Автор на текстот по официјалната верзија е Владо Малески, а по неофицијалната дедо му на Ердоан Максут. Новите пишувачи на македонската театарска историја самите ќе се проверат. И така таа 1944-та се играше "Петоимениот Ѓоре" во Горно или во Долно Врановци, во партизаните.

Интересно текстот на едночинката потоа како да се изгуби во прегратките на југословенството и остана заборавен. Не го изведуваaa, не го препечатија во книга, а до нас сопираше само како прераскажано сторение преку предавањата на професорот Александар Алексиев, на часовите по македонска драма и театар при ФДУ.

Всушност, тој ми ја даде верзијата на "Петоимениот Ѓоре" отчукана на машина. Делови од тој текст поместивме во претставата "Зајдисонце" на

тетарот "Скрб и утеха". Беше тоа 17 ноември 1997-ма. Премиерата. На еден начин Ѓоре се врати дома. Си дојде домче. Иако според мене никаде и немаше заминато.

Актерот Александар Шехтански во улогата на Ѓоре зборува на српски и на бугарски и ја шокира публиката. Господинот актер. Ја снимивме претставата точно на 13 мај 1998. За македонската телевизија. Мина доволно време од таа случка. Од снимањето. Дури бидна смена на власта. Претставата до ден денешен не е емитувана на националната програма.

Ѓорѓија Магаревски го играше партизанскиот македонски театар од Горно Врановци. Или можеби во долно. Потоа тој текст остана подзаборавен во смесникот на тогашното братство и единство. Непечатен, искуцан на машина за пишување ни го даде професорот Александар Алексиев. Го игравме, како дел од претставата "Зајдисонце". Претставата пред година дена и кусур ја снимавме за МТВ. Таа до ден денеска не е емитувана.

Е Ѓоре, Ѓоре. Македонецу мој. Некој повторно се исплаши до темата на македонството на твоите петименца. Џорџе Магаревиќ, Ѓеорѓ Магариќи, Георги Магарев и Георгиус Магрополус.

Уредникот кој ја бранеше претставата од македонскиот народ не го сменија. Го преместија во друга редакција. Да внимава. Случајно во македонскот театар да не се провлече некоја забранета македонска тема. Дали како последица на братството и единството или на новиот граѓанизам, сеедно.

Тој човек е во жири комисија на театарските игри "Војдан Чернодрински". Дури сега ми е јасно "кај

ми живеел тој Војдан Чернодрински"?! Односно каде мораше да живее. Растојание помеѓу ЖИВАЛЕЦ, ЖИВИНА, ЖИВКАЊЕ И ЖИВУРКАЊЕ.

Е Војдане, Војдане, Македонецу мој! Патот до сценската македонска слобода е скрбен.

На него ти се исклештило некое од резервните именца на петоимениот Ѓоре, нашиот јунак. Ѓорѓија Магаревски.

Ќе се видиме под Марковите кулиња еден македонски ден. Проста македонска приказна. Од горно Врановци до Долно. До долу под Марковите кулиња. Театарски народе мој сакан.

## ТЕТОВИРАНИ МИСЛИ

Дали градоначалниците служат да ги крпат дупките на улиците? Или да ги убиваат скитниците? - ми зачрта во мислата. Беше некое летно долгоденствие или проста зачмаеност. Ми се зачипчи за мислата. Ме турна во некоја загатнатост.

" Еве овде ќе ставите табла за туристите. Оваа река ја спомнува Хомер во своите епови "Илијада" и "Одисеја" и нашите предци Пајонците и Пафлагонците". Бев застанат на брегот на Вардар кога го сретнав. "Нека читаат!Да не помислат дека сте дрво без корен". Ми рече. "Горе, на тврдината, ќе ставите друга табла и ќе пишете "ова крепост "можеби" ја изградил македонецот Јустинијан, Вистинијан, роден во селото Таор крај Скопје кој го воведе "римското право" ". Понатаму. "Ќе направиме голема чешма или како модерно ја викате фонтана на плоштадот и ќе поставите Александар на коњ на

средината и ќе напишете: Додека јас за Македонците го освојувам светот вие мене и оние кои сеуште сакаат да се борат ме оставате на цедило"- Плутарх.

"Понатаму, ќе ставите табла пред Соборната црква и ќе напишете Македонија и Македонците се спомнуваат во Светото писмо на тие и тие места. Понатаму, ќе ставите табла пред Светиот "Пантелејмон", дека 100 години пред Ѓото со кого почнала или продолжила ренесансата во сликарството во Италија, е насликана фреската "Богородица го оплакува Христа" ремек дело на тој и тој".

"Чекај!" - му велам. "Кој си ти?" "Слушај ме синко мајчин и молчи".

Ми с́ржа вилно. Ме пресече со погледот. Ме пронижаа морници. Трпки. "Слушај ме синко мајчин! За што служат граноначалниците освен за да ги крпат улиците? Треба да ставите табли за туристите за да не помислат дека сте дрво без корен.

Ќе ги наредите Самоило, Филип Второто. Апостолот Павле. Јустинијан. Пиколомини рѓата Божја што запали тоа што не изгради. Сите кои зацапале во оваа наша Македонија, оваа лулка на безнадежност, цивилизациска и историска категорија на создавањто на светот и на векот.

Ќе ги испишете и преродбениците за да можат да им полагаат цвеќиња на градоначалниците. Светите Кирил и Методија, Климент и Наум, Илинденците, споменици, бисти, писанија имате колку ви душа сака".

"Сакав да му одговорам! "Ме сопре. Повторно ме секна со погледот. "Имате купишта историја оставена да ја грабаат кој како сака и кога ќе стигне. Да не испадне дека сте дрво без корен. Поранешен

народ. Трскари на словенските реки. Безнадежни демократисани измислени луѓе грст народец од оваа страна на реката.

- И не заборавајте го Ѓорѓија, Ѓорѓи, Ѓорѓ Кастриот, Кастрото напишете дека го нарекоа втор Алекандар, кој е бореше против исламизацијата на македонскиот народ. Таканаречениот Скендербег. Искендер (второто име за Александар)".

Замина како бел облак во долгоденствие. Го снема. Ми чкрташе во мислите. Ми режеше во умот. Ми се зачипчи. Ме тетовира. Ме бележи.

Седам на брегот на речниот Бог нашиот Вардар и си претурам во свеста за што, навистина, служат градоначалниците?!

## ЕХ, КОЛКАВА СИ МАКЕДОНИЈО !

Ме фати некаква рѓа и појдов да си купам весници. поминав неколку европски граници и се најдов во Малме. Мислам дека патував station наназад низ временцето. Тогаш за последен пат го видов Драган Богдановски како го турка својот велосипед. "Како си Македонецу?" - му велам. - "Македонијо, мајко мила!" - одговара. Го туркаше велосипедот. Го бараше својот ДООМ. Неколку дена потоа го посети и војводата. Поетскиот бард. Потоа си појде кај БОГА. Посмртните останки на Македонецот патуваа со денови низ Европа, ги скосуваа демократските принципи на македонското питание. Се метлееја коските на Драган Богдановски неколку недели додека да си дојдат дома. Во својот ДООМ. Ех, колкава си Македонијо.

Ме фати дребна рѓосаница и појдов да купам весници. Шведско античко списание, односно го издава шведското античко здружение и се вика "Медуза". Во него е поместен текстот на Мартин Седерлинд, Александар во Италија.

-"Неговите сликовни прикажувања ја преплавија Македонскта империја и стигнаа до старите Римјани. Александар со свртени очи кон небото со поглед му се обраќа на Ѕевс: - Јас го владеам светот, ти Ѕевсе држи се до Олимп! Лисиповата верзија на македонскиот цар која се прослави најповеќе. Неговите генерали и следбеници го подражаваа неговиот лик, пуштаа перче, коса преку темето, преку челото. И римските цареви како Помпеј и Август пуштија таква фризура на косата. По неговата смрт споменот за него доби митска димензија.

Македонецот го возгордеа светот. Драмуваше напред, грабеше низ времецето. Неговата слика се множеше низ сиот тогаш познат свет. Тој што ја поседуваше можеби ќе добие дел од неговата кармичка големина. Неговите слики се сметаа како амулетки, талисмани. Бронзени споменици, скулптури, теракоти, Аполон со ликот на Александар, со лицето свртено код Ѕевса, се употребуваше неговиот лик за да се прикажуваат Божества. Само неколку децении по неговата смрт Македонецот ја освои Италија".

"Александар имаше дојдено во Италија за да остане!" - вели Мартин Седерлинд. "Август употребуваше  благороден камен со портретот на македонскиот цар како жиг, печат. Нерон бил восхитен од Лисиповиот младешки портрет на Алекандар и врз него ја инспирирал работта врз

својот. Царот Деверус Александар 222-235 од оваа ева кој бил христијанин ја чувал сликата на Александар во својата приватна капела покрај Исус Христос. Но, сепак христијанството ќе го сопре култот на Александровата слика како Божја работа, како икона пред човекот со крстот на распнатиот Исус".

Од чувството на зарѓаност отидот во Малме да купам весници. Драмував низ временцето. Драган Богдановски го туркаше својот велосипед. Потоа го посети мааковецот.

Неговите коски ја крстосуваа Европа во потрега на својот ДООМ пред да си дојдат во оваа Македонија. Исус Христос го замени Александар Македонецот. Обајцата имаа по 33 Божји години. "Дојди во Македонија и помогни ни!" - му рече Македонецот на Апостолот Павле. Тогаш Македонците беа распнати под римското. Кому му требаше спасителот? Ех, колкава си Македонијо! Не те збираат белосветските историски книги.

Го паметам велосипедот на Драган Богдановски. Портретот на Лисип кој зборуваше: "Држи се до Олимп Ѕевсу ниеден! " И доаѓањето на портретот на Христос кој го заменуваше Македонецот. Царот.

Обајцата имаа по 33 Божји години. Ех, колкава си Македонијо!

# ГРАКАЈ БРАТЕ МИЛИ

"Гра, гра, гра!" - се огласи Аристеи. Не можеше повеќе се збоктиса. Стоп! Негативни поени. Зборот ЗБОКТИСА го нема во македонскиот речник. Но дали ако од небрежност или неупатеност е изоставен треба од него да се откажеме?

"Гра! "- повторно запеа Аристеи. Стоеше на покривот на врховниот. на врвот на врховниот суд. "Гра! "Се обидуваше да го разбуди од социјалистичкиот сон. Проба. Се обиде. "Гра!" - вревеше.

Беше на некој начин од нашите. Беше поет. Беше оној кому господ му го дал правото, му ја дал аполоновата лира да пое. Да пее. Беше автор на поемата "Аримаспеа", ( види кај Б. Богданов "Орфеј и древно-балканската митологија" Софија). Пеење во рима од кое на пример може да се рими односно драми во стиховите. Пеејќи.

"Гра!" - се гласеше Аристеи. Беше слетал на зградата на врховниот суд, се обидуваше да го пробуди од социјалистичкиот сон. Беше во прегратките на обидот.

Приказната ќе не одведе до податокот кој го запишале како нешто сторено и престорено историјците. Аристеи како гавран го следи Аполона учејќи ги неговите ПЕАНИ, химни на славословосувањето. Се колчеше се осоколуваше беше во неговото сколо, сколија и околија. Аполон со врвот на виделото го ѕирна и продолжи да драмува да римува со пеаните.

Стореното ќе не доведе до историјата дека Аристеи умерел во родниот град и додека да разгласат

за смртта исчезнал и се појавил на друго место. Се вратил по седум години за повторно да го снема и да се јави во јужна Италија (види Херодот "Сторенија"). Се појавил донесен од денот во света деноносија после 240 Божји години и им наредил на Мета-понтијците да му подигнат Олтар на Аполона. "Само ти гракај!" мислеше Аполон, ќе се враќаш на мајкава земја додека не ги изучиш пеаните. Грееше Митра богињата на јасното сонце. Митра. Митра. Мајката или Ден Митра, мајката ден, Деметра. На зградата на врховнниот суд повторно се појави Аристеи. Беше фатен како се обидува да го разбуди судот. Се имаше успано едно пеесетина години. Ги преспа Методија Андонов Ченто, Ванко Марковски, Ристо Шишков, меѓу другите. Ептен се имаше збоктосано. Стоп ! Зборот го нема во македонскиот речник. "Но тоа не значи дека не е време да го внесеме!" - се бунтував. "И кој си ти да ми тарашкаш во гимназиумот? "Пред да сетам дека разговарам со светлината ме штрекна гракањето на Аристеи. "Гракај брате мили!" Треба да си голем и во поразот за да македонствуваш. Или да ги сакаш сите не значи и сите да те сакаат токму тебе и токму тогаш!? Се друго и или јас или никој?!

"И не заборавај повеќе го милувам највозвишеното знаење отколку владеењето! Збогум". Така завршува писмото на Александар Македонски од Аристотела. (Плутарх "Александар Македонски").

Аристеи, Аристотел, Ристо Ш. кого го заборави и го преспа врховниот суд, дури и Исус Христос го содржат тоа име кое се провлекува од древнина кај Македонците.

Си грака ли си грака и се обидува. Под струните на аполоновата лира. Додека зборував со светлината.

Гракај брате мили?!

## БЕРЕЈЌИ ГО ГРОЗЈЕТО

Во небрано лозје се вовре да набере грозје. Му се присака нешто од нашето. Тогаш и судот ја пресече за македонскиот народ. Судот на соседот. Има една мисла која вели да му цркне козата на комшијата. Да му пцовиса. Не, не се работеше за козата. Мислам дека се работеше за Македонецот.

Грозјето беше наменето за македонскиот ПЕН. За проширениот состав. За нивниот македонски обид. Ете седум години од местото на злосторството од таа клета 1993-та кога демек не примиле, нас кутрите Македончиња под "РАМНОПРАВНО" членство во Обединетите нации. Со приврмената референца бившата југословенка. Републиканската Македонија. Со наласен граѓанизам до себеуништување. Подобро е некогаш отколку никогаш. После седум лета Господови некој да се сети да биде МАКЕДОНЕЦ. Во небраното лозје. Си береме грозјенце со сонцецето.

Во исто време на истото место, по Аристотеловски единство на место и дејстие, гроздобер во оваа убава земја, одеше претставата. Се вика "Сонцето заоѓа". За миг помислив дека е нашата, само ја пуштиле со референца, со приврмено име, помислив дека е "Зајдисонце". Слична тема, слична претстава, различен јазик. Можеби наскоро и за Македонците во Албанија некој со политички декрет ќе им отвори театар на македонски јазик, како што тоа им го сторила социјалистичка Македонија. Со

политички декрет.

Си береме грозје во небрано, лозјенце. Судот му ја пресече на ОМО Илинден Пирин. Нели еднашка истиот тој суд само малку подолу во Македонија им пресече и на "Виножито". Нели. Сечат братјата нема што?! Европејството е многу проста работа. Кој ги ништи Македонците го примаат во европското стадо. Ете ви ги Грците. Колку македонска крв имааат пролеано и ги примија. Ете ви ги Б´лгарите! Ете им го судачот. Судот. Еден народ. Судски народ. Во небраното македонско лозје се сретнавме.

"Подобро е некогаш, отколку никогаш!"- му велам на ПЕН-от. Минаа седум години од срамот. А бабата се чешла. Но кој реши во името на народот да се наречеме така? Собранието ли? Референдумот ли? Некој поранешен комунист ли? Во името на Маккедонците. А селото гореше седум години.

Егејска Македонија ја примија во заедницата. Ете сега и пиринска се готват. Европејство. Останаа уште две-три Македонии да чекаат за влез. Качи се, слези-излези влези. Европејство. Треба да му се честита на судачот. На судството кое им пресече на Македонците. Некој велат тие биле српските Македонци. А овие се бугарските. ОМО Илинден Пирин. Пизма од егзархиско-патрирајшиското ропство. Србите и Бугарите се еден народ. Зборуваат еден јазик со лексички оградености, јазик средновековен македонски. Ех Дијадоси ни заедни! Ех раздели па македонствувај. Ех волчји риму варварски?!

Си береме грозје во небраното македонско лозје. Претставата со слично име и содржина но на чужд јазик одеше на МТВ. Убаво игра актерите.

"Сонцето заоѓа". Но треба да им се даде сценско право и на Македонците во Пустец. И тие да имаат сценисување. Инаку сонцето навистина ќе ни зајде. "Зајдисонце" , ете минуваат две Божји годинии како чекаш демократски ред да те пуштат низ етерот на телевизорчињата.

Се собравме да береме грозје во небраното македонско лозје: еден суд на соседите ни, еден наш ПЕН кој закаснил седум години и сонцето кое заоѓаше на МТВ.

Подобро некогаш отколку никогаш. Да му цркне козата, јарецот (АРЕС-древно македонски Бог на војната) на соседот. Мислам дека се работеше за луѓе а не за добиток. И сонцето кое заоѓаше. Си береме грозје во небраното македонско лозје. Ни се присака нешто од нашето.

## КАПИНАТА НА АХИЛ АПОСТОЛОВ

На телевизиското фестивалче во ветвото хотелче се збидна ненадејната средба во затечениот лифт. Му се претставив. Тој рече дека ме чита во "Гимназиумот". Јас му спомнав за претставата. Тој ме праша кога е снимена и дали е емитувана, јас му одговорив дека претставата чмае 20 месеци, тој ми рече да му спомнам да го потсети Владо Денчов штом ќе се врати дома му. Секна зборот. Не донесе господинот лифт на вториот. Излезе. Јас останав. Вратата скрцка. Затропоти. Потоа продолжив до третиот кат. Извалканиот т123 писон во хотелската соба. Пожолтената бања. И распукнатиот поглед над градот.

Гоце Делчев не стигна. Го застрелаа. Го стаса куршумот. Беше еднаш една република. Крушевската. Македонската. Прва на македонскиот полуостров грдо именуван како Балкан. Апостолот го застрелал. Ех, Ахиле мој! Македонски национален телевизиски фестивал. Вторпат. Се запрашавме со директорот на МТВ во фестивалскиот лифт. Горе под републиката. Телевизиската.

Долу во кафулето врват филмовите, емисиите, муабетите. Официјален и ревијален дел. Одеше филм за убиството на Рацин со наслов "Пушкин од нашиот сокак". Се истави некаква скрама. Дотрча едно момче викајќи од возбуда: "Вашиот филм оди во салата!" Отрчавме тројцата: Владо Денчов, Јаков Дренковски и јас. Што ќе видиме во празната сала се вртат филмовите. Оди филмот на Јаков. Бевме тримина во гледалиштето. Највеќе публика се собра на "1000 години како денот од вчера" документарна копродукција меѓу МТВ и "Скрб и утеха". Седум пати повеќе од колку на сите други филмови. Бевме седуммина. Колку сме - малку сме! На фестивалот му недостига јавност. Имаше трибини, бош муабети. Таени средби, тајни вечери, изматена конкуренција и утринските камбани на црквата Свети Никола со која е даден мелодиски знак за почеток на востанието. Крушево град музеј.

"Мене ми се допадна!" - одговара Илир Ајдини. "Така решија! "

Го опитав како член на жирито зошто нашиот филм не е во официјалната рпограма. " Живееш неофицијален живот!" - додава Јаков. "Што мисли историјата?" го тенчи зборот Др Иван Џепаровски. "Не ти се пулам на парите!" - Фаќам реплика, даден

збор додека се метлеам низ оваа телевизиска република.

Гоце Делчев не стаса. Го растрелаа. Влегувам во фестивалскиот лифт за да се опитам каде јажето запнало? Каде запнала работата,да го запнеме јажето на самарот, да се запнеме и ќе успееме. Само да не ни се запнува зборот. Се разделивме на вториот. Јас се довозев до третиот. Се работеше за една претстава за еден театар.

Колегата режисер од МТВ ни вели "што сте се запнале за таа претстава, не ви ја пуштаат, не ви ја пуштаат, гледајте напред, работете нешто ново". Како да му објаснам дека се напрегаме со сите сили ама се имаме запнато на некоја капина, не закачиле и не ни дава, со некоја капина од факторите за култура и тегне запнува да не свлечка од мајката СЦЕНА.

Квечерум свириме на гусла со една жица, на окарина, земјана фрула како глувче, овчарски македонски пеани. Го чувствуваме Гоце Делчев. - "Дева, Деване со ѕвездују ју те чествују!" Му пееме на новото сонце и денот.

Бевме на националниот телевизиски фестивал. "Не, навистина незнам што ни мисли историјата! Знам само дека ако се запнеме ќе успееме". Скрцка вратата. "Вози лифту мој. Јас сум еден погоре. Така беше тоа Ахиле мој. Такамити Трајче, такамити братче".

# ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ЅИДИШТА

Може ова божје лето 1999-то ќе падне македонскиот театарски ѕид и театарот "Скрб и утеха" ќе игра на фестивалот "Војдан Чернодрински" во Прилеп. Ќе даде Господ и тоа ќе го видиме.

Секогаш кога ќе дојдам во Прилеп помислувам на дваминaта. Едниот познат и прославен Блаже Конески. Другиот заборавен и анонимен Димитар Талев. Барем кога се однесува на оваа или на онаа страна од македонскиот народ. Обајцата прилепчани. Македонци.

Димитар Талев по македонските поделби остана од онаа страна на границава на нашава Македонија. Некој би рекле од онаа страна на македонскиот народ. Но на 292 страница од неговиот роман "Илинден" пишува вака:

"Македонија има свои интереси и своја политика. Тие им припаѓаат на сите Македонци. Оној што сака да работи на присоединвуање на Македонија кон Бугарија, Грција или Србија, тој може да се смета за добар Бугарин, Грк или Србин, но не и за добар Македонец".

Текстот во романот го кажува Гоце Делчев. Романот е издаден во Софија на бугарски јазик. Се работи за четворокнижје: "Преспанските камбани", "Илинден", "Железниот светилник" и "Гласовите ви чувам" кое го опфаќа периодот на отоманскиот дел на македонскиот народ, преку Илинденското востание и делбите на Македонија. Повеличенствено нешто за пред илинденскиот период, илинденскиот и после

илинденскиот период на македонскиот народ немам прочитано. Димитар Талев е генијален прозаист. Постојат сите предуслови, но сепак, не е паднат македонскиот писателски ѕид. И тој сеуште останува оној анонимниот од двамината.

Димитар Талев мина еден период по бугарскитие затвори. Веројатно тогаш му ги преправаа делата. По пуштањето од затвор го носат во пиринскиот дел да зборува за бугарштината, а тој напротив зборува за македонштината. Утредента радио Софија јавува дека ненадејно починал од рак. (Благои Христов"Спомени"- Виена).

Македонци мои! Драги читатели! Ви приложувам цитати од четворокнижјето на овој генејален прилепчанец:

- "Го предадовте на оган и меч, македонскиот народ. Македонија на Македонците без разлика на вера, а вие Б´лгари сме, тука е вашата неуставност, кусогледност и отцепништво од основните начела на Внатрешната организација. Андартите кои одат од Грција, Врховистите кои одат од Б´лгарија, вооружените чети кои ги праќа Србија, сите се врагови на македонското дело, треба да бидат пресретнати со оружје и прогонети"... ("Гласовите ви чувам").

Можеби ако падне македонскиот театарски ѕид оваа година повторно ќе минам покрај куќата на Димитар Талев во градот под марковите кулиња. Можеби со промените ќе падне и македонскиот писателски ѕид. И вториот од двамината ќе биде достапен на македонската јавност.

Ги читам овие сторенија кои ја бранувaат душата, ја ежат кожата, ви пуштаа солзи и ви ја

креваат косата.

" Кон кого да се моли стариот Лазар Глаушев, за синот дали е жив? Кон Македонија ли која немаше образ? Кон слободата ли која беше само далечна светлина?"...

Можеби ова Божје лето 1999-то ќе падне уште некој од македонските ѕидишта.

Секогаш кога ќе се дофтасат до Прилеп помислувам на двамината.

## ПОШТАРОТ ЅВОНИ ТРИ ПАТИ

Поштарчето заѕвони на портата. Појдов да отворам по некаков граѓански шаблон не мислејќи на последиците. "Еве кој ќе одат в апсана!" - се пошегува. На писмото пишуваше Република Македонија, Основен суд Скопје 1. Оддел за прекршоци. Ме кандисуваа да се јавам на отслужување на затворска казна од два дена од 24-04 оваа Божја година. Или да ја платам казната. Глоба. Кој греши плаќа. Ќе си платит. Го гледам ѕвонарот неодредено. " Ја имаш ли белешката дека си ја платил казната! Така и мене по трет пат ми стигна да ја платам?!" Поштарот ѕвонеше три пати пред да ја одмандалам портата. Ми предаде што имаше и киниса по својата работа.

На 29 јануари 1998-та со театарот гостувавме во Македонска Каменица. На половина пат на Страцин ме сопре милиционерот. Сум возел 20 километри над дозволеното. Му реков дека немам пари и да ми ја напише казната за да си ја платам во Скопје. Тој ме предал на суд. Поканата за судскиот процес во Кратово ја добив дента кога требаше да ми

се суди. Жалбата ми ја одбија, милиционерот сведочел дека сум одбивал да ја платам казната и конечно ми стигна сумата и сум ја платил на 20-06 и 30-07 1998-та Божја година. Мене трет пат ми прават вака! - ми рече поштарот. Го оддалечив со погледот. Скршна по скалите. Го снема. Ѕвонеше точно три пати.

Војдан Чернодрински го загуби својот логичен акцент. Му избега од "крвавата свадба". Се зафативме со барање. Ги впрегнав студентите од втора и трета година на одделот АКТЕРСКА игра. Баравме. Зад пијаното. На сцената. Во деканатот. Во библиотеката. Го немаше. Не биди скрбен Војдане ќе се снајдеме. И без тој твој акцент.

И така барајќи го театарскиот акцент судот по вторпат ме кани да одам да служам ЗАТВОР за казна која ја имам платено пред скоро две години. Истата постапка се случи и лани. Отидов во бараките во паркот ја дадов белешките со која се гледа дека казната е платена, шалтерката шкрабна нешто во некој тевтер и ме испрати со здравје. Оваа година пак. Е суде мој повторувањето е маќеа на правдувањето. И не ми е мене до апсааната. Ако треба да се жртвувам ете за македонскиот народ веднаш ќе појдам во затворчето. Ама казната сум ја платил и не е ред да ја плаќам по двапати. Излегуваат убијци, нарко дилери, и ослободители на чужди земји, а вие ме најдовте мене и тоа со поштарчето кое ѕвони три пати.

Војдан Чернодрински го загуби својот логичен акцент. "Не се скрби Војдане ќе преживееме!"- му велам. Ете и студентите се вдадоа да помогнат. Го бараат емоционалниот и мисловен македонски театарски акцент. "Зошто вие три години не добивате премиера?" - ме праша Чернодрински. "Демократија

е тоа Македонецу мој!" - му одговарам. "Ќе преживееме не се скрби".

Судот ми го прати поштарчето за да ме покани во апсаана. Да служам два дена затвор за казна која сум ја платил пред две години...

"Најголем комплимент на театарот е кога политичарите ќе се заинтересираат за него и ќе се обидат да го потиснат?"- Питер Брук "Не постојат тајни". Тоа е жесток доказ дека е жив и македонски!?

Поштарот ѕвонеше по трет пат. Судот три пати се обиде. Или поштарот ѕвонит три пати.

## РАЗГРАЃУВАЊЕТО НА ГРАДОТ

Некогаш го запознаваш човекот дури откако ќе го снема. Иако физичкото исчезнување не го намалува духовното присуство. Со Динократ бевме дојдени да го набљудуваме уривањето. Ако воопшто може да стане збор за уривање. Кога нешто се гради врз нешто притоа повредувајќи ја почитта на древноста. Динократ македонскиот архитект од периодот кога Македонците го владееја светот. Бевме дојдени да го набљудуваме паѓањето на злите куќи во тоа наше Злокуќани. Оти зло е да си го уриваш, ништиш тоа што ти го оставиле во завештение твоите славни претходници.

"Филип мирно спие оти Антипатар бдее!" - прочитав во книгата така го запознав тој човек Владимир Шопов, автор на книгата "Записи и сништа за Александар Магнум... Книга која може да ве понесе во Македонија. Книга која ви го разбудува чувството за она што сте. Книга која потврдува дека Македонија

живее. Ја има Историјата која се лулее меѓу нас. Во засводено присуство Македонскиот универзитет во Миеза над Атос основан од Аристотела Македонецот. "Спиј мирно Филипе, спиј додека твојот Антипатар ѕемнее".

Голема бура се надигна над пустината. Леле мајко мила колку се лоши овие кои уриваат. Динократ мигум трепна, ме разбра , ех градителу тебе не те учат на македонските универзитети денеска. Ех тајфо моја древна. Каменот да имаше уста ќе запееше од пеаните. Градел ИЛИЈА манастир.

Кој е Илија? Хелиос сонценцето. Зошто Македонците баш на Свети Илија ги сардисаа Атинците кај Херонеја? Ех зошто Македонијо? Голема бура се надигна над пустината. Се уривало! Еколошка катастрофа! На некој Македонец му се уривало?! Ех Македонци мои!

Се урибаше илјадници Божји години се она што го граделе Македонците. Се потоморуваше а потоа се продаваше на историскиот пазар како римско елинско, византиско, илирско, словенско, б´лгарско и уште не знам какво ли ќе ни наглаголат . Градел врз историските локалитети, претходно продавајќи се што ќе ѕирнеше од под земи.

Потоа Динократ, инаку царскиот архитект на Александар Македонски ми постави неколку Питијски опити, а јас ви ги приложувам вам:

"Зошто парите на градителот на Злокуќанскиот комплекс не биле употребени да се истражи локалитетот? Или да се обнови Јустинијановото кале? Зошто градителот се зачипчил баш за локалитетот кој поради политички причини до сега не беше истражуван и каде што постои и

антички театар? Нели е тоа варварство и непочитување од највисок ранг. Да градиш врз локалитет стар безмалку две-три илјади години".

"Александар умре од бол, откако сфати дека се е залудно!"- пишува во книгата на Шопов. Го тресеше тринаесетдневната треска. Морници. Цибрина потоа непрегледното поле. Амон Ра сонцето Божјо си го зеде чедото. Динократ го пулеше уривањето. Некакви варвари непочитувачи на древнината на македонските градители урpermaa градејќи преку затрупаните темели. Кој е уривачот? Оној кој го уништува античкиот македонски споменик или овие со багерите. Базен со риби и мртви финансиери на хедонизмот и празнотилото. Запознав еден Македонец читајќи ја книгата. Се вика Владимир Шопов. Духот на оние кои ги нема живее во колку ја допреле светоста. Динократ ме потурна страдувајќи. Клекна се наведна кон мајката земја и скина еден страк босилок: Филип мирно спие оти Антипатар бдее.

А Македонија ќе треба да расчисти кој всушност е уривачот? И што единствено на тоа свето место со грдо и ново именување може да се доуништи.

Се надигна голема бура. Во злите куќи злите јазици сирачиња на граѓанизмот се разцивкаа околу уривањето. Неупатени, недоветни да го узнаат вистинскиот сатрап предку македонската древност. Се друго е словенштина и политиканство од најнизок вид.

Динократ бере босилок по македонското поле. Филип мирно спие.

Антипатар бдее. А вие Македонци мои што мислите за уривањето?

Кој е вистинскиот уривач? Оној кој гради врз древниот македонски археолошки локалитет или оние

кои се обидуваат да го спречат тоа?

Зарем комплекс од новоградби каков и да е е поважен од градбите кои зборуваат за нашиот идентитет и трајност?!

Динократ со босилокот одлебди над градот. Мислам на древното Скупи, не на злите куќарки. Филип и понатаму спиеше додека Антипатар ѕемнееше. Запознав еден Македонец читајќи ја книгата за сништата на Александар Македонецот. А вие, Македонци мои, размислете самите на која страна од уривањето ќе застанете на мајкава Македонија.

Бура од од граѓанизам, словенштина и политиканство. Антапатре разбуди го Филипа доаѓа време за новата Херонеја! Доста ти беше бдеењето. Или каменот да имаше уста ќе пропееше. Градел Илија манастир преку древниот македонски град! А зошто баш на тоа свето место почитуван градителу мој, или разградителу!?

# ДОПИРОТ НА БОЛКАТА

"Кажи ми земјо моја какво име имаш ти? Каква боја имаат солзите? Каква вода имаат изворите? Каква песна пеат птиците? Каков мирис имаат цветјето, каква светлост имат сонцето, какви букви имат букварот? Кажи ми земјо моја? "Читам од ѕидниот весник во гимназијата. Потписот под песната е ЦЕРЕНЕЦОТ. Гимназијата "Два покојника" во Пустец, Мала Преспа кај Македонците во Албанија. Последен пат бевме тука 1994-тата. Го игравме Јонеско пред селската црква. "Ќелавата П..."ќелавата. Велат дека деветте македонски села се заменети под српцко за манастирот на СВЕТИ НАУМ.

А дали го прашавте светецот? Дали го имавте прашано светецот? Умот на Светиот Наум.

Не дочека песната на дечињата во Пустец. Играа оро и пееја. Не допре долапот на болката. Не знам дали требаше да го прашаме светецот. Село Туминец веднаш после македонско-албанската границата сеуште пијат вода од езерото. Деветте македонски села. Ја носат со магариња и ја точат. Полека бре Македонци ќе го испиете езерото. Ќе го испијат езерото тие со македонската жед. Горна и долна Горица, Глобочани, Пустец, Леска. Песната на децата од Пустец ни ја допира болката. Солзите ве бодат во длабината на вашата душа кога ги гледате како се редат да добијат парче колаче или бомбона за да си ја облажат душата. Ги истовараме книгите од фондациите "Благовестие" и "Цивил"како и оние на"Скрб и утеха". Директорот на гимназијата во Пустец Трајан Ангеловски вели дека од 1994-та нема

гостувано театар. Ја паметат претставата играна пред селската црква. Имаат ли Македонците кои балканските војни ги оставија вон границите на Републикава право на духовна комуникација со татковината. Солзите од македонската песна на дечињата во Пустец ни ја допреа болката.

Цариникот ни рече дека смееме да одиме само до Пустец, оти потаму може да имаме проблеми. Ние скрбевме едно село потаму во Леска игравме на пелата на сред село. Две дечиња ја бакнуваат иконата на Богородица додека трае претставата. Гоце Делчев, Александар Македонецот, Петоимениот Ѓоре, Арнаутинот и двете самовили Јана и Ангелина. Солзи, болката, ах требаше да го опитаме светецот.

Гимназијата во Пустец. Песната ја читам од ѕидниот весник. Полето за културниот натпревар меѓу народите. Искршените столици, астали и врати во гимназијата и водата која ја пијат македонските преспанци. Полека бре Македонци, ќе го испиете езерото. Песната на ѕидниот весник. Песната која ве допира во македонската болка. "Слушај мене мили сине, името што го имам, и бојата на солзите и песната на птиците и водата в изворите и мирисот на цветјето и светлото на сонцето и буквите на букварот, сите се МАКЕДОНСКИ." Така пишува во песната. Така пее таа солза, таа исконска болка. Ах како не го опитавме светецот. Манастирот Свети Наум заменет за деветте македонски села.

Во Албанија има над 200.000 членови на македонски друштва. Нас не поканија Директорот на гимназијата "Двата покојника" во Пустец господинот Трајан Ангеловски и здружението за заштита на правата на Македонците во Албанија .

Црни кози ни го кршат патот. Еден стар чичко ора со дрвено рало, ја бразди црвеницата. Туминчани и понатаму го пиеја езерото. Запрете бре Македонци ќе го испиете сето. Татни кај Завер истекува болката езерската болка од Преспа накај Охрида. Песната ги бодина солзите. Солзите ја бодинаат болката. Актерската тајфа која проклокотува во ромор и јачи. Ракоплескања, солзи, неостварени мечти. Плаче еден стар чичко, морал да плати неколку илјади леки за да го крсти внукот по македонски. Морал да плати за своето македонско именување. "Македонци сме, други не можеме да бидеме!"- ни велат. Беше присутен и Босилко Аговски кој живее и работи во Канада. Каква македонска средба од Канада во Пустец на претставата. Ќе ја пофалам госпоѓата која работи во албанската амбасада. Добивме визи, бевме игравме и ја допревме македонската болка.

Во домот на Едмунд Сотир пропејавме. Испив три чаши крваво македонско вино. Потоа морав да го играм Александра. Допир до болката.

Требаше да го прашаме светецот за замената на селата. Сеуште пијат од езерската вода. Полека бре Македонци ќе ја искапите сета Преспа, тоа свето езеро. Пустец беше раскопан ќе прават водовод за западниот балкан.

Театарот "Скрб и утеха" сеуште нема добиено премиера. Полека но сигурно ја раскрилуваме болката.

На заминување сфаќаме дека не можеме да заминеме. Оставаме дел од нашата неостварена скрб за преспанци, за Македонците од Леска и Пустец,
за нивните песни, за нивните таги, за болките, за дрвените рала кои ја браздат црвеницата, за испиената

езерска вода на Туминци, за трите чаши крваво македонско вино, за црквичето на Самуило, за фреската на Александар во една од пештерските цркви , за големото срце на Едмунд Сотир кој сонува да биде скрбист на театарската сцена. И најнакрај за еден театар со актерска тајфа на која две години некакви контролори на македонството не и даваат да учествува во македонската култура со нова претстава. Можеби поради стравот од болката. Македонската болка. Пресушените солзи и стиховите на песната кои висат во гимназијата во Пустец : "Земјо моја какво име имаш ти? Каква боја имаат солзите?" Ех, Македонци мои, умеевме ли да се огледаме во СВЕТЕЦОТ?

Ја допираме македонската болка во таената длапка на светоста на МАКЕДОНСТВОТО.

## БОЈАТА НА СОЛЗИТЕ

Црни кози ни го прекрешија патот кода се клацкавме по друмот. Друмот накај Македонците. Од спротива се белее Туминец. На нивата еден стар чичко ја бразди црвеницата. Бојата на крвтта. Натопената земја. Границата ја минавме со леко. Деветте македонски села во Мала Преспа ги беа замениле за манастирот на Свети Наум. И така си останаа во Албанија. Границата меѓу Стење и Македонците во Мала Преспа Албанија. Со дрвено рало ја бразди црвеницата.

Пред козите се појави Богот лично. Ги предводеше еден јарец. Македонскиот АРЕС , лично тој предводникот, јарецот. Арец или Арес или пак

јарец. Потоа се појави Едмунд. Туминец остана го оставивме зад грб. Луѓе кои ја пијат езерската вода. Ја полнат со кофите и ја носат со магарињата до селото. Можеби ќе ја искапат сета езерска вода? Ќе го испијат езерото!

На сред село во Пустец екна песната. Ја точеше македонската болка. Деца фатени во орото. Се вијат кружно симболизирајќи го Богот сонце. Солзи, грст закоравна болка и македонскиот непокор.

Пред гимназијата во Пустец ја игравме претставата. Дојдоа лично царот, апостолот, Ѓорѓија Магаревски, арнаутинот и двете самовили. Луѓе кои доживуваат просветлување во древен македонски ритуал. Еден човек се расплака како дете. Морал да плати вреќа со леки за да им ги задржи на внучињата македонските имиња. На ѕидот во гимназијата меѓу искршените врати,прозорци, истрошените клупи се белее ѕиден весник на македонски јазик. "Каква боја имаат солзите?" Така пишува на ѕидот, на македонскиот ѕид ."Кажи ми земјо моја?"

Потоа друмувавме до Леска. Испивме по три чаши крваво македонско вино. Пеевме древно македонски ПЕАНИ , се обидувавме да ја потиснеме македонската болка. Во домот на Едмунд Сотир во Леска. Во селото. Потоа игравме повторно со зајдисонцето на селската пела, продромувавме. Две дечиња ја бакнуваат иконата која стои на работ на сцената додека игра актерската тајфа. Играта на потиснатата болка која ја доодува тагата од срцето до душата.

Покана за да бидеме во преспанска Македонија добивме од Здружението за заштита на правата на Македонците во Албанија и од директорот на

гимназијата во Пустец. Луѓе кои имаат духовна потреба од Македонија. Го запознавме Босилко Аговски кој живее и работи во Канада. Беше на претставата. Дарувавме книги од Скрб и утеха, од фондациите Благовестие и Цивил. Директорот Трајан Ангеловски не кани да дојдеме пак.

Во душите ни догорува болката. Туминчани сеуште ја пиејат езерската вода. Ние заминувавме со телото длабоко знаејќи дека таму ни останува духот, нешто кое не ви дава сила за заминување. Македонство кое ве зграпчува и не ве остава да заминете. Сеуште ги пиевме трите чаши крваво македонско вино. Ги скрбевме сцените од "Зајдисонце" со Македонците од Мала Преспа. Им ги ублажувавме болките. Им ги броевме солзите. Им ги ситневме голтките езерска вода која ја пијат во тој заборавен западен Балкан, во таа македонска јама.

Црните кози ни го просветлија патот. Ги предводеше лично Арес, тој јарецот, македонскиот јарец. Со дрвеното рало ја дограбуваше црвеницата. Земја налеана со солзи и македонска крф.

Здруженијата на Македонците во Албанија имаат преку 200.000 членови. Внимавајте се работи само за 200.000 членови. Бројката е далеку побројна. Зарем ќе се откажеме од сопствениот народ. И бојата на солзите. И буквите на македонскиот буквар како што пишува во ѕидниот весник во гимназијата во Пустец. И фактот дека им е дозволено да учат на македонски но само до четврто одделение И тоа само во реонот на Мала Преспа. Ако сакаме да го браниме македонството треба да има некаков ред. Исти права треба да имаат и Македонците во Албанија како и Албанците во Македонија. Инаку ќе бидеме народ на

распродажба и исчезнување. А тоа не смееме да го дозволиме заради земјата натопена со крвтта. Заради иднината на нашите македонски деца и нивниот опстанок. Заради нашите браќа од Туминец кои го пијат eзерото на прагот на западниот валкан Балкан и граѓанозмот кој ни го наметнуваат како јарем белосветските демократоиди мутанти на лажната хуманост.

Црни кози ни го пресекоа патот. Ги водеше Арес лично. Духовно остануваме во Мала Преспа пеејќи ја песната со дечињата во Леска и Пустец која зборува дека Македонија повторно ќе биде горда и слободна.

И се разбира Македонијо, појди во Мала Преспа за да ја узнаеш бојата на солзите. Македонската болка и непокор.

## НА КОЈА СТРАНА ОД МАЈКАВА ЗЕМЈА СЕ ПРОСТИРА МАКЕДОНИЈА

Не пречека лично Македонецот. Царот застанал и гордее. На граникот стоеше и кутлешевото сонце. Битолскиот граничен премин меѓу долната и горната Македонија. Во Лерин нарачавме кафе на "раниот Хомеров јазик". Барем така пишува во својата книга Константин Чулкас. Јазикот на "славо-Македонците " од Лерин. Македонскиот јазик. Во книжарницата го сретнавме Јонко Драгоумис , неговата книга "Тетратки од Илинден" на грчки јaѕик. Исто така и Лорин Денфорт со "Македонскиот конфликт" и Петре Вчков со "Македончето". Ја немаше Анастасија Каракасиду со "Житните полиња

и ритченца од крвта". Др Наде Проева ги препрочитува надгробните споменици во леринскиот музеј. Божицата-МА најдена во Претор, Кападокија и кај пиринците. Сончева круна, голата боска , штитот и оклопот. Вишнеат македонските тумби низ полето. Интересно овој археолошки термин "македонски тумби" кој се однесува за гробниците на македонските цареви останал ист и во современиот македонски ТОМБ- тумба , возвишено место.

"Во гробовите да се ставаат бисти е стар македонски обичај.! "- вели Наде Проева. Драмуваме во Пела царската македонска престолнина. Дионис на пантер со лилјанот и тирсот. Мозаик од грабнувањето на Елена тројанска. Статуетка на Александар претставен како Богот Пан. Или пак царската глава под која пишува Александар син Филипов. "Лицето на покојникот се покривало со златните маски!" продолжува професорката. Ни зборува дека маските од Требениште не можат да бидат Илирски. Доказ за тоа е некрополата во Синдос недалеку од Солун од 6 век п.н.е. Го гледаме Посејдон како се фатил на орото. Дионис брадосан со бршленот облечен како жена...

Никнуваат македонските тумби низ полето. Клучната реплика за која се фативме на научната трибина беше дали кукушанецот рекол: " Јас светот го разбирам како поле, или го разбирам како пела...за културниот натпревар меѓу народите!" Потоа драмувавме во агората. Во угорот.

На друмот ни се испречи едно езеро. Островското езеро, селото, одиселото Пателе. "Зошто на Ташко Белчев не му дозволувате да учествува на крушевскиот театарски семинар?" Ме

праша езерото. Пателе, родното село на Ташко Белчев. "Обрати се во театарскиот институт!" му реков. Бевме и во древниот и новиот Воден. И таму глаголат по нашки.

Театарскиот институт не знае дека во селото се играла претставата. Горе под тоа македонско небо некој од следбениците на Војдан Чернодрински ја поставил за време не граѓанската војна во Грција. Некаде 1948 или 1949-та. Ја играле селаните на село Забрдени претставата " Македонска крвава свадба" од Војдан Чернодрински. Разговаравме со еден од актерите. Спомени, солзи македонските забубаќени стерни. Потаму се распослала планината Џина. Потоа зататни музиката.

Панаѓурот го започнаа чупињата. Се фатија во орото лека полека. По нив прифатија жените. Најпосле се фатија мажите. Дионисијата прифати ритам од кај Џина. "Ех големино, ех планино, ех угоро". Енергија која ве влече за косата угоре и ве подрипнува во ритамот на македонските ора. Пеаните.

Селото го гореле два-три пати. 1906 та 1912 та. Беше Свети Константин и Елена. По грчкиот календар. Се случуваше панаѓур во селото Забрдени во Грција, или како што и ние и тие ја викаат Македонија.

Александар стои на границата и се пули. Од Македонија во Македонија. Нели е човечки да се урне и македонскиот ѕид! Нели така не учат Европејците, нели Александре!

Им понудиле товар драхми да го стават грчкото знаме. Не го ставија. Треба да мине време за да се залечат раните. Некогаш за песната се одело в сургун. Орото траеше седум часа без прекин. Има споменик

на паднатите од граѓанската војна. Еден собеседник ми кажува поезија наизуст на македонски јазик. Не го ставија знамето. Треба да се залечат раните. Детската градинка е изградена на темелите на црквата Свети Никола. Ја запалиле 1905. Кои од многуте ослободители на Македонија? Можеби затоа имаат толку убавина во младината.

Некаде на почетокот на осумдесетите Театарската работилница "ФФ"требала да гостува во Солун. Не ги пуштила тогашната министерка за култура! Не беше кутнат македонскиот ѕид. Можеби претстои нов македонски театарски обид.

Александар стои на граникот и се виори. Пела сеуште драмува низ полето. Ги мери, хомери македонските тумби. Грција  и Македонија сеуште живеат едната покрај другата. Историско препокривање и карма. Островското езеро се упати во театарскиот институт. Да опитува за Др. Ташко Белчев. "Само немој да ја понесеш сета вода! "Ја допревме точката каде што пред 40 години се играл Војдан Чернодрински. Забрдени точка од која се запознава Македонија! Пред 20 години не беше дозволено еден македонски театар да игра во Солун. Наскоро ќе узнаеме дали е паднат македонскиот ѕид? Дали светот е поле или е ПЕЛА за културен натпревар меѓу македонскиот и грчкиот народ. Го оставаме Забрдени со полна душа и срце за Дионисиевата енергија на нивните пеани и ора. Раскрилени преку македонскиот ѕид. Преку она што останало од него.

Александар демне на граникот и се чуди? На која страна од мајкава земја се распостила Македонија?

# ЗА СВАДБАТА И ЗА ПИШТОЛИТЕ

Последен стаса на пелата. Историската вратисваќа си дојде. Беше тоа како некоја зададена вратка. Како нешто што го гонеше на сторение. Иван климна во умот. Почина. Каснеше најмалку половина век во македонството. Го претекна браварот Јошко, го претекна. "Нечемо Македонце дати Бугарима!"- му рече браварот. Иван го погледна под збрчканото теме, молчеше цел век пред да му ја врати думата, потоа сржа . " Швајцарија на Балканот мој пријателе!"- му рече. Најнакрај се најдоа двамината од многуте македончовци. Другарот Јошко браварот и претседателот на ВМРО-то. Иван Ване Михаилов. Господинот РАДКО. Се пронајдоа на македонското вратилиште. Касниш брате Радко, ептен се имаш закасано едно половина век. Те чекавме 50-етите, 60-етите ите ,ите . Се собравме конечно сите. Вратата беше подотворена за да се вратиш Радко мој вратко. Нели така барем ни продаваат во Македонијава дека цело е кога има се, од сичкото, па тогаш зошто се крена сета таа врева околу враќањето на Радко нашиот закаснет братко од македонството. Зошто Македонијо се растревожи од враќањето? Зошто? Нели не учат белосветските демократоиди дека: "ЦЕЛО Е КОГА ИМА СЕ! "Се од сите наши одродени братја нема белки да речеш "пу, пу, не важи" нема повеќе шеги со македонството , со целото, со тоа дека треба да има од сите за да биде целата, нашата мајка убавица и принцеза, сестра Македонија. Се растревожија "словените", македонските Словени, ги фати некаква јанѕа од целото, од тоа дека треба да

има од сите Македонци. Илирски, словенски, грчки и б´лгарски Македонци...ама не им пречат другите туку само оние кои стасаа последни на македонската Пела, тајфата на Радко-блгарољубивите братја Македонци...

Војдан Поп Георгиев Чернодрински во месец ноември, по старомакедонски именуван како студен, играше претставление во Средец Софија во салонот "Славјанска беседа", ја играше претставата "Македонска крвава свадба".Беше Божјо лето 1900. Беа дојдени скоро сите и едните и другите со пиштолите. На силата се одговара со силата. Македонците од ВМРО дојдоа вооружени до заби да ја бранат претставата. Имаше и пукотници. Имаше. Но највеќе распукаа браздите на македонската поробена душа. Се отвори врелото на македонската уметност. Вриеше. Беше тоа сонце во душите. Се случи тоа сторение, Македонци мои, пред сто Божји години. Театарот се викаше "Скрб и утеха". Тлееше македонската болка. Беше допрен македонскиот упој.

100 години потоа возобновениот театар "Скрб и утеха" играше претстава во Пробиштип. Актерот влезе да купи капки за очи. Да ја оплакне сценската прашина. Во аптеката на ѕидот го сретна браварчето. Сликата на Јосип Броз висеше. Се погледнавме молкум. Минаа сто години на Војдановиот молк. Упорство за уплив. Актерите во соблекувалната, во И.Е. 73-ка се готвеа пред сликата на другиот мегник. Иван Ване Михаилов гордее на ѕидот. Молкум патува сценската енергија. Се погледнавме. Минаа стоте години на Војдан Чернодрински. Јошко и Иван најнакрај се сретнаа на македонскиот ѕид. Висат двамина македонисти.

"Нечемо Македонце дати Бугарима! "

"И Швајцарија на Балканот!"

Историјата постои за да се учиме на гибелта. Да извлечеме поука. Можност за умност.

Потоа Гоце Делчев се прегрна со Македонецот. Во ракле се Апостолот и Царот. Александар Македонецот. Секогаш во тоа сцено-дејание од публиката прострујува некаква ЗАРИСА(копје на македонската фаланга) со која може да се дотепа македонската ламја.

Се крена голема врева за Радко. Ех, Македонци мои! Нели цело е кога има се´? Па тогаш зошто да се тревожиме. И б´лгарските Македонци се дел од тоа целото. Ако има словенски Македонци и никому не му пречи освен на ИЗБРАНИТЕ, и грчки Македонци и илирски Македонци и никој не се скрби тогаш природно е да има и б´лгарски Македонци. Чуму тоа џуркање?! Ве заболе ли за дунавското препливување?

Сосема друга приказна е како е можно турски збор да биде име за македонскиот народ? Види го зборот б´лгар во б´лгарскиот етимолошки речник? И зошто не се направи попис за да се провери колку старо-б´лгари , а колку Македонци живеат во Тракија?! Цело е кога имало се´. Јас тоа го разбирам од Богот Македон до Македонија.

Возобновениот македонски театар "Скрб и утеха" славеше 100 години од "Македонска крвава свадба". Три години не сме добиле премиера. Две години и седум месеци МТВ не ја емитува снимената претстава "Зајдисонце" на програмата. Водевме вистинска војна за да го снимиме документарниот филм "Бакни го сонцето" со истата. Сето тоа е дел од сто годишниот јубилеј. Сто години слава за

"Македонска крвава свадба"и за театарот "Скрб и утеха".

Се крена голема врева за Радко. Многу врева за ефтино. Уште едно стадо македоносани идентитети. Не се скрбете сирачиња, сите ќе ве прими во мајчинската прегратка вашата голема Божица мајка Македонија.

Славевеме 100 години од "свадбата" Војдане Чернодрински. Само не дојдоа оние со пиштолите.

## ЛЕБЕА ЉУБОВ МОЈА

Сретнав еден елен во угорот. Ме погледна со роговите. Потоа летна низ елите. Одеднаш се најдов на мостот. Го искршив лепчето и ги послужив . "Прв пат слушам маж да меси леб!"- рече помошник министерката . Си спомнав за Лебеа. За тестото замесено од Пердика коа нараснуваше највеќе. За неговиот заграб на сончевите лачи. За реката и за македонскиот завет. "Македонец кој не замесил леб, кој не умее да ѕида, кој не јавнал коњ и кој нема испиено три питоси со црвено вино, не е Македонец". Потоа еленот скокна. Беше тоа вистински лет. Еленски скок. И така се роди мостот.

Добив честитка за Нова година и Божик од Министерката дека по некаков закон за некакви здруженија и фондации и законот кој штотуку не влегол во собраниската...му се укинува работното место, единствено на Културен центар, театар "Скрб и утеха". Ако е тоа уште една победа за Македонија ќе се жртвуваме, само ние не сме здружение, ниту фондација, туку МАКЕДОНСКИ театар. Потоа за

прв пат замешав од малтерот, направив еден праг во тремот. Во стоата. Прораборе генот. Потоа го замесив лепчето.

Први по мостот се појавија киносите. Стар македонски збор за пес, за куче е КИНОС. Затоа што пред одење во битка Македонците раскинувале куче на два дела и фалангата минувала преку него. Раскини, накини, над кини, искини , кини , КИНОС- или го раскинав, раскинес, раскинис , раскинос. Три македонски песа шарпланинци изникнаа од мостот. Еленски скок. Мост на друмот  за селото Тресонче. Зад нив се појавија козите. Овчарот со своето стадо. Се пулиме едни со други така молкум. Разменивме скрбни думи во угорнината. Кој си? Каков си? Колку си? Чиј си? Од нашите ли си? Ми ја раскажа приказната за еленот и скокот. Го беа спотерале четирите волци да го раскинат. Да го сторат кинат. Артемида будно го водеше низ планињето. Не можеа да го дофтасаат. Беше само едно македонско искушение. Тој на крајот полета. Беше тоа лет кон духовното. Волците останаа на брегот да стојат закопани в земја. Не му е дадено секому да лета. Ех Римјани ни едни. Потоа настана приказната за мостот. "Мостот го изградиле римјаните!"- ми рече овчарот.

Артемида прелестната убавица талкаше низ гората со своите нимфи. Ѕевс лично и го даруваше лакот. Мајка и го носи името на едно од годишните времиња на македонскиот народ. Најжешкото. Се викаше ЛЕТО.  Сребрен лак и држачка за стрелите. Во царската кола беа впрегнати елените. Култ кон ритуалноста и невиноста. Во нејзина чест група луѓе (коледари, василичари) оделе од куќа до куќа украсени со венци, и еленски рогови на главите и

пееле весели пеани. Игри со маски. Зурли и тапани. Струмица и Вевчани.

Му подадов на овчарот од лепчето. Ех Македонијо, моја бескрајна Лебео. Ех, збору кој си го задржал своето значење со милениуми. Леб- Лебеа. Место каде започнува македонската приказна за трите браќа, за најмалиот Пердика и за неговото тесто со леб кое најмногу нараснувало.

Овчарчето киниса пругоре. Зјапам во овците и си мислам, како му текнало на ЦЕЗАР да дојде овде во џенемија да им направи мост на Македонците кои претходно изградиле стотина Александрии. Уште една словенска лага. Купишта историска кал. Подоцна кога ми кажаа дека името на селото Тресонче му го дале римјаните, навистина не ми остана ништо друго туку самиот себе си да си дообјаснувам што му требаше на тој Цезар да доаѓа дури до овде во планинава за да му даде име на селово. Тресонче. Божјо место. Три сонца изгреваат и заоѓаат дневно меѓу тие македонски Олимпи, тие Артемидини гори. Три сонце. Трипати сонце. Цезарче мое македоносано.

Си дојдов дома ми и ме затекна римското ропство. Омраза. Братоскрбие. Завист. Едните против другите. Вистинско римско ропство. Раздели па македонствувај.

А зошто вие не си подадете рака. Ете се ближи ПРОЧКА и Македонија да ја направиме повторно голема. Велика по ум дух и македонска.

Ако е потребно за македонската култура да се жртвуваме. Но зошто на ниеден друг македонски професионален театар не му е укинато работно место? Освен на "Скрб и утеха". И тоа во годината кога славиме сто години "Скрб и утеха" (13 мај 1901

првпат именуван од В. Чернодрински, возобновен 1988-ма).

Еленот продолжи понатаму. Артемида ги бакнуваше трите сонца. Јас за прв пат изѕидав едно прагче и замесив лепче. За виното и коњите веќе сум сторил. Постојав така на еленскиот мост да ја доправ височината на македонскиот ѕидар. Од Динократ до денеска. Идат дните за простување. Не ни се потребни ниту римјаните ниту пак Цезар за да си подадеме ракле за Прочка и да ја возгордееме својата земја Македонија. Ех, Лебео, Артемидино три-сонце убавице. Да си подадеме рака во духот на Орфејството, Стоиците Аристотела и Исуса Христа и Македонија повторно да ја направиме ВЕЛИКА. Се друго е римско ропство, словенковци, блгарољубиви и раздели  па македонствувај.

## КОГА МАКЕДОНЦИТЕ ГО ПРЕГАЗИЈА ИСТАР (ДУНАВ)

Се распростреа облаците по небото. Царот рипна од коњчето. Букле зафрче. Клекна и се положи себе си врз рамната земја. Ја распространи својата снага. Ја гушна мајката земја. Небаре сакаше да му каже за тоа навеано претчуство околу реката. Македонците устремено ги следеа дејствијата на Александар. Молкум татнеше нивното пределено чувство пред бојот. На другиот брег од реката ги чекаа разулавените диви орди на Скитите. Пред нив шумот на студената вода на Истар.  Требаше нешто да се предвиди. Александар ноќта сонуваше некаква далечна скрб. Некакво предвремено чувство околку

таа река. Тој Истар? Имаше чувство дека тоа негово преоѓање на таа клета река, на тивката вода на Истар, дека покасно ќе им дојде до ак на Македонците. Потоа му се јави Орфеј со лирата и навлата и му даде глас за победата.

Царот стана. Молкум го вјава Букле. Тапанот удри. Зурлите спиштеа. Се раскина еден кинос куче за да се растури несигурноста. Екнаа пеаните, воскликна македонската верба и тргнаа да ја прегазат реката. Претходниот ден беше направен воден мост од неговите тајфи на воените ѕидари. Коњите, фалангата, фрлачите на оган и камења минаа преку него и им се втурија на затекнатите и преплашени Скити. Се случи уште една македонска победа. Мајката историја запишала дека Александар со фалангата ја минал реката Истар , денешен Дунав и ги пеплосал Скитите.

Ноќта се случија деноносии, запалени огнови, мегарони на кои се фрлаа прасињата, се креваа питосите со црвено вино, Македонците пееја пеани и играа ора со зурли и тапани, навли и кавали, се вртеше древното македонско оро КАРПЕА, подоцна наречено ТЕШКОТО. Царот никако не можеше да ја оттргне скрбта. Му влезе како некоја сенка во думите, во македонското срце, во манастирите на неговата душа. Му требаше Хомер, или Аристотел да го извлечат од чувството на безначајност и гибел. Некој му рече дека некакво скитско кралче направило голема клетва за македонскиот народ. Клетва , зла коб, од која 2000 и чекрек Божји години не ќе имаат куртул Македонците. Клетва од која Македонец ќе тргне против Македонец до истребување.

Александар се крена. Ја напушти веселбата. Го остави

орото, се осами во рамното поле покрај клетата река.- "Господи земи ме мене поштеди ги Македонците!"- замоли. Одеднаш од ведро небо истури дожд. Солзеја небесата.

Песната не престануваше. Дионис ги спотера уште повесело да пијат и да се опиваат со питосите и пеаните. "Ќе мора да го исполниш она за што сум те пратил синко мој!"-му рече Господ. Александар стоеше на дождот. Букле дојде до него му ја мушна главата меѓу рацете и му ги виде солзите. Александар Македонецот Великиот цар лееше солзи како дождот. Беше вистинско кисло. Во срцето на македонскиот цар оставаше дребна пустота. Дожд, тивката река Истар и царот со својот дориан.

Потоа клетвата на речиштето и скитското царче долго владееја врз Македонците како некаква историска џурка. Откако Александра си го зеде Господ непрекинато трајат македонските војни. На почетокот кој ќе го наследи ВЕЛИКИОТ, потоа по некаков закрлежен ред за себеистребување, секогаш имаше повод, причина, тежнение за меѓусебна гибел. До денеска во името на словенството, патријаршиско-егзархиските македонски војни, елинизмите и хеленизмите, до најновите партиски поделби натоварени со заринкана, немтуреста омраза кон своите. И реката Истар, денешен Дунав си го зеде својот данок за прегазувањето. Денес нашите деца сеуште учат за препливувањето на Скитите преку мирниот Дунав во шестиот век. Скитите или фантазмогоричните Словени. Се разбира дека Македонците го минале Истар , денешен Дунав дента кога војувале со Скитите на чело со Александар Македонецот, го прегазиле и се вратиле назад после

крвавата победа. Девестотини Божји години пред шестиот век од оваа ера.

Царот се созема. Го бакна Букле в чело. Скокна на него. Дождот скипна. Го спотера кон песната на гордите Македонци и кон Деноносиите. Тапаните му ја грееја душата. Зурлите го носеа низ историјата. Драмуваше македонскиот народ. Го чекаа грстови угари за да се посее македонската доблест и умност. Знаеше дека не може да се побегне од зададеност и им се препушти на бафтањата на трембетите на древно-македонските ора и пеани.

2000 и чекрек години летнаа како во некој кобен сон. Идат дните за раскинување на клетвата. Со Господа Бога напред, Македонци мои. Време е Македонија повторно да биде СВЕТА и БЛАГОСЛОВЕНА.

## БОЖЈИОТ МАРТИР НА ВОЈДАН ПОП ГЕОРГИЕВ ЧЕРНОДРИНСКИ

Застана велик и сценоносен воин раширен како светлото и јановидно небо. "Знаев, узнав Господ, Боже мој дека мартир е пратен за да ми се јави". Во едната рака царскиот меч Александров го држеше. Во другата светото театарско писмо, збор кој убива в душата им. Избери Војдане Поп Георгиев Чернодрински. Избери. Бери си го умот и реши по кој пат ќе сценуваш понатаму за милата ти татковина. "Јас си ја љубам сцената!"- рече. "И земјата ми. По кој пат да драмувам Господи?! ..."

Статут на македонската театрална група, на Војдан Поп Георгиев Чернодрински, театарот "Скрб

и утеха", кој се состои од шест глави и 42 члена. Член 1 (гл. 1): Македонската театрална трупа под управление на Војдан Чернодрински има за цел да го запознава општеството со минатото и сегашната положба на Македонија и Одринско. Истите чинодејствија ги вршеше и возобновениот "Скрб и утеха".Чл. 1 гл. 5. како и чл. 23 гл. 5 : Трупата ќе дава пиеси кои дирекно или индирекно го сликаат животот во Македонија и Одринско, драми, трагедии, комедии, сценки, дијалози и др. главно од македонскиот живот ...Ќе издава книшки кои ја сликаат положбата во Македонија. Истото го работеше и вториот "Скрб и утеха".

Ги позема книшките. Беше 1904 година во Средец, бројна македонска емиграција живееше во Бугарија , Софија. Знаеше дека не е лесна македонската борба. Теглеше колку што може по мајката сцена. Македонствуваше. Трупата "Слобода" му испрати пусатче полно со зборови кои ја јакнат вербата.- Војдане Македонецу, ако еден ден нашата мила татковина ја огрее светол небосклон и јасно сонце, "Скрб и утеха" со гордост може да го заземе она почесно место што таа можеби и го заслужувала"

...Војдан се осами, навираше духовна сила во суштествувањето. Беше тоа сатницата кога по Илинденската гибел почнуваше себеистребувањето. "Кога еден ден нашата мила татковина ќе биде слободна, трупата со гордост ќе го заземе почесното место во македонската култура..."така на Чернодрински му пишуваше театарот "Слобода". "Слобода, што е тоа слобода?"-помисли уметникот актер од вториот "Скрб и утеха".

Мартирот закопан в место со раширени раце

го чекаше македонскиот избор. Меч, преповторена гибел, пролеана македонска крв или збородумание. Умност. Стоицизам. Просветителство. Преродбеничко трпение. "Ах, проклети и триклети да сте македономрзци!"- помисли еден уметнички театарски воин. Ја подаде раката кон мечот, за миг блесна Божјата молскавица и ја повлече.

"Се двоумиш синко мој?!" - му рече Господ. - "Вие Македонците еднашка го владеевте светот со мечот, помниш нели? Сега е времето на Ристовото умерено умствување. Ристо свештеникот Аполонов, Ристо учителот на царот од македонскиот град Стагира, Ристо Стоикот кој велеше: Сé е таткото, сé е синот, Ристо распнатиот богосин...и ти пиле мое распнат во колебањето. Меч или светото театарско писмо. Кога еден образован човек ќе се двоуми да избере помеѓу мечот и зборот тогаш веројатно слободата не постои во милата му татковина. Сценската слобода на Чернодрински".

Актерот ја подаде раката кон мечот. Чернодрински го зграпчи за неа и му прошепоти: - "Сопри! Кога еден Македонец се двоуми веројатно се вратило времето на пост илинденската гибел. - Проклети и триклети да сте македономрзци! -Реши се!"- му рече мартирот. "Реши се! " Го позема зборот.

-Театарот е свето место. Не се создава секој ден. Тежок е процесот на возобновата исто како и во случајот на црквата- Свети Климентовата. Се работи за духовен процес не за владина одлука....

"Примири се!" -повторно го протресе Војдановата прегратка. "На "Скрб и утеха" местото му е во националната програма. Почекај имај трпение!"- му рече. "Стоику мој!..."

Мартирот и Чернодрински повторно се кај Бога. Тихува еден театарски воин и ја препрочитува поракатa на театарот "Слобода" до "Скрб и утеха". "Ако еден ден нашата мила татковина ја огрее светол небосклон и јасно сонце, "Скрб и утеха" со гордост ќе го заземе почесното место кое го заслужува!" Можеби сеуште не е дојден тој сончев ден, Македонци мои.

"Јас си ја љубам земјата!"- прошепоти. "И сцената ми. Кој пат да го фатам Господи?"

## ЕВАНГЕЛИЕ ПО ЈОАН К...

Дојде како неканет гостин, небаре ноќна пеперуда сиот пепелосан во умот. "Од улав ум не барај памет! "- ми рече. "Сполај ми ти Боже, оти не ме улиши мене од светост! "- му вратив во збор. Беше задушница. Беше една македонска темнина, беше Ношта -едно од Орфејските македонски свети тајни, кога се отвораат портите од АДОТ и кога може да се мине од оваа и онаа страна на свеста. Јоан Кападистрија беше дојден, да даде отчет. "Пеј брате Јоане! Пеј, викни една од нашите!?" - му велам. "Не ми е до песната, брате мили, не ми се пее! "-одговара. "Ех, Македонецу ни заеден, пиле ни едно, русинче ни заедно!"-го буцнав. "Пеј ако си маже, пеј, во мајка Македонија мора да се пее, кој пеел ќе те надпее, кој не запеал ќе пропее, кој не умее да пее ќе се распее, пеј русинче ни едно, пеј..."

Уште кога го беше пратил царот во умот му се заврте некеква гибел, некаков помор кој ќе трае низ поколенијата. Беше 1830-та, Господ ја спотера

Европата да ја бркаат Османлиската империја од македонскиот полуостров, дури и  поетот Бајрон се беше спотерал со пусатче да се бие со Османлиите. И така Јоан Кападистрија по победата стана прв претседател на народното собрание на таа ослободена земја. Во Светото писмо се именуваше како Ахаја, а тие сега требаше да ја крстат, да и даруваат именце. Јоан како Русин, за мајка Русија, кого го описменија Светите Кирил и Методија со македонските слова, имаше чест да го кладе името. Едни велеа да се вика како што пишува во Библијата, Ахаја. Други беа да се вика Хелада. Трети да се нарече Елада. Некои дури одеа дотаму да ја наречат Атинска република. Требаше да се создаде народец, да се состави јазик , да се крепи државата. Само на Јоана не му беше јасно зошто не ја наречат едноставно Македонија. Едноставно така Божјо и царски и според тајните историски списи, со цртички и рецки, по Црниот Ризец Храброто. Од рецкарскиот Роцки народец, кој откако се ослободи од рецкарство и доби македонски слова, стана пословен, словен и благословен така Божјоугодно под сводот небесен. Тогаш сеуште во Атина се глаголеше вака како и јас сега со вас, на словава Божји...

Јоанче претседателот на Грција инаку чистокрвен Русин имаше поинакви мечтаења. Но не го оставаше свеста за умирањето. Таа 1830-та се менуваше историјата на светот и на векот и и се даваше сосема погрешна насока во однос на Македонците. И дадоа име на новата држава. Создадоа јазик, ги бришеа натписите на чешмите по атинските сокачиња напишани на јазикот на кој ви се обраќам и вам. Потоа го отруја Јоана. Го донесоа

баварчето Ото Првото и се зацарија на островската земја Ахаја. Беше 1831-та.

"Пеј брате Јоане!"- му велам. "Не ми се скрбосувај таму како некоја сибирска пустелија, пушти душа нека се распее, ова е Македонија, твојата пра мајка , твојата духовна потреба да се кренеш кон великоста". Тој пеплосана пеперутка врти околу ламбата пие од светлината копнее по кутлешевото сонце. Се стуштил како пепелава ноќ. "Пушти си ја душата , денес на задушница, олесни се.."беше Ноштa едно од Орфејските македонски свети тајни на древноста... беше задушница 2001-та. Македонија уште беше поделена. Ја водеа под срамно име. И наложуваа да стори, де едно, де друго за да ја остават на мира. Ја беа навасале Персијанците, според страданијата на Настрадамуса Божјото око Виделинов. Но според мене запишувачот на сторенијата сеуште под римската доминација, поделена на склавинии размразени меѓу себе до гибелштина. Мраза. Омраза. Помраза. Баш на задушница кога Јоанче ми тропна на врата. И кога си ја посла душата во таа тајна одаја каде се чуваат од светите фалангисти неизгорените пергами од Александриската библиотека со старомакедонски слова, баш како и овие кои ви ги упатувам и вам.

Песната полета, таена пеперуда од сибирката пустелија там долу Македонија. Цел свет да загрне. Се излеја ијлада годишна болка. Ја прифати и мртвата македонска војска во страотен екот. Грагореше. Затреска. Проклокоти. Мигум помислив дека повторна јурнаа...

Јоан си го позема Орфеј со лирата да му ја скроти грижата. Многу солзи и крв македонската

земја чува. На Отон Првото баварчето, царот на Грците, никој не му бранеше да си избира име за својата земја. Грција е таа. Елада. Или Хелада. Не знам, тие си знаат самите. Што сега ним така одеднаш им текна за Македонија. Најнакрај не можеш да бидеш двамина. Останете ми арни Македонци мои. Едно име имаме на душата го носиме...брате Јоане...

## ЗАПИСИ ОД ТЕАТАРСКАТА ХИРУРГИЈА

Секое чувство може да се се изгради и да се научи. Стравот. Или потчинетоста. Или некаква малограѓанска неслобода. "Базичен проблем во историјата на театарот е воспитанието на душата. Што актуелно се случува во него? Да мислиш или да го имитираш процесот на мислењето? Допир. Вкус. Поглед. Слушање. Мирис. Мирисот на слободата. На пасијата за сонот. Кој си? Каде си? Што бараш тука? Што кажуваш и за што зборуваат ? Театарот замена за животот. Да се научи како да се живее. Религиозност и култ. Свето дејство... "("Dream of passion" Lee Strasberg)

Дента кога излезе годишната програма за финансирање проекти од издавачката дејност на Министерството за култура според конкурсот за 2001 во Дневник , само две страни поназад е печатено известие за Дионисивите чествување "Мину Угриновска". Сторени се две мали грешки. Првата дека автор на текстот "Зајдисонце" е Томислав Стојановски, втората дека театарот "Скрб и утеха" е аматерски. На еден начин тој весник направи несекојдневна средба. Ги стави на своите страници

резултатите од конкурсот на министерството и културниот центар. Скрбна работа. Едицијата "Лицеум" при "Скрб и утеха" предложи две книги. Првата е "Сон за страста" од Ли Страсберг. Втората драми од возобновениот театар "Скрб и утеха". Во списокот на весникот кој направи две грешки ги немаше предложените книги.

"Благодарност за министерството за култура!" - рече Др. Душко Алексовски. Зборуваше за автохтониот развој на македонската култура од неолитот до денеска. Го спомна Харолд Харман кој ќе дојде во Скопје 2002 на светскиот конгрес за карпестата уметност. Ден пред тоа во салата на Факултет за драмски уметности се прикажаа три кратки документарно-играни филма. "1000 години како денот од вчера", "Бакни го сонцето" и "Во потрага по големата мајка на пишуваниот збор". Третиот филм зборува за читање на древно-македонското писмо, за трајноста и истрајноста на Македонците. Првите два филма зборуваат за еден театар на некаков Чернодрински и за бакнувањето. За трошките љубов.

Дионисиевите чествувања можат да се пофалат дека на нив настапила сегашната министерка за култура. Беше тоа со Господа 1998- та. Може да се каже дека потоа таа беше редовен гостин на трибините "Македонците од древнина до денеска", нејзиниот сопруг дури се јави како скромен мецена. Времињата менуваат . Променуваат. На подобро или на "поубаво", не знам. "Коцката беше фрлена!"- рече Ангелина Маркус. Ги претстави книгите на Симе Пандовски. Не знам дали тие ќе се вклопат во граѓанската историја, не знам. Тој не му се

заблагодари на министерството. Дали заборави или нема за што, не знам. Навистина не знам. Потоа воскресна еден цар. Филип Второто -Македонецот го донесе господинот актер Александар Џуровски. Во доцните духовни саати ја подели со нас својата посвета. "Најголемо богатство е народот!" - рече. Потоа ја посла молитвата за "Скрб и утеха" на светата сцена. Вангел Божиновски зборна за вазалите на препишувачката историја. Думаше за платените запишувачи на историјата. Имаше во него некаква надеж. Некаква исконска силина и вера. Имаше. И Др. Ташко Белчев одговараше на прашањата на тој Аристотелов Лицеум и Гимназиум. Беше после полноќ. 20 минути спотера во утрината. "Не плачам за туѓи гробишта !"-рече Симе Пандовски. Ташко Белчев неодамна го вратија од границата. Почина неговата стара мајка во егејско. Не можеше да појде на погреб. Не го пуштија. Ех, демократијо мустро ни една. Можеби не требаше да пишува книги за Македонците. Не знам, навистина не знам. Но не му даваат на своите. Да солзи. Гробја. Некој рече дека запнале да не докрајчат. Дека Македонија е света работа, дека е пред Библиска земја. Нема да успеете македономрзци!?

"Да се продолжи оваа работа!"-рече Вангел со својата надеж. Дионисиевите чествувања ја почнаа прославата на сто години "Скрб и утеха". Можеби не ни требаат тие стоте. Годините. Можеби не ни се потребни преводот на "Сонот за страста" на Ли Страсберг, или пак драмите играни од возобновениот Војданов театар, можеби е штетен скрбизмот за "македонската" култура, трибините, книгите, написите по весниците, сите ние кои се обидовме на

својата македонска земја да и даруваме од ВИДЕЛОТО. Се најдовме на едно широко поле, ние облагородени од древни  македонски вистини и грабиме напред. Ветрот шиба. Не мрзне дождот. Удираат по нас со збор, мраза, гнаса, завист и словенштини, чекориме спроти  сонце...

"Ако театарот умре не значи дека е лош министерот!  Ако пациентот умрел не значи дека "хирургот " е лош. Но кому му е нужна операцијата? Животот умира и се раѓа. И театарот исто. Нејсе. Театрите се луѓето, а не зградите..."( Страсберг. )

И Македонија исто.Умирение и родение. На Проф. Др. Ташко Белчев не му дозволија да појде на погребот на својата стара мајка во Егејско. Не, не плачеме на туѓите гробови. Не ни дозволуваат на своите. Не знам, се обидувам да се додржам во умното. Навистина не знам. Остатокот е кока кола.  Да, најголемо  богатство е народот? Но чиј народ, каков народ, чуму пак народ?  Зошто народ? Сега се цени граѓанизмот. Од Аристотел до националната програма.

# УМРИ КОМУНИЗМУ, ДА ЖИВЕЕ МАКЕДОНИЈА

Немаше вистинско бакнување. Само стремеж кон забранетото духовно. Осум дена истураше дождот. Врнеше. Киснeвме. Се зацапувавме во калта. Скипнавме низ мократа земја. Го молевме Бога да ни го отвори сводот и да блесне светлото сонце. Ние дванаесетмината кои бевме дојдени да го бакнеме сонцето. Да го снимиме филмот со тоа име: БАКНИ ГО СОНЦЕТО. Нашите домаќини Македонците од Преспа под Албанија. Селото Леска послано над езерото. Нивните думи дека "штом врне кога работиш ќе биде голем бериќет. "Ќе биде. Потонати во облаците натопени со дождот, во заборавените езерски манастири ги баравме Самоиловите собеседници. Ги пеевме нивните архаични песни. Опеани, ненадпеани, пропеани од некаква древна македонска клетва која не чекаше крај езерото. Додека низ ридските полјани го јавав Букле древниот царски ат и заедно ја пеевме нашата песна со срце во гласовите. Врнеше и го молевме Бога за грст сонце. "Господи прости ни и дај ни малку сончеви лачи за да го сетиме бакнувањето..."

Прв заплака Александар. На островот град пред Самоиловото црквиче го снимаше монологот.

"Самоиле! Цару, каде си Македонецу мој?"

Александар Шехтански го натисна болката. Чекори низ тоа свето место како авет и вјаса по царот. Беше тоа токму дента кога починал Самоил. Дента кога беше зачнат Јован Крстителот. Дента кога блесна првиот сончев зрак преку нашите стемнети

лица. Го закачив крстот на олтарот. Излегов надвор пред црквата и ме пречека сончевиот бакнеж.

Злобниците велеја дека со толку малку пари не може да се сними филм. Камерманот се откажа. Излезе од комбето и не киниса. Владо Денчов и екипата два дена чекаа во телевизиското бифе да најдат сниматeл. Им велеја" да се откажат, да не дојдат, да си останат дома, да не..."

Третиот ден се појавија на границата. Потоа отидовме во Света Богородица пештерска црква после Туминец. Потоа падна првата клапа. Потоа Апостолот Павле ја крштеваше Македонката Лидија. Актерот Страшко Милошевски влегол во езерото и ја плиска Кристина Атанасова со капките вода. Точно 600 Божји години пред да се појават калливите словенчиња Апостолот Павле го сонуваше Македонецот. Го сонуваше. Во црквата крај Туминец има фреска во која е насликан Александар македонски како светец со фараонската шапка на главата. Потоа падна ситен дождец. Не ороси со Божјо вдахновение." Господи до кога ќе не искушуваш вака?"

Четворица возат со чунот. Истура вистинско кисло. Се споиле небото и езерото. Стојат на сред езеро и пејат. Ечи. Секогаш штом влезевме во некое од езерските цркви почнуваше да врне. Плаче ли македонското небо? Самоиле ти ли ни се јавуваш цару? Ти ли ни праќаш прочистение? Едмунд Сотир скокна од една карпа во водата. Се обидуваше да полета. Летај пиле македонско, летај?! Потоа царот излезе од под вода. Се разбуди од илјада годишен сон. Потоа му пееше на коњот. Потоа го јаваше Букле низ полето.

Дождот свиреше низ ноќтта. Околу 23 часот снемуваше струја. Почнуваа пеаните на Силјан Сотир низ преспанските ноќи натопени од кислото и од црвеното древно македонско вино. Потоа прифаќаше хорот на МТВ и Скрб и утеха во македонски екот.

Енвер Оџа прво ги убиваше своите соработници, а потоа ги прогласуваше за народни херои. Беше тоа дел од комунизмот.

Екипата на "Бакни го сонцето" мина низ седумте порти на Теба за да дојде да биде и да снима во Преспа кај Македонците во Албанија. Злобниците врескаа "да се откажеме да не појдеме да не...за некакви ситни дневници плус минус едните против другите". Овој филм е сниман со огромна љубов за македонската култура. Едните против другите. Македонците...

Ќе остане забележано од мајката историја дека филмот го помогнаа фондацијата "Благовестие" и Министерството за култура.Злобниците врекнаа да не отидеме таму на тоа свето и древно место.Сеуште сме живи и не не прогласиле за херои. Комунизмот е мртов да живее Македонија.

Вторпат блесна соцето кога заминувавме од Леска. Го огреа островот град го облеа со Божја убавина. Букле беше во галоп низ полињата. Песната на Силјан Сотир патуваше низ нашите срца. Го снимивме јуришот на фалангата. Го бакнувавме сонцето. Умри комунизму, да живее Македонија.
"Бог е оној кој се жртвува за спас на својот народ!" извадок од претставата која три години театарот "Скрб и утеха" не успева да ја постави на мајката сцена. Заради тој комунизмот. Но над се да ни живее Македонија. И бакни го сонцето убавице моја...

# ТРИТЕ БАНДЕРИ
# НА КУМАНОВСКАТА БАРА

...Ја допре светоста. Го донесе својот Дион на мајката сцена. Разглаголи. Древно. Нашки. Македонски. Велик како планината. Олимпски. Го раскина зборот. Го распна на празнината. Болката траеше.

Режисерот рече дека тоа е актер кој најубаво молчи на сцената. Драмскиот автор рече нешто кое одѕвони.

"Само Македонија да не ја спомнеме!?"

Победи на тој конкурсот за драма. И сега бидна првата ноќ.

"Има многу гугутки! Никогаш немало толку многу гугутки!"-рече сценскиот воин. Присуство кое ја коренува вашата болка за земјата ни. Беше тоа сценска хекатомба на мајсторот актер, на неговото величество . Посвета, Завет. Клета коб која ве гони да се втурнете во актеровата литургија. Беше Дион светиот македонски град каде  беше родението на европскиот театар. Го донесе Македонецот. Александар Џуровски на театарската меѓа. Меѓник, граник на душата.

Штом ќе заврши претставата театарската критика си го капе црвчето во кумановската бара. Нели историјата ги понижува пишувачите. Оние кои шкрабаат. Оние кои пишуваат со своите моливи наместо со умот. Служба на глупоста.

"Само Македонија да не ја спомеме и ќе победиме!"- рече. Жири комисија за текст беше уште еден древен македонски сценски воин. Петре

Темелковски. Неговата вистина ќе ја раскажам потаму. Владимир Светиев танцува во деноносиски ритам пресоздавајќи го своето сценско оро во чувствена метафора. Нема потреба од зборување. Нели се работеше за немуштиот јазик.

"Ископај два гроба на мајката сцена!"- продолжува Александар. Некаков Ѕунин. Ѕунеше. Ламјосува кутриот Ицо го здоболува зборот. "Колку пати зборот Македонија се спомнува во текстот?"- опита кутрата душа. Ми одговорија дека Балканот е Македонија. Додека критиката си го плакнеше црвчето во кумановската бара. Двајца македонски велики актери Александар Џуровски и Владимир Светиев возродија хекатомба. Жртвеник на мајката сцена. Имаше прва вечер на сцената немуштиот јазик. Премиерата. Хекатомба, ѕирни, заѕуни во речниците и ќа го препознаеш зборот. Речник на македонскиот јазик третата книга страница 490 со српско-хрватски толкувања. Зборот ХЕКАТОМБА-кај старите Грци голема жртва од сто вола или бика. Си го бањаа црвчето во кумановската. Додека старите кумановци беа отишле кај старите атинци (зборот Грци е од 1830 па наваму)и им дарувале три бандери за возврат на тумбата. Куде тумбе три бандере. И така зборот ТУМБА- се воведе во македонскиот јазик. Археолошкиот термин е МАКЕДОНСКИТЕ ТУМБИ, и на латинизираниот англиски јазик зборот е ист tomb. Го разменија зборот за три бандери тие старите кумановци.

Дента имаше изложба на македонските копаничари во домот на АРМ. Еден друг Александар од Охрид ги изложи своите резби. Филип Второто, Александар Македонецот . Чиниш живеат во дрвото

и ќе продумаат. Режисерот рече нешто за молчењето. Победникот на конкурсот за македонската победа. Потребно е само да се шутне зборот. Да се исклоца. Македонија потреба за потврдување на великоста. Потреба на народите на македонскиот полуостров да се биде голем и славен. Македонска работа. Зборот тумба е македонски освен ако не тврдиме дека старите кумановци го замениле за трите. За бандерите. Некои пишувачи си ги бањаат црвчињата во барата. Посебно кога се работи за заборавениот збор. за оние кои можат да победат. Македонија збор кој треба да се исфрли за да се победи. Тоа го рече "победникот". Петре Темелковски знае друга приказна. Во театарот Центар двамина великии актери и Македонци Александар Џуровски и Владимир Светиев ја донесоа својата хекатомба. На театарот му ја потврдија светоста. Болка и метафора. Литургија на славниот македонски театар. Тогаш го доживеав Дион на мајката сцена. Дион  светиот македонски град каде што се има родено европскиот театар. Требало да се исфрли зборот за да се победи?! Мислам дека се работи за поразение. За состојба на соц-реализмот. Пораснаа двамина свети луѓе македонски актери во хекатомбата на театарот Центар. Го донесоа Дион на сцената. Горд сум што можам да се огледам во таа света литургија. И не го исфрлам тоа древно и свето именување. И навистина има многу гугутки, одамна немало толку многу гугутки. Присуство кое ја бранува вашата љубов кон земјана ни. Историјата повторно ќе ги победи и ќе ги понизи препишувачите Македонци мои...

# КАДЕ СИ ЗЕМЈО МОЈА?

- "Каде си Македонијо? "-некој молеше, редеше на глас. Александар го допре по главата, го погали, го поткрена влечејќи го за косата и го исправи. Македонецот се крена. Се погледнаа в очи. Цар и Македонец. Голтна плунка ја потисна солзата. "Ех, каде си Македонијо?" Половина паднавме од жегата , од жедтта...така простум го прегрнувавме топлиот песок, небаре нашата заборавена мајка, Македонија, заспивавме  на светата земја ,нашата татковина.

Еден пешадер се довлечка до царот. Во наушијата ја подаваше последната голтка од водата. - "Вода Александре, само за тебе?! "Му ја подаде. Сакаше да дарува на царот.  Шепнеше. Лицето му се згрчи. Болката тлееше. Ја подаде раката. Ја позема македонската шапка. Македонците помислија дека Александар ќе се напие. Царот стоеше горд и велик како и секогаш кога требаше да се истрпи искушението. Се сети на Аристотел. Учителот. "Царскиот пример е огледало на народот. Водачот мора да постапува како и народот". Ги истури последните капки со вода. Песокот ја голтна течноста. "Пиј чужда земјо!" - помисли Александар. Војниците зграгорени го гледаа. "Кога Македонците се жедни ниту царот нема да пие од водата?! "- им рече. Добија сила да се кренат од премаленоста. Бродеа по пустината. "Каде си Македонијо?"  Пишуваа по вечноста со својата верба, дух и крвта.

Деновиве се отвори уште една високо образовна институција во нашата татковина.

Универзитетот во Танушевци. Тоа е доказ за демократијата во нашата земја да послужи како пример и за останатите универзитетски простори. Дур до Солуна. Паднаа и три жртви. Се стори курбан за општоуниверзитетската атмосвера. Професорите, ректорите, спремните студенти, асистенти, обучени апсолвенти, снајперисти, геги и качаци, трговци со жени, оружје и droги, застрелувачи на милиционери, отсеци на илиризмите и пизмите, НАТО кој го спасува светот од Слободан М. и Албанците, Косово дур до Солуна, дур до до Атина,  ураниум на грамче, словенковци, молители на кредити, Индијци кои ве онадуваат за парички, увоз на косовари пред избори,набљудувачи кои прават собраќајни несреќи, народ кој ви се сели, насели, пресели за навек, поранешни штрајкувачи кои пивкаат во паркчињата, настрвени Македонци едните против другите, срамни имиња и знамиња, грчки капитали, блгарски родољубковци, тројките на ТМРО, партиски книшки за решавање на приватните желби,  и други евроатлански и евроунијатски придобивки на демократоидноста. Чекачи на визи пред грчките конзулати и други македономрзци. -Каде си Македонијо?- некој редеше лелекаше на глас. Македонскиот цар одби да пие вода во пустината бидејќи немаше за фалангата. Македонските политичари можат да научат нешто од царскиот-македонски пример. Ништо не е посвето од татковината. Ништо. Ниту партијата ниту самите тие. Оваа света земја натопена со гибелта и крвта не заслужува да биде трговска зделка на некаква лажна глобална поделба на светот. Валканиот грд лажен свет кој ни ја довлечка својата смртоносна болка

распаѓањето на семејството. Одродување. Бесчувствителност. Трговија на се и сешто. Пазар на светото и клетото. Погрешно толкуван македонизам и смрдлива историја.

"Каде си Македонијо? "Царот ја истури водата во пустината. Македонците продолжија да чекорат по царот. Некој од нив засекогаш ги оставија коските во пустината. Беа тргнати да го обединуваат и ослободуваат светот. Ги водеше Александар Македонецот. Нашиот цар.

И навистина ако нему не му успеа со сета светост, благословеност и посвета, зарем тоа ќе им појде од рака на овие мутанти и сејачи на ураниумско зло и помор. Викнете им се во лицата и ќе засмрди злото. Чума. Гроза. Јавачи на проклетилото. "Каде си Македонијо?!" Погледенете подоблесно и под маските на учтивоста ќе ја препознаете нивната бедотија.

"Македонците повторно ќе владејат со светот!" така наскрбил Настрадaниот јасновидец. Но јас не сум Хермес за да ви го соопштам тоа. Ниту Архангелот Гаврил. Ќе дојде и тоа сонце Македонци мои.

Царот би го срамнил тоа селце од лицето на земјава за да се научи погрешно прочитаната историја. Танушевци. Уште еден универзитетски центар. Сите доктори и магистри на куп. Под реата на ураниумот. Само нема кој да ја истури водата во пустината. Не, Данска не е повеќе затвор. Таа е една ништожна пустелија. Тампон простор. Ураниумска зона. "Каде си земјо моја? "

# ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКОТО СОЗНАНИЕ

Македонецот рече дека црквата е во самиот. Господ Бог е во самиот. Во самиот човек. Потоа станавме простум и се лееја пеаните. Македонската химна. Кметот не издржа. Ме опита што е тоа. Му ја кажав вистината. Тој стана и киниса прудолу. Македонските пеани долго до мугрите ја бакнуваа планината. Нејзините мајчински боски и скутници. Росата на поповите ливади. Солзите на повредените. На посветените. На благословените. На народот Аристотелов и Хомеровото стадо Божјо. Папас чаир. Местото каде убија еден цар. Македонецот. Пиринската гордост. Здивот на Војводата ни ја жари душата. Четите на Јане. Бестелесната војска македонска. Песните стануваат солзи. Солзите мугри. Мугрите го несат денот и јасното слнце. Деноносии.

Денувавме во Хаџидимово. Шест километри подолу накај белото море има уште едно парче од земјата. Егејската. И тебе те застрелаа брате Димо во македонската гибел. Те стрелнаа. Многу солзи и крв оваа земја чува. Црвените графити на белите камени стени крај друмот пред Благоевград. ВМРО. Еднаш, двапати...црвени како крвта македонска. Три пати...

Чествувањето пред гробот на царот мина со леко. Првиот ден беше Јордан К. со Љубиша. Вториот ден ОМО ИЛИНДЕН ПИРИН. Секој со своите. Нашите. Македонците. Еден Македонец ни рече дека 70 од 100 биле Македонци за време на руско-турските војни. Така е создадена Блгарија. Нашата помлада

сестричка. Нели сме еден народ, нели сме? Ако е така зошто не им се дозволува на Македонците да имаат графа Македонец за пописот? "Кој се бои од пописот?"- ми рече чичко Иван. "Кој? Единиот народ ли, единиот? "

Омо Илинден Пирин беше регистрирано од Софискиот суд цели 48 часа. Велеа дека се работи за грст народец. Кога ги видоа 240 делегати на конгресот се исплашија. Судот ја укина регистрацијата после два дена. За малку ќе беше светото македонско тројство. Со третиот. Ден. Потоа се судиме во Стразбург. Со единиот народец.

Денот трети заминувавме накај републиката. Театарот Скрб и утеха одигра четири претстави во Мосомиште, Лески, Хаџи-димово и Копривјани кај Македонците во Бугарија.  Не покани читалиштето "Никола Јонков Вапцаров" од село Мосомиште недалеку од Гоце Делчев. На митницата не пуштија како да сме дома. Ни посакаа убава претстава. Така треба да се постапува и во однос на пописот и македонските граѓански права. Така најдобро ќе се обедини единиот народ. По Божјата волја.

Една македонска вечер после претставите кога се лееја македонските песни му реков на кметот дека "Србите, Бугарите и Македонците се еден народ". Потоа ја запеавме химната. Ме опита која е песната, му одговорив , се исправи простум и замина. Пред тоа го кажа истото. "На Балканот живее еден народ, но кој народ?"- не праша сите. "Кој народ?" Му одговорија Македонски. Еднаш. Двапати. Повторно песните беа во деноносии. Три пати. Замина кметот. Не е лесно да македонствуваш.

Во маѓерницата на Рилскиот манастир Свети

Јован се фрескоживописани тројцата фолозофи како единоБожци. Сократ, Платон и Аристотел. Ѕеус врховниот Бог со 12 Олимпски Богови, Александар со 12 генерали, Исус со дванаесетте апостоли. Некој рече дека и старите Македонци биле ЕДНОБОЖЦИ.

Во кафулето кај Милко зад црквата Свети Никола паднаа солзите и прегратките за разделбата. Пред тоа го гледавме чествувањето на ОМО ИЛИНДЕН ПИРИН пред гробот на Јане . И филмот Бакни го сонцето. Останува дел од нас за секогаш кај Македонците во пиринско. Од пред 15 дена бугарските државјани можат да патуваат без визи по европата. И во егејско. Никој не им бараше да прават мултикултурна и мултиетничка заедница ним. Добро размислете зошто.

Нам ни е потребен ЦАР да се кренеме со духот. Ете Александар кога тргнуваше на Персија, која деновиве е дојдена во Македонија, го раздели сиот свој имот и остана само со својата верба и надеж. Откажување од матријалното, стоицизам, духовно величие и сопствен пример. Не може царот да биде богат , а народот сиромав. Не може барем кај Македонците. Таму се таеше македонската сила.

Граникот повторно го минавме со леко. Дома не чекаа рововите на Липково, платените воини на албанските персијанци. Остатокот е заколнението на Нострадамуса, Македонци мои.

Ќе дојде денот на конечното македонско сознание, Македонци мои...Нели црквата, храмот е во самиот човек. Во самиот предводник и цар.

# СРЕДБА СО ТЕАТАРСКИОТ АПОСТОЛ

Беше присутен кога кресна првата дума во селската сала. Светиот театарски здив мина низ актерите. Беше дојден на срешта. Еј, сцено македонска каде далдисаа 100-те години. Се отвори претставата со многу солзи и крв. Дамарите на актерите, солзите и воздишките на гледачите, како преповторување на македонскиот сценски почеток после древноста. Војдан стоеше на крајот на сцената како светиот театарски дух и солзеше. Скрб и утеха прв пат, втор пат, на пазувите на Пирин, во селото Мосомиште беше дојден возобновениот театар "Скрб и утеха" на чествување. Минаа стоте сценски македонски години. 13 мај 1901 кога се создаде првиот и 13 мај 2001 кога теглеше 13 години возобновениот -Скрб и утеха-. Гледачите дојдоа да ги прегрнат актерите. да се гушат со нив. Војдан се сети, надојде чувственото паметење кај театарскиот Апостол, му се насолзија очите. Додека плаче Војдан Поп Георгиев Чернодрински трае ракоплескањето...

Потоа актерите несвлечени со реквизитите в рака влегоа во автобусот да друмуваат до другото село. Ноќ над Пирин автобусот и театарскиот дух над него како бело видение. Овојпат на сцената во Лљаски се отвори празненството. Луѓето беа дојдени да доживеат Аристотелово сценисување. Децата кои се сликаат со Војводата и царот. Театарот кој ја минува границата на сцената и животот. Сцената кога се претвора во храм. Театарот во светилиште. Актерите во свети луѓе. Гледачите доживуваат ослободување и прочистување како во старо -македонски орфејски

ритуал. Театарот е мегарон, црква -светлина деноносителски култ кон вистина и виделина. Војдан се насмевна. Блесок во очите. Си спомна за неговите драмувања низ етничка Македонија. Како беше родението на "Скрб и утеха". Низ каква скрб минуваше театарствувајќи. Кога заврши претстававa во Љаски се обидов да минам низ македонскиот народ , сакав да го стигнам и да го опитам. "Војдане, Војдане?!"- гласот се изгуби низ машаницата. Исчезна низ вратата во пиринската ноќ. "Чекај брате мили не оди..."

Утревечер се повтори истото. Само местата беа со други имиња. Хаџи-Димово каде што работи аматерски театар. Не дочекаа со леб и сол во народните носии. Дено-носии. Добредојде за сценските луѓе. Кога носиш добро, кога даруваш добро, тогај и денот е добро донесен ден-носи, Деноносии. Се отвора сценската сила на актерите од жедтта на гледачите. Македонски театар нема стапнато 30-етина години. Зошто Војдане Чернодрински, зошто? Прашањето тргна од мајката сцена. Нели е неукост македонските театари да пекаат да гостуваат по светот , а да не одат кај својот, кај македонскиот народ!? Ете таму во Пиринско, или во Преспанско или во Егејското?! Нели, Војдане Чернодрински? Нели македонецу мој!

Додека драмувавме во Хаџи-димово чинам дека беше дојде доволно блиску за да го допрам. Се ѕираше во нашите сценски души небаре сакаше да ни ја измери силата. Сеуште гори театарската жар во зениците.

"Пукни за таа твоја Македонија!"- крикнува самовилата, Апостолот се врти , се раскрилува и рика

да го чуе целата земјина топка, царот ги отвора очите и му ја подава раката , а тој се вџаши, се прекрсти и клекна пред самиот сценски раб од левата страна. Потоа се спружи и ја бакна сцената. Остана неговата сенка спружена како сценски печат за актерската театарска фаланга. Ракоплескање. Актерите стојат простум. Чернодрински гордее. Сцено моја, љубов моја недоиграна.

Повторно тајфата на вториот Скрб и утеха со несвлечени одежди друмуваат накај Копривљани. Светиот театарски дух ги следи како сценска сенка во невратка. Спомен дека актерската игра понатаму живее во срцата и душите на македонците во Пиринско.

"Зајдисонцето" беше четирипати.

-"Љубовта кон својот народ не ли е омраза кон другиот?" Четирипати се опитуваше Гоце Делчев. Потоа Јана го откриваше Александра под хламидата. Црвена како сценското срце на Војдан Поп Георгиев Чернодрински. Овојпат му го сетив здивот. Мирисаше на ветва реплика од заборавената македонска театарска книга. Ме допре по главата како ненедеен ветер. Морници. Дамари на македонската верба и клетва и царскиот монолог на мајката сцена. Мина еден македонски век. Разбуди се сцено моја! Скрб и утеха , првпат вторпат, засекогаш. Допри ја светоста. Театарот во Македонија од секогаш беше храм и свето место. Питагорејство и орфејство. Пеани во македонските ора како култни песни кон Аполона. Баптите на Котито Божицата на плодноста. Бапчорките од егејско. Зурли, тапани, дудуци и кавали од Драма до кавалите на Кавала. Од Еврипидовите "Баханалии" напишани во Пела кај македонскиот цар

Архелај. Од Македонците во пиринско кои повторно ги посети еден скрбен древен македонски театарски ритуал со претставата "Зајдисонце".

Ми пријде светиот театарски дух Чернодрински.

"Нели е недоветно да пекаш да играш по белосветските театарски сцени, а да не појдеш кај своите во Пирин, Егеј и Преспа?" Беше тоа прекор кон македонскиот театар. Му лекна на душата. Узна за возобновениот "**Скрб и утеха"**. Гордееше.

Дома во републикава се сретнав со Илија Милчин. Рече дека ке пројде време и за делата на Скрб и утеха ке пишуваат и ке ги вреднуваат низ факторот време генерациите кои ке дојдат по нас.

Пирин беше велик и снежен. На Македонците во пиринско ги грееше театарската душа на театарскиот Апостол Чернодрински. 100 години светост и светлина. Се спружил преку својата земја како сценски Бог со рацете раширени од преспанско до пиринско и со нозете во белото море. По неговите театарски плеќи друмува и драмува возобновениот "**Скрб и утеха"**.

## ВРЕМЕ ЗА МАКЕДОНСКАТА ГОРДОСТ

Портпаролот го сведе прашањето? Зошто сите не нарекуваат Словени? Го плесна пред јавноста. Едно од нештата кои со години го рутеа македонството. Словени?! Небаре сме некој рчпали недоделкани па ни треба второ именување. Потоа добив абер од комитетот. Стигна од Канада. Некаков претседател на некаква поранешна југословенска република изјавил:

"Ние сме си Словени, но сме се нарекле Македонци за да се разликуваме од Србите и Бугарите?!"

Ех, глупчо? Вториот од малкумината кои не владеат ветувал дека ќе го врати сонцето од Кутлеш, небаре тој е лично Врховниот Првобог и ќе му рече во духот на Рацина: "Слнце стој! Сонце да запре!..."

"Многу пишуваш затоа нема да добиеш премиера!"- ми рече. "И ќе видиш кога ќе станеш професор?!" Се сретнавме на аглето од италјанската амбасада и куќата на шефот на македонскиот Сорос. Што би се рекло во режија на Господа. Но тоа е приказна за една книга (Еринии по асистентот) која ќе морам во залог на македонските цензури да ја срочам и да им ја дарувам на Македонците. Таа едно време беше со скрбтта. Некои суштества се откажуваат. Бргу-бргу за да налепат од доларите на својата испразнете душа. Ех Македонијо убавице.

"Зошто сите не нарекуваат Словени?" се чуди порпаролот.

Морам да им честитам за воскреснувањето на фалангата. Македонската војска доколку има царски

водач е непобедлива. Неа можат да ја уништат но не и да ја поразат. Види Македонската книга на мртвите Ватикан тајна одаја 34. Под шифра ...

Во земјата на Шекспир еден новинар напиша дека македонската фаланга повторно тргна во атака. Започна петтата балканска, МАКЕДОНСКА, војна. Секогаш кога ќе напише некој друг му верувавте, ако напишеше некој од нас, новите преродбеници ќе се потсмевавте. Ех, Македонци мои, образовниот систем ве има стокмено словенковци, ропски верници на американштината и мртвата европска култура. Глупци и партиски книшки кои си ги токмат своите џебови. Проклетници. Предавници. Македономрзци.Фондации и медиокритети. Граѓански здруженија за западноевропски пари дресери на граѓанизмите и пизмите. Дегенерици пост Банарџи. Продавачи на светото и клетото. На своите ситни души. Здружени во сатански хор дека Македонија е мултиетничка , дека мораме да го смениме уставот, знамето, името, да ја продадеме и последната педа од нашата земја за демократија, да ја дадеме својата душа и ум под кирија на било кого само да не ни припаѓа нам, на македонскиот народ.

Ех, Македонци мои, ако некој ве убедува дека не треба да бидете човек, туку половина од тоа, дали треба да се сложиме како накаква неодредена маса на постоење, како ние да немаме корен, име, род, историја, културен идентитет, религија, гибел и светост.

Треба ли да слеземе во нужникот и некој, или оној кој самиот за себе умислил дека е одбран, да ни го фрла демократскиот измет врз глава? Можно ли е да постојат три Албании, а само половина Македонија.

Зошто нашите Македонци кај соседите немаат право на своите демократски права? Треба ли сé да распродадеме образование и култура за да не можеме да бидеме народ? Каде те водат земјо моја македонска?

Македонците ако тргнат со фалангата, не можат да бидат победени. не можат. Дури и да не уништат, македонскиот дух ќе се пресоздаде во повратна клетва и ќе ја парчоса планетава. Македонија ќе ја парчоса планетава земја. Од Алшар до република Тексас. Види таен документ Ватикански соба 34. Шифра Нострадамус необјавениот. Градители на цркви и уништувачи на театри. Поранешни спонзори сегашни цензори. Граѓански опции "Цивил" обновувачи на затвори со странски пари. Проценти натопени со партиски печати. И народ кој само на повик ќе се групира во непобедивата фаланга. Лага, клетви, уранимско зло, расплоден фашизам, распродавачи на светото и клетото, историски инвалиди според Иванчо М., словенковци проклети робови на американштини и мртви европски културоиди и земја света и древна Македонија. Нострадамус - Персија ќе дојде во Мајчината.

"Проклети да сте МАКЕДОНОМРЗЦИ. На оружје за спас на татковината. Кој пусат има нека понесе кој самиот себе си да се донесе?!" - види Нострадамус необјавен Ватикан 35. Напред Македонијо! Нека воскресне мртвата македонска војска за последната битка пред пропаста на светот. Не, никој повеќе не може ништо да стори. Се ќе биде како што било запишано. Напред Македонци мои.

И не плашете се. Македонија повторно нека биде велика. Длабоко внатре во македонската широка

душа на нашите воини. Било со Силен или со умноста. Одиме кон сонцето Македонци мои. Напред Македонијо, граби кон виделото твое кутлешево. Сега и овде во Македонија за навек. Амин Господи Боже отвори ни го патот како на Мојсеј тогаш и таму, преку оваа вода...за Македонците..."Македонците повторно ќе го владеат светот!" Така е запишано пред Нострадамуса Богогласникот. Зарем некакви мутанти мислат дека можат да го променат запишаното? Папокот на светот. Пупка. Родение. И енергијата на Алшар. "Зошто не викаат словени?" Тоа е само синоним за Македонците. Македонци мои.

### ПОРАКА ПО ПОВОД
### ДЕНОТ НА ТЕАТАРОТ - 27 МАРТ 2002

- од уметничкиот директор на
театарот "Скрб и утеха" - Скопје, Македонија-

# НЕ МОЖАМ ДА ПРАЗНУВАМ СО ВАС!

Денеска би требало да славиме, да славословосуваме, да живееме со светоста. Театарот од Дион - светиот град на Македонците, до денеска минал патека од свето и древно место до современ градски театар кој во себе ја едначи забавата и просечноста. Театарот во антиката беше свето и древно место. Од него се развија две категории на духовноста : црквата и современиот градски и европски театар. Првата институција во себе сеуште ја бара светоста, втората само понекогаш доаѓа до неа. Вие можеби ќе се изненадите кога ќе прочитате дека театарот и црквата имаат еден единствен корен, а тоа е пораката која нашите претходници му ја упатувале на Бог и на светот околу себе си. Порака , духовен запис, молепствие и светлина.

Денеска кога во мојата земја, Македонија, се води религиска војна, црковна војна, таа театарот го допира во с´ржта. Мојата земја на која демократските братски народи ја условуваат да го менува името, да го менува знамето, да го менува уставот, да менува, променува, се некому нешто да му дава, да му отстапува...

Мојата земја која ја крстосуваат чужди војски,

ја надлетуваат туѓи авиони, пукаат во неа некакви борци за демократија и друга кратија. Мојата земја која ја условуваат светските банки, меѓународните институции и душегрижници или душевадници, грижејќи се небаре за светскиот мир , за нивните зделки со кои го влечкаат светот според проклетите им пари. Пари натопени со крвта на гибелта и зломразието.

Мојата земја во која на театарот кому му припаѓам јас, театарот "Скрб и утеха", не му дозволуваат рамноправно да учествува во театарските збиднувања веќе 4 Божји години, му го укинуваат единственото работно место, не му ја емитуваат снимената претстава на државната телевизија три години и други демократски придибивки. Мојата земја која ја убиваат на рати, мојот театар кого го убиваат на рати, сценската слобода и светоста која ја едначат со ропска потчинетост кон власта.

Денеска е денот на светскиот театар и би требало да славиме. Да празнуваме. Во светот во кој се водат војни, во кој политиката ја владее науката , мирот и слободата како света и древна придобивка.

Денеска е ден на светоста и древноста. Театарски ден. Но јас не можам да славам се додека на мојата земја и ги менувате имињата, знамињата, додека во неа некоја странска сила која го владее светот и натура религиска војна под сенката на етнички права и универзитети, додека ја крстосуваат непознати војски, додека заради политиката, на театарот во кој сценословувам и јас му се врши цензура, 4 години не ни се даваат средства за премиера, три години не ни ја емитуваат снимената претстава "Зајдисонце" на државната телевизија, не ни дозволу-

ваат да учествуваме на локалните фестивали, ни го укинуваат единственото работно место заради "демократските" придобивки. Затоа не можам да ви се приклучам во театарскиот ден.

Заради слободата , светоста и древноста на мојата земја Македонија која што е колевка на европскиот театар. Поделена, разделена, надделена. Заради светоста и светлината од Дион - светиот град на македонскиот цар Архелај до современиот европски и светски театар.

Не, не можам да го празнувам театарскиот ден, заради СЛОБОДАТА како категорија на светоста и древноста. Не можам. Таму некаде по светот сеуште се водат војни, луѓето се сиромашни и гладни, умираат за слобода. Се разбира и во мојата земја - Македонија. А вие постапете според совеста и доблеста. Но не заборавајте ја светоста на Дион - македонскиот култен град во кој се родени Дионисовите чествувања и европскиот театар. И мојата демократизирана земја Македонија.

Со почит,
Тихомир Стојановски
Театар "Скрб и утеха"
Скопје
Македонија    27 цутар 2001.

# СПОМЕНОТ НА ЉУБОВТА

Царот клекна. Заграби грст земја ја приближи до носниците. Мирисаше на темјан и зовриено вино. Се издиша. Жрецот му го фати погледот. Како ја обљубува со очите. Како ја милува со погледот. Како пие румено вино од медните усни на завештаната мома на Диониса. Беа Дионисовите слави и прослави. Беше големот Денонос кога се бере грозјето кога се пие проколокотеното вино, кога се пеаат пеаните, се играат завештаните ора од свештенослужителките на македонскот БОГ. Филип Втори македонскиот цар беше дојден на мистериите. Веселби какви што им доликуваат на Македонците. Зурли, тапани, навли и кавали. Пиштеше. Пеанот го ведеат женте. Со распуштени коси накитени со лозови лисја играат стамени ора и пееја песни за благост и плодородие. Босите нозе меко редеа по мајката земја. Ситно полно со страст и убост древно-македонско оро. Белите колена , румените лица на Македонките, стапалата кои меко потскокнуваат по земјата. Најличната од нив, предводникот на Дионисијата со сјај во длабоките очи го пронижа македонскиот цар. Се викаше Олимпијада. Олимпија. Мина како артемидина срна до него, толку блиску што и го помириса здивот, и ја сети снагата, му затрепери душата. Нешто го пронижа. Го бодна во срцето. Филип затрепери. Морници по силното тело. Таа се тресе во ритамот на тапанот и лета го несе орото чиниш лебди меѓу тоа небо и таа македонска земја. Филип се свитка кон мајката земја. Грст стави во дланката и ја помириса. Посака да ја прегрне сета. Парменион го поткрена.

Помисли дека му се стурило од виното. Потоа созреа, му светна. Жрецот го погледна прекорно македонскиот цар. Олимпијата се заврте ја сети сласта на царскиот поглед мина преку неговото срце. Затрепери.

Потоа свештенослужителот го праша Диониса дали му е дадено на Филип Втори царот на Македонците да ја побара, да ја земе, да ја стори царска македонска невеста завештаната Олимпијада. Дионис ја погледна мајка му Семела. Таа се насмевна како што се смее жена која се разбира во љубовта. И му даде знак на жрецот, еден грозд од високата лозница се откина и тресна на земја. За чудо не се одрони ниту едно зрно, остана како што беше на дрвото. Јадар, сочен, пурпурен. Гроздот. Божјиот знак на Диониса.

Ја крена на македонскиот доријан, на коњчето долго јаваа по жолтозлатното поле накај царската престолнина Пела. Беше жежок летен ден. Штурците пееја. Мирисаше на прав, земја и жито. Го беше опфатила околу половината. Го допираше со градите по грбот. Беа споени како едно во тркот на коњчето. Потоа касот успори, Филип се заврте со лицето кон Олимпијата и ја бакна. Коњот прдолжи да се движи накај Пела по житницата. Потоа застана сети дека се случува нешто на неговиот силен грб. Дреите паѓаа по житното поле. И ја погали косата. Таа го допре по образот. Се сцрви. Порумене. Дишеа како едно потоа полека им се допреа усните, меко, благо како кога се сетува нешто убаво  долгочекано, со страст. Усните пиеја од сласта, жегата и топлото , испотено тело на коњчето. Се испреплетоа три тела. Првпат ја позема на коњчето. Ветрот го лулееше житото низ полето

пред Пела. Коњчето застана под едно високо дабово дрво. Се свлечкаа долу не испаѓајќи си од прегратката. Филип ја посла својата царска хламида. (наметка) Мирисаше на полски цевеќиња и мајчина душица. Не сетија дека патувале во сонот така во таа блажена прегратка. Поле со жито. Расен коњ. Даб кој вишнее. И љубовната сладост. Дионис и Семела знаеја дека ќе биде родение на Александра. Тивко ги милуваше доаѓањето на вечерта.

Свадбата беше по стар македонски адет. Со мечот се расекуваше погачата. Младоженците седнати еден наспроти друг каснуваа секој од својата половина на лепчето. Потоа ја разменуваа со љубениот. Потоа од питос со црвено вино прв пивнуваше Филип, младоженецот, потоа од истото грло и таа Олимпија, невестата. Потоа се бакнуваа. Бакнежот траеше долго, не можеа да се разделат. И дури тогаш се фаќаа пеаните, ората, стапките и тапаните. Македонците воскликнаа ,музиката се крена кон небесата.

Филип на својата љубена и дари една лубеница, ја преполови со мечот, налеа во неа мед и вино и црпеа со питосите. Потоа се бакнуваа, се милуваа, телата им се спојуваа. Олимпијада му ги пееше Дионисовите химни, му ги бакнуваше лузните од македонските битки испишани по телото на македонскиот цар. Му даруваше благост. Три дена не излегуваа од царските двери потоа му јавија на Филипа дека  Македонија е нападната и излета го понесе некоја веда во една од македонските победи.

Од таа љубов се роди Александар Македонецот кој го слават сите раси вери и религии. Печат со лик на лав му беше даден од Херакле, Артемидниот храм

во Ефес изгоре оти во него имаше од учењето на огнот, коњот на Филип победи во Олимпија оти не можеше да биде победен во ниту една битка. Така запишала историјата. Така Господ Бог сакал да биде.

Олимпијада никогаш не ја заборави жешката македонска житница каде на грбот на коњчето му ја подаде својата рамна снага убава на македонскиот цар. Го чуваше тој сладок спомен во најскриеното катче на нејзиното срце. Како нешто кое ве крепи лекува и подмладува за нови верби и подвизи. Не, не може да се живее без љубов, без споменот за љубовта.

## ЗА СОЛУНСКИОТ СОН

Ми се јави еден човек на телефонот и ми зборуваше на растреперен англиски. Рече дека "нема да има проблеми за на фестивалот?!" Отпрвин мислев дека се јавуваат од Барселона, потоа узнав дека зборувам со Солун. И потоа ни ја пуштија програмата на фестивалот "4th International Panorama of Independent Film Makers" на која пишуваше дека "Бакни го сонцето" се натпреварува во официјалната конкуренција за награди како единствен филм од Македонија.

Недалеку од античкото светилиште таму во "Аргатико центарот" во срцето на градот одеше еден македонски филм. Очевидците рекоа дека ова е трет филм во република Грција кој се прикажува во Солун. Трет филм од Македонија. После "Прашина" "Пред дождот" на Милчо Манчевски еве дојде редот на "Бакни го сонцето" на МРТВ и "Скрб и утеха". Трета среќа рече еден од очевидците. Со бакнувањето.

Над "Аргатико" се наоѓа поранешната Турска управа, сега Министерство за Македонија и Тракија. На челото на зградата се насмевнува Александар. Долу се отвора мирисот на белото море. Ако тргнете по улицата Аристотел до плоштадот со истото име и од левата страна ќе ве повика Беаз куле, Белата кула како што ја нарекле Грците, Македонците, ех...

На улицата Аристотел бр. 32 се прикажуваше филмот во Работничкиот центар на Тесалоника, царската ќерка, убавицата, посестрима на Александра, чедо на Филипа. Не дочека благородното лице на Панајотис Ционидис директорот, душата на солунскиот фестивал. Збор-два за расизмот, за човековите права, за тоа дека половина свет нема доволно храна за децата, се разбравме како соседи и луѓе...по стапките на Аристотел.

Отидовме, отидовме да ни мине "скрбта" во Беаз куле. Не повика еден во униоформа да влеземе. Ни објаснуваше дека влезот е слободен. Горе на кулата капки несени од морскиот ветер ни го солат здивот, македонската зандана каде се положени македонски коски во темелите .Каде коските ги имаат оставено многумина од Македонците.

Проекциите течеа по утврден ред од 17 до после 24 часот. Недела дена докуметнарни филмски проекции од речиси цел свет. Македонскиот филм одеше околу 19 часот по грчкото време. Бевме присутни тројца од екипата на продукцијата "Дион" при "Скрб и утеха", режисерот Владе Денчов, продуцентот Игор Стојановски, сценаристот и еден од актерите - авторот на овие редови. И се случи грешка, наместо нашиот филм одеше некој матријал од "Охридско лето". Реагиравме веднаш. Игор отиде

во хотелот и ја донесе резервната копја. Потоа тргна "деноносијата". Сонот на Едмонд Сотир, Македонец од село Леска во Преспа во Албанија во кој се срекаваат Александар Македонски, Апостолот Павле и првата христијанка во Европа, Лидија и еден Самоилов војник. Тоа е четврти фестивал на "Бакни го сонцето" после Црна Гора, Босна, Чешка еве сега и во солунско. Не е лесно да се пушти ваков филм во Република Грција, за слободата на солунскиот фестивал треба да му се честита на Панајотис Ционидис директорот на истиот.

Мечот излезе од утробата на земјата. Една рака го позема. Потоа тргна "деноносијата", стар македонски адет за помирување, се сретнаа Апостолот Павле, царот Александар Македонски, Лидија се претвори во пиле и летна, окото на Самиловиот војник се исцели и тргна налетот на фалангата. Страшна енергија која ве смрзнува. Едмунд се буди од сонот со репликата:

"Еден ден Македонија повторно ќе биде едно?!"

Во "Аргатико" тишина која ѕемне. Излеговме надвор на солунскиот морски воздух. Штета што МРТВ не испрати екипа сето тоа да го документира како што доликува.

Ноќта ја сонував Тесалоника. Со долга руса и разлулеана коса играше древни аполонови ора и и пееше пеани за недофатната љубов. Со трофки бакнувања на медните усни на царската Филипова ќерка, Александровата посестрима. Ми подаде бокалче, мал питос со древно-македонско вино и ме бакна со царската страст. Ех, убост. Медното вино и усните на Македонката.

Се разбудив од солунскот сон. Ветрот ја нишкаше завесата од белконот во хотелот Олимпија. Во думите сеуште ме милуваше распуштената коса на царската македонска принцеза. На соседниот балкон една солунчанка димеше од цигарата во ноќницата. Ме виде и се тргна како исплашена препелица. Ме расони. Ме врати во јавето.

Утрината отидовме до Отоманската банка. Внатре положивме свежо цвеќе за македонските Солунски атентатори. Беше урната до темел од Македонците. Денес е музичка академја. Бевме и во Црквата Свети Димитрија пред моштите круната на светецот кој е заштитник на градот и на улицата Мирка Гинова во Солун, во Тесалоника.

Беше тоа една културна размена меѓу две соседни земји. Меѓу едната и другата Македонија. Треба да живееме како нормални и цивилизирани суштества. Доволно беа "македонските"војни. Канцеларијата за врски на Хеленската република не неправи никакви пречки за слободен проток на културната размена. Ни издаде визи како што е ред. Можеби изгрева новото сонце над солунското поле?

Заминуваме за Републикава. Зад нас ги оставаме Пела, Дион, Олимп, Кутлеш (Вергина) кои и нам ни се дел од историјата. И прекрасната и прелестна Тесалоника.

Штом клепките ќе ми ги препокријат очите пред мене се појавува со сета рамна снага убава и насмеаното, прелестно лице и размрсената коса Тесалоника. Пивнувам румено вино од слатките усни на Македонката.

"Бакни го сонцето, бакни го сонцето, Македонијо!" Само љубовта и вербата во Бога не

умираат. Живеат вечно. И солениот ветер на Посејдоновото, белото море

## ЗА МАКЕДОНСКИОТ ИЗМИРСКИОТ СОН

Тогаш вторпат ја прекршивме реката. Автобусот сопре. Патниците-намерници излегоа. Ние тројцата ги собувме чевлите и ја прегазивме реката. Се работеше за славниот Граник, за денешниот Еникој, таму накај Анадолија, првата река која на Александар му ја дарува победата. Така барем пишува во историјата дека Александар и Македонците првата битка ја фатиле на таа река , со Персјанците на Дариј Третиот. Излеговме на другиот брег. Патниците не гледаа со чудење. Потоа откако им кажавме дека сме од Македонија , се насмевнаа, рекоа само Искендер(азиско име за Александар) и не гледаа со восхит и чудење.

На македонскиот цар му се јави ангел во сонот и му претскажа дека градот и по 2000 Божји години ќе биде свето место. Таму каде го возобнови Артемидиниот опожарен храм, во блескавиот Ефес. Таму каде изгоре храмот ноќта кога бидна неговото родение. Тогаш и секогаш.

Утрото пред Орфеј да го поздрави јасното сонце, ја построи фалангата и ги замоли да запејат молебен пеан за смирнение:

Мако ле земјо ле,
Водо ле душо ле,
Небо ле сило ле,
Огну ле гори ме
смрнение нек биде...

Се наежив. Ме полазија трпки, Некаков немир. Ми пријде едно чупе и ми даруваше статуетка на Божица. Ефес , ми рече. Покажа со очите таму во удолот. Во надолот, во Анадолија. Рече тоа копија на Артемида. Висока, бела, горда, стројна. Чиниш живее во белината на мермерот. Татни. Првин помислив дека ја пронајдов Божицата Тиха мојата именителка. Или некоја древна Артемида. Сепак на преминот од матријархатот во патријархатот, од периодот кога владееја жените до денешните состојби на мајката земја беше култот кон Божиците. Артемида. Тиха. Изида. Деметра. Божицата -МА. Котито. Големата мајка...

Беше Рамазан , се постеше во Турција. Одевме на нашиот петти фестивал со филмот "Бакни го сонцето" на интернационалниот фестивал во Измир. Во потрага по смирненето. Таму во удолот на Анадолија. Во Измир. Интересно македонското име е многу слично, Смирна. Да се потсмириш?!

Филмот одекна. Штамата траеше цел век. Потоа одговаравме на прашањата. Ние од продукцијата "Дион" при "Скрб и утеха".

"Знаеме ние кои се Македонците?! "рече еден човек. Професор на Истамбулската филмска школа. "Знаеме!?"

"Александар како го велите голем или Македонец?" - ни раскажува Јашар Далгис. Опитал еден свој другар во Италија.

"Не ме прашувај политка?!" - му одговорил другарот.

Се смееме слатко. Историјата треба да не зближува , а не да не намразува. На прес конференцијата на фестивалот се зборуваше на македонски

јазик. Во преводот ни помогнаа Македонците од Мениса, Џевдет Џомерт и Музафер Ѓулсиу. Друмуваме со нивниот автомобил накај Ефес. Татни музиката. Девет ни зурли свиреа, десет тапани чукаа, запеавме пеани си ја отворивме душата. Потоа бевме горе над Ефес, таму во сонот на македонскиот цар. Во куќата на мајка Богородица.

И така сме заспале. Ние седум души човечки. Се разбудивме по 150 години. Или по 2000 години. Можевме да го доживееме македонскиот сон. Заспавме онаа вечер кога не построи Александар и ни зборуваше дека тука во Ефес по 2000 Божји години ќе биде свето место. И би домот на мајката Божја Богородица. Се разбудивме. Местото на кое се имаат успано Македонците е токму пред нас. Така. Ефес и домот на Богородица се еден над друг. Вишнеет во некаква древна светост. Суштествуваат во македонскот сон. Во сонот на Александра.

Оваа приказна ни ја раскажаа Џевдет и Музафер. Јас само ја толкувам сторијата. Палиме свеќи, се замиваме со светата вода и оставаме по некоја молба во домот на Богородица. Потоа драмуваме до Ефес. До храмот на Артемида. Потоа пиевме Артемидино вино и пеевме пеани на зајдисонцето.

На фестивалот беа прикажани преку 150 филма од 22 земји. Нам , покрај Германците и Иранците ни беше дадена честта да снимиме 4-тири минутен филм за љубовта во Измир. Сниматеп беше едно убаво чупе Селам Јаилси од Измирската академија. Филмот го нарековме "Јано мори". Се разбира не се може без македонската песна. И насмевката на сниматепката.

Во Истамбул во археолошкиот музеј е положен

саркогфагот на Александар. И тоа беше дел од нашата културна мисија. Повторно го прегазивме Еникој, поранешниот Граник. За жал тоа не им појде од рака на многумина од Македонците. Се имаат послано по светот со својата македонска верба. Не пречека мугрaта, црвената зора на Босфор, меѓу Бургас и Стамбол. На фестивалот оставивме дел од својата љубов и посвета. И деветте зурли и дестте тапани кои свиреа и чукаа заедно со брановите на Посејдон блиску до белото, белото море. Беше тоа уште едно бакнувања на сонцето овојпат во Измир, Турција на тамошниот филмски фестивал. Потоа го читам Нострадамус: "Ќе дојдат тримина од светата земја во градот на смирението и ќа започне новата ВЕРА..."

"Како може да се бакне сонцето?" - на опитаа. Насмевки. Затворете ги клепите и обидете се, се работи за нешто убаво, за бакнувањето и Господ нека ве варди од зло...

# БИОГРАФИЈА НА АВТОРОТ

Тихомир Стојановски е роден на 8 септември 1963 во Скопје. Дипломирал на Факултет за Драмски уметности 1988. За време на студиите учествувал во работата на "Театарска работилница ФФ"при филозофскиот факултет во Скопје. 1988 година го основа "Скрб и утеха" заедно со Владе Денчов. Од 1990 е избран за асистент на предметот "Сценски говор со техника на глас" кај проф.Костадин Дрваров при ФДУ Скопје каде што е во работен однос до денес. Тој е уметнички директор на К.Ц."Скрб и утеха".Автор на драмски дела, сценарија за докуматарни и играни филмови, поезија, актер во театарот "Скрб и утеха". Автор на книгите:"Друм за Македонија"1997, "Времето на скрбизмот"1998, "Силата на сценската гласност"1999, "Драми - Денносии"2000, "Скршеното копје на псевдонимот" 2002.



| | |
|---|---|
| Издавач | Д.К.З.А. "СКРБ И УТЕХА" |
| Едиција | ЛИЦЕУМ |
| Уредник | ИГОР СТОЈАНОВСКИ |
| Автор | ТИХОМИР СТОЈАНОВСКИ |
| Наслов | ГИМНАЗИУМ |
| Лектор | ЕЛЕНКА СТОЕВА ДЕНЧОВА |
| Печати | НАМ - СКОПЈЕ |
| Тираж | 1000 |


Досегашни изданија :

Друм за Македонија - Т. Стојановски

По трагите на славните Македонци - А. Маркус

Времето на скрбизмот - Т. Стојановски

Не постојат тајни - П. Брук

Силата на сценската гласност - Т. Стојановски

Македонски древни вредности - А. Маркус

Драми - Деноносии - Т. Стојановски

Сон од страст - Ли Стразберг

Скршеното копје на псевдонимот - Т.Стојановски

На актерство - Л. Оливие


КУЛТУРЕН ЦЕНТАР СКРБ И УТЕХА

"ДАМЕ ГРУЕВ" 3-2/18 , 1000 СКОПЈЕ , МАКЕДОНИЈА

Телефон: (++ 389 70) 35 16 59 / 35 15 82

Факс: (++ 389 2) 22 21 75

Е-пошта: skrbiuteha@mt.net.mk , skrb@mail.com



ISBN 9989 - 9557 - 7 - 8